ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# В О Д И Ч

## НИЗ МИКРОФИЛМУВАНАТА АРХИВСКА ГРАЃА ОД СТРАНСКА ПРОВЕНИЕНЦИЈА

Скопје, 2006

*Издавач: Државен архив на Република Македонија*
*За издавачот: м-р Сашо Јанкуловски*
*Редакција за изработка на Водичот: Љупчо Зоров, Кирил Јордановски, Соња Поповска, Петар Зајковски и м-р Ристо Христов*
*Подготовка на публикацијата: Љупчо Зоров, Кирил Јордановски, м-р Ѓорѓи Стојчевски, Тронда Пејовиќ, Марија Ивановска, Виолета Стојанова, Аленка Лапе, Сузана Стамболиска-Мечевска*
*Коректура: Тронда Пејовиќ, Соња Поповска*
*Компјутерска обработка: Одделение за АОП*
*Умножување и укоричување: Одделение за заштита на архивска граѓа*

# С О Д Р Ж И Н А:


**Вовед** ........................................................................................................5

**Австрија**.....................................................................................................11

**Бугарија** ......................................................................................................23

**Велика Британија**........................................................................................53

**Германија Сојузна Република** ....................................................................65

**Германија Демократска Република** ............................................................75

**Италија** ........................................................................................................79

**Русија**...........................................................................................................89

**Соединети Американски Држави** .............................................................107

**Франција**.....................................................................................................121

**Швајцарија** .................................................................................................147

## ВОВЕД

Од самото основање во 1951 година, Државниот архив на Република Македонија започна со трагање по разнесеното историско богатство, кое продолжува и денес, кога славиме јубилеј од 55 години. Основната цел на ова трагање е збогатување на депоата на Државниот архив на Република Македонија со документи што ќе фрлат дополнителна светлина врз минатото на еден народ, чие постоење било и сѐ уште е предмет на негирање.

Потребата од истражувања во странските архиви е согледана уште пред основањето на Државниот архив на Република Македонија. Беше сосема јасно дека ниту едно поважно прашање од нашата национална историја не може научно да се обработи без да се консултираат и да се користат документите згрижени во странските архиви.

Димче Стојанов-Мире, еден од основачите на архивската дејност во Македонија, со својата девиза „без документација нема нација", ќе успее да се избори кај надлежните органи да обезбедат средства за систематска истражувачка работа во странство.

Систематските истражувања во странство, координирани преку Главниот архивски совет на ФНРЈ и Академскиот совет на ФНРЈ, Македонија ги започнала уште во далечната 1952 година, кога двајца истражувачи беа испратени во Турција, а од 1953 година истражувањата се прошируваат и на Австрија.

Од 1959 година Државниот архив на Република Македонија ги почнува систематските програмирани истражувања во странство. За спроведување на истражувачките активности се ангажирани голем број научни работници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и од Институтот за национална историја. Од деведесеттите години на минатиот век во истражувачките активности почнаа да се вклучуваат и архивски работници од Државниот архив на Република Македонија.

Со постигнатите резултати од истражувањата во странство Државниот архив на Република Македонија се избори и прерасна во матична институција - координатор на истражувањата во Република Македонија.

За разлика од истражувањата на научните работници, кои најчесто се насочени кон одредени теми, настани, личности и одделни документи, истражувањата на архивските работници се покомплексни и посистематски, односно фондовски, и тие се диктирани од потребата да се обрати внимание на помалку проучените периоди од нашето минато.

Истражувањата на Државниот архив на Република Македонија отсекогаш беа насочени кон центрите на политичката моќ од XIX и првата половина на XX век, онаму каде што се кроела и се крои судбината на Европа, а посебно судбината на Балканот. Државниот архив на Република Македонија спроведуваше систематски истражувања во: Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, СР и ДР Германија, Грција, Италија, Канада, Полска, Романија, САД, СССР, Турција, Унгарија, Франција, ЧССР, Швајцарија, Шведска и во Шпанија.

По распаѓањето на поранешната југословенска федерација и прогласувањето на Република Македонија за суверена и независна држава, интензитетот на истражувањата во странство се зголемува. Државниот архив на Република Македонија започнува соработка на повисоко ниво, склучувајќи билатерални договори за соработка со соодветни архивски служби и институции (со некои земји договорите се обновени по втор и третпат) во Турција, Бугарија, Романија, Словенија, Албанија, Полска, Австрија, Италија, Велика Британија, Германија, Унгарија, Хрватска, Франција, Црна Гора, Шведска, Србија и Црна Гора, Руската Федерација и во Босна и Херцеговина, со Институтот за славјановедение и балканистика при Руската академија на науките, Архивот на Руската академија на науките во Санкт-Петербург и со истражувачкиот институт при Меморијалниот центар за Холокаустот во Вашингтон, и др.

Со добивањето независност и со меѓународното признавање на Република Македонија Државниот архив на Република Македонија стана полноправен член на Меѓународниот архивски совет. Тоа значеше вклучување на Државниот архив на Република Македонија во работата на телата на МАС

и вклучување во Меѓународниот информативен центар за изучување на изворите за историјата на Балканот и на Медитеранот со седиште во Софија.

Истражувањата за постариот период од историјата главно беа насочени кон Ватикан и Света Гора во Грција, кон Русија како и кон Турција за докомплетирање на дотогаш малку проучените средновековни - старословенски ракописи и пописни дефтери од XV и XVI век. Најголемиот дел од истражувањата се насочени кон периодот на преродбата во XIX век и востаничките активности на Македонците (1878, 1903), Балканските војни, поделбите на Македонија и Првата и Втората светска војна.

Затоа поголем акцент е ставен на истражувањата на фондовите на министерствата за надворешни работи на Велика Британија, Франција, Италија, Германија, Австрија и на балканските земји. Особено внимание им е посветено на извештаите што странските конзули ги испраќале до своите министри од територијата на Македонија.

Резултатите од повеќегодишните истражувања во странство му овозможија на Државниот архив на Република Македонија да покрене издавање на повеќе едиции на документи, како што се: „Австриски документи за историјата на македонскиот народ“, „Турски документи за историјата на македонскиот народ“, „Британски документи за историјата на македонскиот народ“, „Француски документи за историјата на македонскиот народ“, „Италијански документи за историјата на македонскиот народ“, „Српски документи за историјата на македонскиот народ“, „Егејска Македонија во НОБ“, „Егејска Македонија во Граѓанската војна“, како и повеќе тематски и поединечни изданија.

Како резултат на повеќедецениското систематско и програмирано истражување во странските архиви, Државниот архив на Република Македонија во своите трезори има собрано повеќе од еден милион микроснимки, кои се неодминлив извор за историјата на македонскиот народ и сведок за неговиот вечен стремеж и идеал да се избори за независна и суверена држава.

Целта на овој Водич е да се прикаже дел од документите истражени во странските архиви, со што тие ќе ѝ станат подостапни на научната и пошироката јавност. Велиме дел од документите, бидејќи во Водичов се

презентираат податоци за обработените микрофилмови од странска провениенција, за кои се изработени научно-информативни средства.

Во согласност со законските и подзаконските акти што го регулираат истражувањето во странските архиви и користењето на архивската граѓа, документите истражени во странство се достапни за користење по истекот на три години од нивното евидентирање во книгите на Државниот архив на Република Македонија. Истражувачот што ја донел архивската граѓа од странство добива приоритет за евентуално нејзино публикување.

Државниот архив на Република Македонија веднаш по основањето, кога почнале и првите истражувања во странство, се соочил и со кадровски проблеми околу обработката на архивската граѓа истражена во странство. Надворешните соработници, кои во почетокот се јавуваат како истражувачи, немале обврска да подготват НИС за микрофилмуваната архивска граѓа. Дел од фондовите што се среќаваат во Водичот имињата ги добиле при евидентирањето во книгите на Државниот архив. Фондовите истражени во странство најчесто се водат како фондови на министерствата за надворешни работи на соодветните земји или институции. Во почетните години на истражувањето научните работници вршеле тематски истражувања, поради што на една микрофилмска лента се преснимени делови од повеќе различни фондовски целини. Архивската граѓа истражена во странство ги носи своите оригинални сигнатури. Насловите на фондовите во Водичот, кои се прикажани само на македонски јазик, а не се преведени на соодветниот јазик, најчесто називите ги добиле при евидентирањето во книгите на Државниот архив на Република Македонија. Од тие причини тие не се даваат во преведена форма. Исто така, дел од фондовите се прикажани само со број, а не и со име, поради тоа што така се евидентирани во соодветните институции.

По однос на јазикот на микрофилмуваната архивска граѓа, се дава основниот јазик на кој таа е напишана на крајот на институцијата или земјата. Ако на одредена микрофилмска лента архивската граѓа е на повеќе јазици наведени се сите јазици, при што посебно е нагласен јазикот кој преовладува. На секоја микрофилмска лента, во која станува збор за дипломатска преписка, се среќаваат документи на повеќе странски јазици, кои се прилог на доставените акти.

Ентузијазмот и потребата да им се помогне на научните проследувачи на ова непроценливо богатство на документи го натера нашиот колега Кирил Јордановски да се зафати со систематизирање и групирање на истражените документи во форма на микрофилм. Неговата макотрпна повеќегодишна работа на оваа проблематика ги натера надлежните служби и извршители систематски и плански да пријдат кон разоткривање на содржинските податоци за истражената архивска граѓа од странска провениенција.

Со вклучувањето на сите извршители од Државниот архив на Република Македонија со познавање на одредени странски јазици овозможено е публикувањето на Водичот на микрофилмувана архивска граѓа од странска провениенција. Се надеваме дека тој ќе предизвика голем интерес, особено кај научната јавност.

Во Водичот, по азбучен ред се наведени податоците за земјите од кои е истражена архивската граѓа, како и за институциите во кои таа е згрижена. Исто така, тој ги содржи и називите на фондовите, граничните години и содржинските податоци за истражената архивска граѓа.

За разлика од тематските истражувања, при фондовските истражувања, во рамките на одредена фондовска целина, може да се најде и архивска граѓа што не се однесува на историјата на Македонија.

Пред Државниот архив на Република Македонија во блиска иднина стои предизвикот да подготви и да публикува водич или соодветно научно-информативен содржински преглед за ксерокскопираната архивска граѓа од странска провениенција.

# АВСТРИЈА
# ÖSTERREICH

## КУЌЕН, ДВОРСКИ И ДРЖАВЕН АРХИВ - ВИЕНА
## HAUS-, HOF- UND STAATSARCHIV WIEN

*Број на микрофилмови: 46*

*Содржина:*

1. 1904-1906 г. Сигнатура: XIV/177

***ФОНД: АВСТРИСКИ КОНЗУЛАТ - СОЛУН, ИЗВЕШТАИ***
***ÖSTERREICHISCHES KONSULAT - SALONIK, BERICHTE***

Информации за дејствувањето на Македонскиот комитет; податоци за четите низ Македонија и нивното дејствување, бројот на комитите и нивните војводи, бројот и имињата на жртвите, како и судири на турска војска со македонските комити.

2. 1906-1907 г. Сигнатура: XV/169

Востанички печат во некои градови во Македонија; тешката положба на Македонците и нивно иселување од Македонија.

3. 1910-1911 г. Сигнатура: XV/175

„Закон за четите“ - обработен; на иницијатива на Јане Сандански се организира протестен митинг против населувањето на Мухамеданците во Македонија; политичката состојба во Солунскиот вилает; антагонизмот меѓу Младотурскиот комитет и турската војска; ставот на комисијата спрема Сандански.

4. 1911-1915 г. Сигнатура: XV/176

Состојбата во земјата, внатрешни прилики, формирање политички клубови; информации за Албанија; информации за Сандански; положбата на христијаните; подготовки на турската влада за реформи во Македонија; дејност на четите.

5. 1902-1915 г. Сигнатура: XV/177

Информации за Македонскиот комитет /за членството, организацијата, вооружувањето, разидување во раководството и др./; хронолошки список на извршените атентати од македонските чети во Солун; Закон со кој се регулира управата на Грција во заземените територии на Македонија; Букурешки мир; податоци за иселувањето од окупираните територии и доселување на нехристијанско население во Македонија; шарени етнографски прилики и национални и религиозни нетрпеливости; руско политичко влијание.

6.1901 г. Сигнатура: XVI/192

Дејноста на четите во Македонија; Затворање на членови од Организацијата и опасност истата да биде откриена; Судски процеси против македонската интелигенција.

7. 1897-1901 г. Сигнатура: XVII/193

Известување околу можностите за востание во Македонија; агитација на грчки чети во Македонија; Српската пропаганда и политичката атмосфера во Македонија; Дејствувањето на македонскиот комитет и илегалното внесување на оружје во Македонија.

8. 1867-1874 г. Сигнатура: XVII/200

Ситуацијата во Солун; Преписка во врска со востанието во Македонија; Положбата во Македонија.

9. 1834-1878 г. Сигнатура: 318

***ФОНД: АВСТРИСКИ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО СОЛУН***
***ÖSTERREICHISCHES KONSULAT - SALONIK***

Информации во врска со верата, школството, трговијата; Постоењето на разбојничка банда составена од Албански доброволци; податоци за населението; Петиција на Македонија против припојување на Битола кон Кнежевството Бугарија; Навлегување на Австрија во Македонија и подготовки за востание.

10. 1909-1911 г. Сигнатура: XIII/156

***ФОНД: АВСТРИСКИ КОНЗУЛАТ, БИТОЛА, ИЗВЕШТАИ***
***ÖSTERREICHISCHES KONSULAT - MONASTIR, BERICHTE***

Целиот филм се однесува на Битола:
Ситуацијата по Младотурската револуција; апсење на поранешните членови на Организацијата и политичките прилики во Македонија; албанските клубови и митингот во Битола; фаворизирање на српската пропаганда од Младотурците, Конгрес за Куцовласите; растурање на воени судови во Битола; односот на Младотурците - Порта; основање комисија „Османско братимување“.

11. 1911-1913 г. Сигнатура: XIV/157

Борба на фракциите во Младотурската партија; Младотурскиот комитет во свои раце ја презема целата државна и административна власт, уфрлување на грчки и бугарски чети во Македонија; разочарување на Македонија од новонастанатиот режим, Ќустендилски конгрес на делегати на Организацијата; нуспешните преговори помеѓу членовите на Организацијата и албанските организации.

12. 1897-1899 г. Сигнатура: XV/180

Дејноста на Македонскиот комитет; отварање српски училишта во Македонија; антагонизмот меѓу Бугарија и Србија во Македонија; доделување берати на 3 егзархии во Македонија; Печалбари Македонци во Бугарија, Романска училишна пропаганда.

13. 1891-1896 г. Сигнатура: XVI/181

Романски училишта во Македонија; Романска црква во Македонија; работата на српскиот конзулат во Битола; отварање на Романски конзулат во Македонија; отворање на француски вицеконзулат во Битола; уфрлање на бугарски вооружени чети во Македонија; Афера - Штип; работата на истражна комисија на Портата, која не покажала резултати.

14. 1880-1885 г. Сигнатура: 53

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ - XV БУГАРИЈА***
***POLITISCHES ARCHIV - XV BULGARIEN***

Ситуација во Бугарија; Македонска лига; Односот на Бугарија кон Македонија, Петиција на Македонците од Софија по повод член 23 и 26

од Берлинскиот конгрес; Митингот во Софија и заклучоците по истиот; Прилози од весници кои го третираат македонското прашање.

15. 1900-1902 г. Сигнатура: 57

Предвостанички настани во Македонија
VIII Македонски конгрес одржан во Софија; написи и коментари во весници со прилози околу Македонија; забелешки од Виена: „ Шансите за едно востание во Македонија“, расположението во Македонија, национални разлики во Македонија, однос и ставови на големите сили; податоци во врска со грабнувањето на мисионерката Мис Елена Стон, Македонско-Одрински комитет, борбата меѓу двете крила и гласовите за револуционерното движење во Македонија.

16. 1896-1918 г. Сигнатура: 62

Реформски акции во 3-те вилаети Солун, Косово и Битола; повторно активирање на Организацијата и барање да се реши македонското прашање; резиме од одржаниот митинг во Софија; дипломатска борба меѓу Бугарија и Србија околу Македонија; Меморандум на Македонија од Софија; Бугарија реагира за ситуацијата во Македонија - односно за состојбата на Македонија под српска власт.

17. 1861 г. Сигнатура: LXXXIII/986

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ - XII, ТУРЦИЈА***
***POLITISCHES ARCHIV - XII, TÜRKEI***

Извештај од Цариград до Министерството за надворешни работи во Виена во кој го известува за отварање Руски конзулат во Битола.

18. 1861-1869 г. Сигнатура: LXXXIII/987

Информација за рускиот конзул во Битола.

19. 1868-1869 г. Сигнатура: LXXXIV/998

Извештај од Цариград во кој се даваат податоци за школство, околу прашањето за железнички линии, односите меѓу Бугарија и Србија во врска со црковните прашања, активностите на католичката црква во Македонија; состојбите во Бугарија; ситуацијата во Србија.

20. 1876-1877 г. Сигнатура: LXXXIV/1010

Текст од турскиот устав; Цариградска конференција.

21. 1877 г. Сигнатура: LXXXV/1011

Цариградската конференција; административната поделба и незадоволството кај народот во Битола.

22. 1877-1880 г. Сигнатура: LXXXV/1015

Став на големите сили кон земјите под турската управа и заштитничкиот став на Русија кон овие земји; Српско-Турската војна; податоци за Сан Стефанска Бугарија.

23. 1880 г. Сигнатура: LXXXV/1016

Препис за услови за мир; последици од Сан Стефанскиот мир.

24. 1878 г. Сигнатура: LXXXV/1017

Протести од македонски општини во врска со припојувањето на Македонија кон Бугарија, протести на турско население во Битола за припојувањето.

25. 1877-1880 г. Сигнатура: LXXXV/1018

Протести на исламското население.

26. 1877-1880 г. Сигнатура: LXXXV/1019

Протести против административната поделба, Родопска комисија.

27. 1877-1880 г. Сигнатура: LXXXV/1020

Ставови на големите сили за ситуацијата во Турција; востание во Македонија и неговото задушување, Берлински договор.

28. 1878-1880 г. Сигнатура: LXXXV/1021

Берлински договор; задушување на востанието во Македонија.

29. 1882 г. Сигнатура: LXXXVI/1023

Барање на бугарската егзархија за добивање берати за бугарската митрополија во Македонија.

30. 1881-1894 г. Сигнатура: 167

Вооружувањето на македонците во Бугарија; експанзионистички стремежи на Австро-Унгарија кон Македонија; руска акција за основање Балканска конфедерација; акција за обединување на Источна Румелија со Бугарија; информации за злочини во Македонија; комитетот во Софија, односот меѓу патријаршијата и егзархијата; бунт во Албанија; навлегување на бугарски банди во Македонија; руско-француски интриги околу Македонија; градење железничка линија која ќе ги поврзува Бугарија и Македонија; српската пропаганда.

31. 1894-1902 г. Сигнатура: 168

Односот на балканските земји со Турција и нивните аспирации; Статистички податоци за Романци во Македонија и за црковната автономија, митинг во Софија, став на големите сили за положбата во Македонија, иселување на Македонци, формирање на вооружени групи - македонско движење, работа на Македонскиот комитет во Софија и немоќта на бугарските власти да ја спречат нивната работа, Скопска митрополија; во Македонија може да се дигне востание без помош од надвор; Борба за духовна/црковна превласт во Македонија.

32. 1904-1905 г. Сигнатура:169

Ситуацијата по востанието; Приликите во Македонија, слаб успех на акцијата за спроведување на реформите, Таен сојуз меѓу Бугарија и Србија, Романска активност, идеја за повторна изградба на разурнатите села во Македонија по востанието и пропагандите во Македонија.

33. 1905-1911 г. Сигнатура: 170

Навлегување на бугарски чети во Македонија; положбата на христијаните во Призрен, навлегувањето на Австро-Унгарски трупи во Турција; Судири на комитите со турски чети; намерата на турската влада за затворање на егзархиските школи; Дејноста на Италија на Балканот; Меморандум до Портата за заштита на населението; Последен таен конгрес на Македонскиот комитет; Политичките интереси на Германија и Франција кон Турција; Спогодба меѓу Бугарија, Србија и Црна Гора против Портата; доселување на мухамеданци во Македонија; Цивилни агенти; Кузовласи, Младотурската револуција и нивната активност за

донесување на Устав во 1876 год.; Доделување на општа амнестија на политичките престапници; Заострување на односите меѓу Србија и Австро-Унгарија; Избор на турскиот парламент; Комитетот на „Обединение и напредок“, во врска со албанското движење.

34. 1863-1913 г. Сигнатура: 317

Информации околу војската и воените едници; Албанско движење во Дебар и Призрен; Албанската акциона партија во Дебар; за идното конституирање на Албанија; приликите во Албанија; реформи во Македонија; работата на Македонскиот комитет; афери во Македонија - Штип /откривање на оружје/ и терор врз Македонците; информација за војводите од ВМРО; Отомански Срби во Скопје.

35. 1863-1913 г. Сигнатура: 316

***ФОНД: ПРАТЕНИЧКИ АРХИВ - ЦАРИГРАД***
***КОНЗУЛАРНИ ИЗВЕШТАИ***
***GESANDSCHAFTSARCHIV - KONSTANTINOPEL***
***KONSULATSBERICHTE***

Информации за верата и црквата; односот муслимани-христијани; колера во Солун; Албанска лига; Комитет во Македонија; Српска школа во Скопје; Приликите во вилаетот Косово; податоци за Берлински конгрес; статистички податоци за Македонија; судирот меѓу бугарските и турските чети; пљачкашките банди и незадоволството на христијаните; уфрлување на чети во Македонија; план за атентат на грчките конзули во Македонија од страна на Македонскиот комитет; населувањето на мухамеданци во Македонија; приликите во Турција по Младотурската револуција; односот на Сандански во врска со младотурската револуција нова административна територијална поделба на Македонија во заземените територии од страна на Грција и Србија; Заседание на Собранието на Отоманските Срби во Скопје; воените штети во вилаетот Битола; конфликти околу одредување на границите; Зближувањето меѓу Србија и Грција против Бугарија; посета на престолонаследникот Александар во Битола.

36. 1878-1908 г. Сигнатура: 359

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ - ПРУСИЈА***
***МИРОВЕН ДОГОВОР***
***POLITISCHES ARCHIV - PREUSSEN***
***FRIEDENSVERTRAG***

Берлински конгрес

37. 1878-1918 г. Сигнатура: 360

Неизменетите одредби на Сан Стефанскиот договор во однос на Берлинскиот договор; материјали за Берлински конгрес, Источна Румелија; Конференција на социјалистите во Стокхолм.

38. 1911-1918 г. Сигнатура: 361

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ, СВЕТСКА ВОЈНА***
***POLITISCHES ARCHIV, WELTKRIEG***

Околу воените македонски заробеници, присилното регрутирање на Македонците во српската војска, состојбата на Македонскиот фронт, Стокхолмски конгрес на социјалистичките партии.

39. 1904-1905 г. Сигнатура: 362

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ***
***ЦИВИЛЕН ПРЕСТАВНИК ВО МАКЕДОНИЈА***
***POLITISCHES ARCHIV***
***ZIVILAGENT IN MAKEDONIEN***

Околу реформите во Македонија; Мирцштетската програма и општата состојба во Македонија; Организацијата како најважен фактор во врска со востанието, за дејноста на четите на Груев и Тошев, Сугарев, црковни спогодби /егзархија-патријаршија/, за атентатите, борбата на Сандански со врховистите, дејноста на македонските чети под водство на познатите војводи, Конгрес на скопскиот революционерен округ, заклучоци од последниот Македонски таен конгрес.

40. 1906-1907 г. Сигнатура: 363

Атентати и борби во Македонија, антагонизам Бугарија-Србија; Уништувањето на четата на Сугаре; Пропагандите на балканските земји; Записници од седници на цивилните пратеници, водени од генералниот инспектор.

41. 1907 г. Сигнатура: 364

Заживувањето на четите во Солун и Битола; записници од состанокот на цивилните пратеници; наоружувањето на христијаните; за реформите во Македонија.

42. 1908 г. Сигнатура: 365

Ситуација во Македонија; Јазот во Организацијата - врховисти; Записници од состанок на цивилните пратеници; Пропаганда на балканските земји; Статистика за сторените злочини во Македонија од страна на Грција и Бугарија; Прогласување на Уставот од 1876 год.; Младотурска активност; за реформите во Македонија.

43. 1909 г. Сигнатура: 368

„Централниот комитет за обединување и прогрес“ - собир во Солун; Записници од состаноците на цивилните пратеници; ситуацијата на Младотурците во Македонија; врската меѓу Албанија и Младотурците; ставот на Македонија кон Младотурците; ставот на големите сили кон Младотурците.

44. 1896-1897 г. Сигнатура: 366

***ФОНД: АРХИВ НА АМБАСАДАТА ВО ЦАРИГРАД***
***ИЗВЕШТАИ ЗА СКОПЈЕ***
***BOTSCHAFTSARCHIV IN KONSTANTINOPEL***
***BERICHTE ÜBER SKOPJE***

Извештаи во кои се опишува ситуацијата во Скопје: истражна комисија; прекин на службата на српски јазик во грчката црква; Тешкото спроведување на реформите; Грчкиот православен митрополит Амброзиус; договор на Бугарија и Грција за заедничко дејствување во Македонија и навлегување на нивните чети; Италијанската аспирација кон Албанија.

45. 1897-1900 г. Сигнатура: 367

Гранични судири; Албанскиот таен комитет; Политичката состојба во вилаетот Косово; Отварање на бугарски цркви и училишта; Конфликтот меѓу Бугарија и Србија; вооружување на христијаните; Македонското прашање; Засилено доселување на мухамеданци во Скопје и иселување на христијаните.

46. 1877-1917 г. Сигнатура: 1305

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ АРХИВ- ДИПЛОМАТСКА ПРЕПИСКА***
***POLITISCHES ARCHIV - DIPLOMATISCHE KORRESPONDENZ***

Почеток на непријателствата меѓу Русија и Турција; Србија и објавува војна на Турција, Портата се обраќа за мир, Сан Стефано, реагирање на

населението, работата на странската комисија во Цариград, став на големите сили за Балканот, Балкански војни /подготовки, воени операции/; Прокламација за независност на Албанија; лондонски договор, зближување на Србија и Грција против Бугарија, настани пред II–та Балканска војна (објавување, тек и прекин), Букурешкиот мир, ставот на големите сили кон договорот и ревизија на истиот.

*Јазик: германски*

## АВСТРИСКА НАЦИОНАЛНА БИБЛИОТЕКА - ВИЕНА
## ÖSTERREICHISCHE NATIONALBIBLIOTHEK

*Број на микрофилмови: 2*

*Содржина:*

1. 1889 г. Сигнатура: LXXX/949

***ФОНД: КАРЛ ХРОН „НАРОДНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ СЛОВЕНИ“***
***KARL HRON „DAS VOLKSTUM DER SLAWEN MAKEDONIENS“***

Податоци за народноста на Македонските Словени.

2. 1919-1941 г. Сигнатура: 76

***ФОНД: СТАТИИ***

***1. ТРОЦКИ - ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ***
***2. Ј. САКАСОВ, НЕОСЛАВИЗАМ БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА И СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈА***
***3. О.Б. ВОЈНИ ЗА МАКЕДОНИЈА***
***4. Д. ПОПОВИЌ, ЗА МАКЕДОНИЈА***
***5. Ј. САКАСОВ, ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНИЈА***

***AUFSÄTZE ÜBER MAKEDONIEN***

***1. TROTZKI - IN DEN BALKANLÄNDERN***
***2. J. SAKASOV, NEOSLAWISMUS BALKANFÖDERATION UND SOZIAL DEMOKRATIE***
***3. O. B. KÄMPFE UM MAKEDONIEN***
***4. D. POPOVIKJ, ÜBER MAKEDONIEN***
***5. J. SAKASOV, DIE WAHRHEIT ÜBER MAKEDONIEN***

*Јазик: германски*

# ВОЕН АРХИВ ВИЕНА
# KRIEGSARCHIV WIEN

*Број на микрофилмови: 4*

*Содржина:*

1. 1689 г. Сигнатура: LXXX/955

***ФОНД: 1. ПОХОДИ ПРОТИВ ТУРЦИЈА***
***2. ЗАБЕЛЕШКИ И РЕФЛЕКСИИ НА СЛАВНО ОРУЖЈЕ НА АВСТРО - УНГАРИЈА***
***1. FELDZÜGE GEGEN DIE TÜRKEI***
***2. ANNOTATIONEN UND REFEXIONEN ÜBER DIE RUHMWAFFEN ÖSTERREICHS***

„Забелешки и одрази на победоносниот царски гроф" во 1689, наслов под кој се наоѓаат забелешки и коментари на царскиот гроф за неговата работа и службување. Изнесува свои забелешки за Пиколомини во Босна, пишува за Скопје.

2. 1917 г. Стокхолм Сигнатура: 78

***ФОНД: МАТЕРИЈАЛИ НА ДУШАН ПОПОВИЌ***
***MATERIALIEN VON DUSAN POPOVIKJ***

Мировниот проект и решавањето на Македонското прашање; односот на Бугарија и Србија во однос на Македонија.

3. 1783-1885 г. Сигнатура: 151

***ФОНД: $KI_A$, 9, 11, $KI_A$ 21,22,30,45***

Извештаи од патувања низ Македонија, податоци за населението, етнички состав на населението, статистички податоци за населението и нивно занимање.

4. 1689-1912 г. Сигнатура: 152

***ФОНД: ФРАГМЕНТИ ОД КНИГИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА МАКЕДОНИЈА***
***FRAGMENTE AUS BÜCHERN BETREFFEND MAKEDONIEN***

Книги, списанија, студии и прирачници во кои има податоци за македонското население; Австриски походи против Турција; Портрети на цареви и кнезови на Австрија, Пиколомини.

*Јазик: германски*

# БУГАРИЈА, Н Р БУГАРИЈА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
# БЪЛГАРИЯ, Н Р БЪЛГАРИЯ, РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ

## ЦЕНТРАЛЕН ДРЖАВЕН ИСТОРИСКИ АРХИВ
## ЦЕНТРАЛЕН ДЪРЖАВЕН ИСТОРИЧЕСКИ АРХИВ

*Број на микрофилмови: 49*

*Содржина:*

1. 1889 -1943 г. — Сигнатура: 4266
Снимки:1815

***ФОНД: 1075 - ДРУШТВОТО ИЛИНДЕН (1943)***

Сметкопотврди, расписки, фактури, списоци на лица и здруженија за нивните придонеси во фондот на Илинденската организација; сметкопотврди издадени од Илинденската организација на поединци за нивните услуги во текот на 1943 година

***ФОНД: 370 - ДИРЕКЦИЈА НА БУГАРСКАТА ПОЛИЦИЈА (1923-1942)***

Информации за: навлегувањето на комитските чети од Бугарија на територијата на СХС; формирањето на партијата Демократически сговор; оружениот инцидент на српско-бугарската граница; појавувањето на добруџански разбојнички банди и преземени мерки за борба против нив; барањето за одобрување средства за разузнавачки цели; дејствувањето на разбојнички банди; досието на членот на ВМРО Асен Николов за 1936-1937 година, во кое се зборува и за дејноста на Павел Шатев; навлегувањето на четиричлената група на ВМРО на чело со Асен Николов на југословенската територија заради спроведување терористички акции, за ранувањето и апсењето на Асен Николов; за македонските чети на Иван Михајлов, Протогеров, Бунев и др.

***ФОНД: 125 - ПУНДЕВ ВАСИЛ МАРИНОВ (1927-1935)***

Информации за статијата „Заситеност од теророт“ и брошурата „Братоубиство“ од Васил Маринов Пундев; за декларацијата од П. Шанданов за излегувањето од ВМРО на Георги Христов и Кирил Прличев; за брошурата „Еден позитивен одговор“ од Александар Протогеров и Г. П. Христов; за статијата на Херман Вендел „Ди Македонише фраге“ издадена од македонската студентска организација во странство; отчет за финансиското работење на Националниот комитет на Сојузот на македонските добротворни друштва во Бугарија.

*Јазик:* ***бугарски****, германски*

***ФОНД: 246 - БУГАРСКА ЕГЗАРХИЈА - ЦАРИГРАД (1889-1890)***

Информации за протестантската пропаганда во Прилепско и Поречка околија (Косовско), во Кукуш и за присвојувањето на нивните имоти во текот на 1889-1890 година; за отворањето на католички училишта на француски јазик во Бургас; програма и материјали од годишното собрание на Бугарското евангелиско друштво.

***ФОНД: 1075 - ДРУШТВОТО ИЛИНДЕН (1929, 1943)***

Пристапници за вклучување во Илинденската организација во Софија во текот на 1942-1943 година и за вклучување во друштвото „Илинден“ во текот на 1921-1929 година.

2. 1881-1946 г. Сигнатура:4267
Снимки:1512

***ФОНД: 125 - ПУНДЕВ ВАСИЛ МАРИНОВ (1931-1935)***

Отчет за финансиското работење на Националниот комитет на Сојузот на македонските добротворни друштва во Бугарија; декларација од П. Шанданов за излегувањето од ВМРО на Георги Христов и Кирил Прличев; брошурата „Еден позитивен одговор“ од Александар Протогеров и Г. П. Христов; статијата „Заситеност од теророт“ и брошурата „Братоубиство“ од Васил Маринов Пундев и др.

*Јазик:* ***бугарски****, германски*

***ФОНД: 246 - БУГАРСКА ЕГЗАРХИЈА - ЦАРИГРАД (1881-1891)***

Информации за: преписката на архимандритот Методи Кусев со К. Шапкаров, Биолчев, А. Г. Кусев и општините во врска со тепањата, грабежите, опожарувањата, убиствата, лежењето во затвор, католичката и грчката пропаганда, интригите и насилствата на грчките владици ; за одземањето на цркви и манастири, за Прилеп како просветен центар на Македонија, антинародното поведение на митрополитот Натанаил, односот на бугарското општество спрема Македонија; преписка на бугарскиот егзарх Јосиф за ширењето на протестантската и католичката пропаганда во текот на 1888 -1890 година и др.

***ФОНД: 370 - ДИРЕКЦИЈА НА БУГАРСКАТА ПОЛИЦИЈА (1921-1941)***

Досие на членот на ВМРО Асен Николов за 1936 -1937 година, во кое се зборува и за дејноста на Павел Шатев; навлегувањето на четиричлената група на ВМРО на чело со Асен Николов на југословенската територија за спроведување на терористички акции; за ранувањето и апсењето на Асен Николов.

***ФОНД: 1075 - ДРУШТВОТО ИЛИНДЕН (1932-1946)***

Записничка книга на друштвото „Илинден“ во периодот од 25.10.1942 до 28.07.1944 година.

***ФОНД: 370 - ДИРЕКЦИЈА НА БУГАРСКАТА ПОЛИЦИЈА (1921-1942)***

Записничка книга од состаноците на Привремената комисија за формирање на друштвото „Илинден“ од поранешните членови на Македонско-одринската организација, водена од 12.02. до 18.05.1921 година; записници од состаноците на органите и телата на друштвото „Илинден“ од 19.05.1921 до 25.11.1923 година.

***ФОНД: ДРУШТВОТО ИЛИНДЕН (1932-1943)***

Записници од состаноците на раководните органи и тела на друштвото „Илинден“ во периодот од август 1931 до септември 1946 година.

3. 1898-1965 г. Сигнатура: 4294
Снимки: 1392

***ФОНД: ЦАРСКИ БУГАРСКИ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ - СОЛУН***
***ЦАРСКИ БЪЛГАРСКИ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ - СОЛУН***
***БУГАРСКИ КОНЗУЛАТ - СЕРЕЗ И ДР.***
***БЪЛГАРСКИ КОНЗУЛАТ - СЕРЕЗ И ДР.***

Преписка на Бугарскиот генерален конзулат во Солун и Конзулатот во Серез со Министерството за надворешни работи и вероисповед во Софија и Царското дипломатско претставништво во Атина во врска со подготовките за востание во Македонија; состојбата на затворениците во грчките затвори; во врска со признавањето на правото на сопственост на лица што се преселиле во Бугарија, а имотите им останале во Грција; за состојбата во Македонската револуционерна организација; за односот на комитетите спрема пропагандите, положбата на населението и др.; за обидите на членовите на ВМРО за мирно решение на македонското прашање; за дејноста на Второто политичко одделение на МНР во врска со македонските работи; преписка на И. Михајлов во врска со македонското ослободително движење, дејноста на емиграцијата, политиката на бугарската влада спрема ВМРО, и др.; преписка на Кирил Прличев во врска со состојбите во ВМРО и политиката на Бугарија, смртта на Т. Александров, и др.; за разговорите на бугарскиот дипломатски агент во Петербург со руските претставници за македонското прашање; за политиката на Младотурскиот комитет, и др.

*Јазик: **бугарски**, руски, грчки, германски, француски*

4. 1897-1915 г. Сигнатура: 4297
Снимки: 1798

***ФОНД: БУГАРСКИ КОНЗУЛАТ ВО БИТОЛА***
***БЪЛГАРСКО ТЪРГОВСКО АГЕНТСТВО В БИТОЛА***

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија и со бугарските агентства во Скопје и во Солун за административните мерки на грчките власти против "бугарското" население; за апсењето на лица осомничени за соработка со Револуционерниот комитет, за судските процеси против нив и донесените пресуди; за теророт вршен од бугарските чети и за турската одмазда во селата; преписка меѓу бугарскиот трговски агент во Битола, МНР во Софија и претседателот на Св. синод за назначувањето на митрополитот Григориј; извештаи на Бугарското дипломатско агентство во Цариград, МНР во Софија и бугарските трговски агентства во Солун, Скопје и во Битола во врска со црковно-училишното дело во Македонија; извештаи за спорот меѓу егзархистите и патријаршистите; за апсењето на видни граѓани и учители обвинети за соработка со револуционерните комитети; за дејствувањето на револуционерните комитети во Македонија; за движењето на вооружените чети и за нивните акции; за Виничката афера и нејзините последици; протестна нота во врска со грабнувањето на мис Стон; за оружените судири меѓу четите и турските потери; за реорганизацијата на војската и засилувањето на жандармеријата; за ширењето на пропагандите и судирите меѓу нив; за реорганизацијата на војската и жандармеријата во врска со спроведувањето на реформите во Турската Империја; за теророт врз населението од собирачите на данок и од разбојниците; за ѕверствата на албанските разбојнички банди; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, грчки, француски, турски*

5. 1898-1903 г. Сигнатура: 4298
Снимки: 1787

Извештаи од Бугарското агентство во Битола до МНР во Софија, дипломатското агентство во Цариград и трговските агентства во Солун и во Скопје за злосторствата на Турците и односот на странските конзули; за масовното бегање на населението во Бугарија; за борбата меѓу Егзархијата и Патријаршијата и односот на властите кон оваа борба; за ширењето на соседните пропаганди; за населувањето на Албанците на македонски територии; за разбојништвата на албанските банди; за засилувањето на српската пропаганда; за напорите за преземање мерки за заштита на бугарските интереси во Македонија; известувања за насилни потурчувања, грабежи, убиства и малтретирање на народот од муслиманите; за финансирањето на егзархиските училишта и воведувањето на современ бугарски јазик наместо кирилометодиевскиот; статистички податоци за населението и изработка на етнографска карта

на Македонија; деловоден протокол за преписката на Агентството во периодот 1898-1903; и др.

6. 1898-1905 г.

Сигнатура: 4299
Снимки: 1789

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија и агентствата во Цариград, Скопје и во Солун за нападот на албанските разбојници на манастирот „Св Јоан“ во с. Рајчица; за престојот на руский конзул Ростковски во Дебар; за судењата на учителите обвинети за учество во комитетите; за судирите на комитските чети со турска војска и жандармерија; за политичките затвореници осудени на смрт или доживотен затвор; за осудениците испратени за Бодрум, Родос и Сирија; за формирањето турски комитети во Битола; за случајот на учителките обвинети за учество во „женскиот революционерен комитет“; за апсењата на лица обвинети за врски со комитите и положбата во затворите; за грабнатите лица заради откуп од страна на турски и албански банди; за масовните претреси, апсења и судења поради поседување на оружје и муниција; преписка во врска со напорите за признавање на бугарските трговски агенти во Европска Турција од страна на руският и др. конзули во Битола; известување за подобрувањето на односите меѓу Бугарија и Турција; за мешањето на Русија и Австрија во македонското прашање; за примената на реформите во Македонија; за разговорите меѓу бугарскиот агент и српскиот конзул за нивните интереси во Македонија и во Стара Србија; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

7. 1903-1912 г.

Сигнатура: 4300
Снимки: 1747

Преписка меѓу Бугарското трговско агентство во Битола и МНР во Софија, Бугарското дипломатско агентство во Цариград и агентствата во Солун и во Скопје во врска со реорганизацијата на турската полиција и жандармерија; за помошта од бугарската влада и други институции за настраданите од турските злосторства и за начинот на распоредувањето на помошта; извештаи за дејноста на Револуционерната организација во Битолскиот вилает и за оружените судири меѓу турските војски и востаниците; за засилените мерки на безбедност од страна на турските власти по Солунските атентати и зголемувањето на немирите во Битолскиот вилает; за воените засилувања на турската војска и нејзиното забрзано вооружување; за доделувањето помош во храна и облека во настраданите региони; за претресите за поседување на оружје и апсењата вршени од турските власти при гонењето на дејците на Комитетот; прегледи на бројот на затворениците и нивните дела во затворите во Македонија; списоци на политичките затвореници, извештаи за нивното судење и за амнестирањето на дел од нив; упатства за спроведување на

Мирцштегските реформи; деловодни протоколи на испратени писма; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, турски*

8. 1903-1905 г. Сигнатура: 4301
Снимки: 1817

Преписка меѓу МНР во Софија, Дипломатското агентство во Цариград и трговските агентства во Солун, Скопје и во Битола за: состојбата во Македонија; неминовноста од востание; предлогот за реформи до Високата Порта од Русија и од Австрија; дејноста на Револуционерната организација во Битолско; странските пропаганди во Македонија; решавањето на просветно-црковните проблеми; борбите меѓу патријаршистите и егзархистите; извештаи и протестни ноти за: атентатите во Солун; апсењата, судењата и егзекуциите на учесниците во атентатите; дејноста на Реформската комисија и примената на реформите во Македонија; разрешувањето и назначувањето странски конзули во Битола; одразот на положбата во Македонија во странскиот печат и заинтересираноста на европските сили за македонските проблеми; положбата по Илинденското востание и делењето помош од Балканската комисија во Лондон; теророт вршен од турските војници врз населението во Македонија; статистички податоци за националната, верската и јазичната припадност на населението од Охридската епархија; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, турски*

9. 1894-1907 г. Сигнатура: 4302
Снимки: 1820

Преписка на МНР во Софија со трговските агентства во Македонија во врска со назначувањето лекари и начинот на исплата на нивните примања; извештаи за оружени судири на турската војска со бугарските и грчките чети; за акциите на комитските чети и одмаздата на турската војска врз населението; за состојбата во затворите и проблемот со амнестираните затвореници; за емигрирањето на населението од Македонија; за борбата меѓу странските пропаганди во Македонија; за спроведувањето на финансиските реформи во Европска Турција; за влошената положба на населението во Битолскиот вилает и за злоупотребите при собирањето даноци по селата; за неправилностите во работата на Финансиската комисија; за претресите во селата во потрага по комити; за теророт и убиствата на невиното население; за убиствата, уцените и малтретирањата од турски и албански разбојнички чети; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

10. 1905-1907 г. Сигнатура: 4303
Снимки: 1783

Извештаи и преписка на МНР во Софија со Бугарското дипломатско агентство во Цариград и Трговското агентство во Битола за состојбата на училишното дело во Битолскиот вилает; преписка на Агентството со големиот везир на Битолскиот вилает за преземање строги мерки за спречување на судирите меѓу „Грците“ и „Бугарите“; во врска со бараниот кредит за локација за црква од страна на митрополитот Григориј; извештаи за теророт вршен од турската војска, грчките и арнаутските банди врз населението во Битолскиот вилает; за преминувањето на патријаршиски села под надлежност на Егзархијата; за ширењето на српската пропаганда и масакрите на невиното население вршени од грчки чети; за оружените судири меѓу турските војски и комитските чети; протести на МНР во Софија и бугарските агентства до цивилните агенти и до конзулите на големите сили против депортирањето на политичките затвореници во затворите во Мала Азија и во Африка; списоци на училишта што се затворени од турските власти и на учители на кои им забрането да ја вршат должноста; табеларни прегледи на штетите направени во текот на 1903 год.; прегледи и списоци на осудени лица од битолскиот Вонреден суд; статут и правилник на ВМРО; „Основи на ВМРО“ - брошура; и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, турски*

11. 1904-1907 г. Сигнатура: 4304
Снимки: 1785

Преписка на МНР во Софија со Бугарското дипломатско агентство во Цариград, Трговското агентство во Битола, Егзархијата, црковните општини и др.; извештаи за положбата на населението по востанието во Македонија; за односот на големите сили и на балканските држави спрема накедонското прашање; за состојбата на ВМРО и расцепот во Организацијата на централисти и врховисти; за начинот и текот на пребројувањето на населението во Европска Турција; за дејноста на странските пропаганди во Македонија; за посетата на странски дипломати во Македонија заради собирање етнографски податоци за решавање на македонското прашање; за ставот на бугарската влада за реформите во Македонија и за решавањето на македонското прашање; статистички податоци за состојбата на црковното и училишното дело во Македонија; извадоци од книгата на Брут „Основа на ВМРО“ за целите, задачите и организацијата на ВМРО; статистички податоци за четите во Битолскиот вилает и нивните војводи; инструкции на МНР во Софија до Дипломатското агентство во Цариград да преземе чекори за заштита на населението во Македонија од насилствата на турската власт; за судирите на четите на ВМРО со турски војски и грчки чети; и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, грчки, турски*

12. 1905-1908 г. Сигнатура: 4305
Снимки: 1828

Преписка на МНР во Софија и Дипломатското агентство во Цариград со трговските агентства во Битола, Солун и во Серез за теророт од турската војска и жандармерија врз населението во Македонија; за грчката пропаганда и теророт вршен од грчки чети; за судирите на грчките чети со турските војски и поплаките на населението до конзулите на големите сили; за теророт на турските и арнаутските разбојнички чети; во врска со проектот за судските реформи подготвен од Русија и од Австро-Унгарија; за улогата и положбата на жандармеријата во Македонија; за дејноста на Вонредниот суд во Солун во врска со претресите, затворањата и судењата, како резултат на разни афери; за положбата на бугарското црковно-училишно дело во Македонија; за ставот на бугарската власт во врска со решението на турската власт за статус-кво на црковното прашање; статистички податоци за затворените политички осуденици; за бројната состојба на бугарските, српските, грчките и романските училишта, цркви, учители, ученици и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, грчки, турски*

13. 1905-1907 г. Сигнатура: 4306
Снимки: 1800

Преписка на трговските агентства во Битола, Солун, Серез и во Скопје со Дипломатското агентство во Цариград и МНР во Софија за судските процеси на затворениците осудени поради соработка или учество во четнички акции; барања од бугарските агентства за ослободување или повторно судење на затворениците; извештаи за борбите на револуционерните чети со турските војски како и за меѓусебните борби на централистичките и врховистичките чети; за дејноста на пропагандите и дејствувањето на грчките и српските чети; за притисоците врз егзархиското население да се врати кон Патријаршијата; за барањата на населението до Хилми-паша за самонаоружување како и дозвола за самоодбрана од грчкиот терор; списоци на затворениците во битолскиот затвор; списоци на помилуваните и на ослободените затвореници; за посетата на Македонија и исчезнувањето на американскиот кореспондент Албер Сонишен; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, турски, француски, грчки*

14. 1906-1909 г. Сигнатура: 4307
Снимки: 1816

Преписка на Трговското агентство во Битола со Дипломатското агентство во Цариград и со другите трговски агентства и со МНР во Софија за дејствувањето на револуционерните чети; за теророт на

турскиот аскер врз невиното население; за дејствувањето на странските пропаганди; за борбите меѓу егзархистите и патријаршистите; за формирањето на Елиномакедонскиот комитет со цел да се бори за грчките интереси; извештаи во врска со реформите во турската полиција; за преземените мерки за реорганизација на турската војска и полиција; за состојбата на егзархиските и патријаршиските училишта во Битолскиот вилает и за учителскиот кадар; за престојот на странски дописници во Македонија и за нивното известување за состојбата во земјата; за масовното заминување на населението на печалба во Америка; за теророт од турските и арнаутските разбојнички банди; за формирањето и работата на Комисијата за решавање на црковните спорови; за формирањето на Битолскиот конституционен клуб; во врска со прокламирањето независност на Бугарија; наредби за реорганизација на турската војска по Младотурската револуција; списоци на убиените и малтретираните лица од турската војска и башибозук; материјално-финансиска преписка, и др.

*Јазик: **бугарски**, грчки, француски, турски*

15. 1901-1911 г. Сигнатура: 4310
Снимки: 1820

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија и со другите агентства за дејноста на Грчкиот комитет и четите и мерките против нив; за турско-бугарските односи; за декларацијата на ВМРО за солидарност со Младотурскиот комитет; за одразот на Цариградската контрареволуција во вилаетот; дејноста на Воениот клуб на младотурците; дејноста на Младотурскиот комитет; за односот на муслиманското и христијанското население спрема ферманот за служење воена обврска во турската војска; за решавањето на црковно-училишното прашање во Битолскиот вилает; за дејноста на бугарскиот Конституционен клуб во Битола; за Законот за четите и неговото спроведување; за признавањето на политичката независност на Бугарија од страна на Турција; извадоци од младотурските весници за политиката на Бугарија; статистички податоци за бројната состојба на населението, училиштата и учениците во Битолскиот вилает; статистички податоци за бројот на егзархиското и патријаршиското население; список на селата во Битолската каза, на исчезнатите лица по востанието, и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, турски и грчки*

16. 1911-1912 г. Сигнатура: 4311
Снимки: 1721

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија, Бугарското дипломатско агентство во Цариград и трговските агентства во Солун и во Скопје за дејноста на револуционерните чети во

Битолскиот вилает; за престојот на делегати на ВМРО во Лондон и нивната мисија за придобивање на јавното мислење за Македонија; за бомбашката афера во Штип; за политиката на кабинетот на министерот Гешов; за Манифестот на Балканскиот комитет во Лондон за итни реформи во Македонија и во Албанија; за работата на Реформската комисија; за српската пропаганда во Македонија и односот на младотурците кон неа; за барањето на Власите да им се дозволи употреба на влашкиот јазик во црквите и во училиштата; за вооружувањето на турското население во Македонија; за албанското национално движење; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски; турски; романски*

17. 1912 г. Сигнатура: 4312
Снимки: 1721

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија, Дипломатското агентство во Цариград и со трговските агентства во Солун и во Скопје за: насилствата и убиствата од турските чети и војската врз христијанското население; дејноста на Реформската комисија во Македонија; извештаи и преписка на МНР во Софија со Бугарското дипломатско агентство во Цариград и Трговското агентство во Битола и Албанија за дејноста на австриските агенти во Македонија и во Албанија; за преговорите на претставници на Младотурскиот комитет со македонски дејци за смирување и престанување на револуционерната дејност; за мобилизацијата на турската и бугарската војска; за работата на Бугарската егзархија; за припадноста на манастирите Слепче, Зрзе и Трескавец; за судските процеси и пресуди на обвинетите четници за нивното учество во бомбашки атентати; за партиските борби меѓу Младотурскиот комитет и либералите и за албанското национално движење; за подготовките на Бугарското трговско агентство за напуштање на Битола и заминување во Бугарија.

18. 1907-1911 г. Сигнатура: 4313
Снимки: 1766

Преписка меѓу Бугарското трговско агентство во Битола и МНР во Софија, Дипломатското агентство во Цариград и трговските агентства во Солун и во Скопје за: теророт на турските власти и турските и албанските разбојнички банди врз христијанското население и протестните ноти против турските зулуми; за отворањето полициско училиште во Солун; за спроведувањето на реформите во Македонија; за Младотурската револуција и прогласувањето на Уставот; за дејноста на Младотурскиот комитет и неговиот однос кон ВМРО и групата на Сандански; за односот на Младотурскиот комитет спрема Грците, Србите и нивните организации; за мисијата на лондонскиот Балкански комитет во Македонија; односот на Младотурскиот комитет кон Албанците;

инструкции на МНР во Софија за однесувањето на бугарските агентства спрема Младотурскиот комитет, и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, турски и грчки*

19. 1898-1910 г. Сигнатура: 4314
Снимки: 1797

Преписка на Бугарското трговско агентство во Битола со МНР во Софија, Дипломатското агентство во Цариград и со трговските агентства во Солун и во Скопје за: формирањето и работата на мешовитата комисија за решавање на црковно-училишните спорови; за судирите меѓу пропагандите во Македонија; за апсењето и затворањето на учесниците во комитетите; за формирањето, политичката програма и дејноста на бугарските конституциони клубови во Турција, Македонија и во Одринско; за одржувањето на првиот основачки конгрес на битолскиот Конституционен клуб; за заладувањето на односите меѓу Битолскиот окружен револуционерен комитет и Младотурскиот комитет; за положбата на затворениците во битолскиот затвор и за нивните жалби до рускиот и до австроунгарскиот конзул; списоци на отепани селани од турските и грчките чети; статистички податоци за бројот и националниот состав на затворениците во битолските затвори; ноти и жалби до конзулите на големите сили поради насилствата на аскерот за време на претресите и апсењата во Битолскиот вилает; молби, потврди и др. во врска со доделената помош на настраданите за време на востанието од 1903 год.; за атентатот врз Јане Сандански; за прогласувањето на независноста на Бугарија; влезни и излезни инвентари и регистри на Агентството, и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, турски*

20. 1905-1907 г. Сигнатура: 4329
Снимки: 1794

### *ФОНД: 332 - БУГАРСКИ КОНЗУЛАТ - СЕРЕЗ*
### *БЪЛГАРСКО ТРГОВСКО АГЕНТСТВО ВО СЕРЕЗ*

Информации за: зачувувањето на елинизмот во Серез и Серско и борбата со бугарската пропаганда; нападите врз населението во Македонија извршени од страна на грчките чети; прогласувањето на царското ираде за еднаков однос на судовите спрема грчките и бугарските четници; заплашувањето и економските притисоци врз населението во Македонија за да премине под надлежност на Патријаршијата; разбојништвата и убиствата што ги вршеле турско-грчките банди; почитувањето на статус кво меѓу Патријаршијата и Егзархијата; Меморандумот на цариградскиот патријарх во врска со антигрчкото движење, и др.

*Јазик: **бугарски**, француски*

21. 1906-1908 г. Сигнатура: 4330
Снимки: 1874

Информации за незадоволството на францускиот полковник Веран од турското судство и администрација и за неопходноста да се окупира Македонија; за дејствувањето на грчките и српските банди во Македонија; за толкувањето на чл. 3 од Мирцштегската програма; појаснувања кон рефератот на Д. Станчов за политиката на Бугарија спрема соседните држави; мерки за реформирање на полицијата; одлуки од советувањето на европските жандармериски офицери под команда на генералот Дежоржис; барање од 6 точки упатено од руският и од австрискиот амбасадор до солунскиот валија за преземање мерки против грчките чети, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, грчки*

22. 1907-1909 г. Сигнатура: 4331
Снимки: 1900

Информации за убиствата на селаните во Македонија извршени од Власи, Турци и гркомани и од грчките чети; пристигнувањето на Сандански, Чернопеев и Паница со пароброд во Солун; за паѓањето на кабинетот на Хилми-паша и заминувањето на Чернопеев, Паница и Сандански со своите борци за Уд; за симнувањето од престолот на султанот Хамид и поставувањето на Мехмед Петти; приклучувањето на војводите Стоју Хаџиев и Таската кон младотурското движење; „Манифест до сите народи во Импетријата“ потпишан од Јане Сандански; за формирањето во градовите во Македонија конституциони клубови; за дејствувањето на Сандански, Паница, Бујнов; статистичка таблица за народностите во Серскиот санџак, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

23. 1897-1909 г. Сигнатура: 4332
Снимки: 1696

## *ФОНД: 332 - БУГАРСКИ КОНЗУЛАТ - СЕРЕЗ*
## *БЪЛГАРСКИ КОНЗУЛАТ - СЕРЕЗ*

Информации за: борбата меѓу патријаршистите и егзархистите; активната улога на санданистите во изборите за општински советници во Каменица; отворањето на неделната школа за неписмени; создавањето на учителски одбор заради подигање на националното чувство кај „бугарското“ население; создавањето на еснафските здруженија со соодветен закон и правилник за тие здруженија.

### *ФОНД: 333- БУГАРСКО ТРГОВСКО АГЕНТСТВО ВО ДЕДЕАГАЧ БЪЛГАРСКО ТРГОВСКО АГЕНТСТВО ВО ДЕДЕАГАЧ*

Информации за: поминувањето преку Дедеагач на три воени воза со 600 коњи и 400 војници за Тесалија кон српската граница; наредбата од Цариград до царинските чиновници да ја контролираат кореспонденцијата на странските агенции; развојот на школството во Македонија; издавањето на султанските берати за бугарските владици во Македонија; повременото појавување на востаничките чети во Македонија; престојувањето во Македонија на српските комити заради ширење пропаганда; дејствувањето на револуционерната организација во Македонија; зачестените убиства во Одринскиот вилает, и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, турски*

24. 1887-1937 г. Сигнатура: 4376
Снимки: 138

### *ФОНД: СПОМЕНИ НА ДВАЈЦА БОРЦИ ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА*

„Спомени на двајца борци за слободата на Македонија“ - спомени на Михаил Н. Чеков и Лазар Т. Колчагов за нивната револуционерна дејност како членови на ВМРО; за средбите со Г. Делчев, Груев, Сарафов и др.; за акциите на гемиџиите; за подготовките и учеството во Илинденското востание; за Балканските и Првата светска војна, и др.

25. 1879-1924 г. Сигнатура: 4381
Снимки: 1185

### *ФОНД: 246 - БУГАРСКА ЕГЗАРХИЈА - ЦАРИГРАД*

Информации за: ситуацијата во Македонија по Берлинскиот конгрес; извештаите за злосторствата на Турците врз христијанското население во Македонија; грчката, католичката и протестантската пропаганда во Македонија; состојбата на училишното дело во Македонија и во Одринскиот вилает; српската црковна пропаганда; разрешувањето од должноста на скопскиот митрополит Синесиј; списоци на градските и селските учители во Македонија за 1900-1901, 1902-1903 година; назначувањето на К. П. Мисирков на должноста учител во машката гимназија во Битола; записник од Првиот реонски конгрес одржан на 27-28 мај 1905 година во Огражден под раководство на Чернопеев, и др.

***ФОНД: 708***

Преписка во врска со доделувањето пензија на Георги Пулевски. Приложена документација за неговото учество во Руско-турската војна во 1877-1878 година.

*Јазик:* ***бугарски****, руски*

***ФОНД: 177 - МИНИСТЕРСТВО ЗА НАРОДНА ПРОСВЕТА НА БУГАРИЈА - СОФИЈА***

Извештај на историскиот оддел на Народниот етнографски музеј за 1918 година и материјали за работата на К. Мисирков во овој музеј како уредник на историскиот оддел.

***ФОНД: 246 - БУГАРСКА ЕГЗАРХИЈА - ЦАРИГРАД***

Преписка меѓу претседателот на црковната општина во Лерин и бугарскиот егзарх во периодот од 30.12.1893 до 08.12.1894; писмо од егзархот до претседателите на црковните општини во Костур и во Лерин; информации за засилувањето на омразата меѓу гркоманите и егзархистите во тој крај.

26. 1941 -1943 г. Сигнатура: 4382
Снимки: 1520

***ФОНД: 370 - МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ (ДИРЕКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА)***

Проект за организирање на полиција во Скопската, Битолската и во Тракиската област во 1941 година; извештаи на директорот на полицијата за дејноста на одделите на Дирекцијата за 1942 година; извештај за политичката ситуација во Беломорската област во текот на 1942 година; преписка за: начинот на дејствување на бугарските чети во Велешко и во Скопско во 1942 година: борба со разбојничките банди (илегални групи), испраќање на стражари од сите полициски области во специјален борбен полициски одред „Вардар0147“ за борба со комунистичките и илегалните чети; списоци на чиновите на полицискиот одред „Вардар“ во Скопската полициска област, и др.

27. 1943 г. Сигнатура: 4383
Снимки: 1644

Наредби за одобрување на исплатата на дневните и патните трошоци на припадниците на полицијата.

28. 1943 г. Сигнатура: 4384
Снимки: 1846

Наредби за одобрување на исплатата на дневните и патните трошоци на припадниците на полицијата.

29. 1943-1944 г. Сигнатура: 4385
Снимки: 2044

Наредби за одобрување на исплатата на дневните и патните трошоци на припадниците на полицијата; молби и барања на полициските стражари во полициските команди низ Македонија за нивно преместување во внатрешноста на Бугарија.

30. 1925 -1933 г. Сигнатура: 4391
Снимки: 614

***ФОНД: 1075 - ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“***

Писма од раководните тела на Илинденската организација за одржувањето на 3-от и 4-от редовен конгрес; поздравно писмо од офицерите и подофицерите - Македонци по повод празнувањето на 40-та годишнина на ВМРО и 30-та годишнина од Илинденското востание, и др.

31. 1926-1933 г. Сигнатура: 4392
Снимки: 2016

***ФОНД: ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“***
***ВЕСНИК „СЛОБОДА ИЛИ СМРТ“***

Друштвото „Илинден“ (1922-1926): список на друштвата „Илинден“ во Царството Бугарија; опис на книгите во библиотеката на Друштвото; касова книга на администрацијата и книга на членовите на посмртната каса со одбележување на починатите членови на Организацијата; Револуционерниот весник на ВМРО „Слобода или смрт“ од бр.1 до 100 (1924-1929).

32. 1774-1984 г. Сигнатура: 4394
Снимки: 1491

***ФОНД: „КРУМ ПЕТИШЕВ“ И ДРУГИ***

Крум Петишев: автобиографија; информации и спомени за нелегалната револуционерна дејност на Петишев; преписка со дејци на ВМРО во врска со македонското ослободително дело, односите меѓу разни струи во

ВМРО, грешките во политиката на ВМРО, за некои тековни прашања; акти за негово назначување на разни функции во ВМРО; соопштенија за атентати врз дејци на ВМРО; правилник за четите на ВМРО; фотографии на дејци на ВМРО; сеќавања, коментари и др. за разни настани од историјата на ВМРО, за дејци на Организацијата, за нивното меѓусебно истребување, за дејноста на емиграцијата, за ставовите во врска со македонскиот јазик; барања на македонските друштва за самостојна македонска држава; писма за положбата на бегалците од Македонија во Бугарија; за дејноста на Сојузот на македонските емигрантски организации; за Конвенцијата за размена на територии меѓу Грција и Бугарија; за протестите на македонските организации во Бугарија поради спречувањето на нивната дејност од властите; молби, жалби и пријави поради разбојништвата на турски аги и бегови; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, српски, англиски*

33. 1913 -1935 г. Сигнатура: 4398
Снимки: 1780

### *ФОНД: 252-к - АНДРЕЈ ТАСЕВ ЉАПЧЕВ*

Акт за предавањето на архивата на Македонско-одринската доброволечка војска од Андреј Љапчев на Н. Робев; белешка на Љапчев за неговото патување во Македонија; писма до Љапчев во периодот кога тој беше министер во кабинетот на Цанков и премиер на владата за: убиството на Протогеров; преминувањето на Иван Михајлов, Куртев и други во Македонија; причините за првата национална катастрофа и надворешната политика на Бугарија; врските на Македонците-протогеровисти со Александар Цанков заради организирање атентати и провокации; убиствата и теророт на жителите во Петричкиот округ; меморандум на англиската амбасада во Рим за дејноста на ВМРО; „Размислувања за кризите во 1932 година“ од Љапчев, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, англиски, француски, германски*

34. 1871 -1954 г. Сигнатура: 4399
Снимки: 1881

### *ФОНД: 1950 - НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ*

Белешки на Никола Русински за случувањата пред и по Илинденското востание, до 1908 година; документи предадени во Народното собрание за неговата револуционерна дејност, за добротворните братства и Илинденската организација (1928-1941); полномошно издадено на Васил Главинов да учествува во работата на Првата балканска социјал-демократска конференција во Белград; писма до Д. Благоев за поддршката на решенијата на Првата балканска конференција; спомени

за Михаил Апостолов (Попето), Гоце Делчев и Даме Груев, Ѓорче Петров, Христо Татарчев, за револуционерното дејствување на ВМРО и статии за македонското прашање, и др.

*Јазик: **бугарски**, турски, грчки*

***ФОНД: 791 (1871)***

Записници од седниците на Народниот собор и мешовитиот совет од 1871 година под претседателство на Неговото преосвештенство Иларион Ловченски.

***ФОНД: 1459 (1890)***

Записи за крштевањата, венчавањата и за умрените во црквата „Св. Првомаченик Стефан“ и во другите цркви во периодот од 1850 до 1890 година.

***ФОНД: 614 (1909-1954)***

Статија од Хр. Калајџиев „Родоначалник на социјалистичкото движење во Македонија“ посветена на Васил Главинов; статии на Матерков „Илинден и панеленизам“, „Величие - Крушовската народна република“; за Никола Карев од Наум Томалевски; фотографии на револуционерите: војводата Пандо Кљашев, Мише Развигоров, Екатерина Симитчиева, војводата Ѓорѓи Сугарев, на знамето на Крушевското востание; групна фотографија на учителите од Македонија и Одринско на конгресот на Бугарскиот учителски сојуз што се одржа во Солун во 1909 година, и др.

***ФОНД: 420 (1913-1922)***

Списоци на црковните службени во градовите во Македонија и во Бугарија; распоред на предметите во С. Петербуршката духовна академија; список на црквите во Троицко-александровско - невската лавра во С. Петербург; список на умрените во цариградскиот затвор; список на умрените македонски револуционери; писмо од старо-загорскиот митрополит Методиј до претседателот на САД Вилсон, и др.

35. 1895 -1962 г. — Сигнатура: 4400
Снимки: 1649

***ФОНД: 420 (1897-1943)***

Преписка на старозагорскиот митрополит Методиј во периодот од 1898 до 1915 година; синодално решение во врска со обвинението покренато против старозагорскиот митрополит Методиј осомничен за користење на службената должност за разни незаконски дејства; информации за турските емигранти и нивното вклопување во источноевропските земји, и др.

***ФОНД: 771 (1895-1962)***

Белешка од Јане Сандански дадена на Аргир Христов за неговото учество заедно со Сандански во соборувањето од власт на султанот Хамид; извадоци од книгата на Стефан Аврамов „Херојски времиња“ за преспанскиот војвода Петар Христов Германски; спомени за војводата Јордан Пиперката, Хаџи Димов; белешки за Дамјан Груев, Тано Мурџев, Поп Стамат Танчев, Христо Татарчев, Јордан Пиперката, Георги Сугарев и многу други дејци; стихотворба од Веселина Тодорова за Петар Попарсов; список на Македонците убиени на бродот „Калипсо“ во 1913 година; спомени на Славка Георгиева Чакрова; спомени на Андон Лазов Јанев-Ќосето за Јане Сандански, Стојан Филипов и Стојан Млчанов; белешки за Букурешкиот договор од 28 јуни 1913 година, и др.

***ФОНД: 771 (1911-1927)***

Записници од општинскиот црковен совет на Костур за: назначувањето на учителот Александар Огњанов; бракоразводните процеси; додавањето 10 турски лири за осигурување вода за црквата; статистички податоци за 1927 година во врска со Бугарите што живеат во Цариград.

***ФОНД: 820 (1950)***

Писмо од Георги Василев до градскиот архив во Софија со кое го препраќа писмото од бугарскиот егзарх Антим 1 до неговиот дедо Г. Шулев во врска со барањето на жителите на Радовишката каза да бидат примени под власта на Егзархијата.

***ФОНД: 246 - БУГАРСКА ЕГЗАРХИЈА - ЦАРИГРАД***

Преписка на брегалничкиот епископ Антим од 1891 до 1894, во 1904 година; писмо од П. Мусивин до архимандритот Антим за желбата на жителите на некои места да преминат под власта на Егзархијата и да им бидат испратени егзархиски учители; информации за протестантската пропаганда во Неврокопско; извештаи на пелагонискиот митрополит Авксентиј за работата во 1908-1909; преписка на бугарскиот егзарх Јосиф 1 од 1910 до 1912 година; список на затворениците-Бугари во градот Синоп; писмо на велешкиот, скопскиот и охридскиот митрополит испратено до Друштвото на народите, и др.

***ФОНД: 1938 - ГОЦЕ (ГЕОРГИ) НИКОЛОВ ДЕЛЧЕВ***

Сеќавање од непознат автор за неговата средба со Гоце и Ѓорче пред востанието и за последната битка од востанието; писма од Гоце, Ѓорче и А. Мурџев до Никола Малешевски; писма од Гоце Делчев до Никола Зографов, Никола Наумов и Ефрем Чучков за организациските прашања, за доставувањето на оружје, облека и друго за четниците; спомени на Никола Разлогов за неговите средби со Гоце и Јане, и др.

36. 1896 -1977 г. Сигнатура: 4401
Снимки: 1649

***ФОНД: 1938 -ГОЦЕ (ГЕОРГИ) НИКОЛОВ ДЕЛЧЕВ***

Преписка меѓу „Високо“ и „Св. Гора“ - шифрирани писма на Гоце Делчев, писмо до братството во Света Гора за набавените револвери; писмо на Гоце до претседателот на црковната училишна општина за неговата оставка на местото главен учител; писмо од Гоце до Асен со известување дека му испраќа примероци од весниците „Право“ и „Дело“ и 10 примероци од „Средногорското востание“; писма до Гоце од Асен, Авраам, Александар, Велика Ангелова и др. за: собирањето пари за набавка на оружје, борбата со Јанков, организирањето на нови чети, грижата за затворените другари, и др.

***ФОНД: 1957 - ХРИСТО ЧЕРНОПЕЕВ***

Писмо од Христо Чернопеев до Јане Сандански; писма до Чернопеев од Илија Динев и Сп.Табаков, од делегатите на Струмичкиот револуционерен округ; устав, резолуција, записник и повик до сите истомисленици на македонската ослободителна кауза и писма во врска со создавањето на Бугарската народна македонско-одринска революционерна организација (БНМОРО) и нејзините односи со ВМРО; фотографии на Чернопеев со неговите другари и македонските дејци: Пешо Самарџиев, Јане Сандански, Саво Михајлов, Крсте Асенов; фотографии на грабнувачите на мис Стон, на четата на Христо Чернопеев, и др.

***ФОНД: 1591 - АМПОВ ХРИСТО ДИНЕВ***

Статии од Христо Ампов: „Македонското прашање и Југославија“, „Македонската нација“, „Врховизмот како идеја“; биографски напис за Павел Шатев, реферати „Балканската федерација е безусловна неопходност за слободна и независна Македонија“, „Проблемот на македонската нација“; извештај и реферат од обласниот комитет на Третата революционерна област при ВМРО (Об.) за подготовките на претстојниот конгрес; преписка меѓу Христо Ампов и Петар Брзицов за нивната револуционерна дејност, и др.

***ФОНД: 1932 - МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ***

Спомени на Димитар Ст. Арнаудов за неговата револуционерна дејност во Македонија; статии од Ив. Белев „Да светне правда“ и „Федерација на балканските држави“; спомени на Хр. Ѓурков за револуционерната дејност на Гоце Делчев; спомени на Рафаел Моше Камхи за Г. Делчев, Д. Груев, Димо Х. Димов, Чекаларов, П. Шатев и др.; „Еден интересен документ од времето на Кресненското востание во 1878 година“; статии „Прашањето за сепаратистите“ и „Има ли смисла постоењето на Илинденската организација“ од ХР. Коцев; статија „Големите сили и

нерасипаните народи“ од Сребрен поп Петров во врска со решавањето на македонското прашање.

37. 1901 -1974 г. Сигнатура: 4402
Снимки: 1760

***ФОНД: 1932 - МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ***

Апсењето и судењето на Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев, попот Стамат и други дејци во Солун во 1901 година; декларација на ЦК на ВМРО за целите на Организацијата и декларација во врска со разгледувањето на состојбата во Организацијата по расколничката акција на Иван Михајлов; писма од Христо Калџиев до секретаријатот на ЦК на БКП со предлози за: одбележување на 50-годишнината од смртта на Гоце Делчев и од Илинденското востание; реферат од Божидар Божиков за Димо Хаџидимов по повод 50 години од неговата смрт; реферати за Васил Главинов, Илинденското востание, Методи Шаторов, Ѓорче Петров; Илинден и Народна Република Македонија во ФНРЈ од Михаил Сматракалев, и др.

38. 1896 -1954 г. Сигнатура: 4403
Снимки: 1630

Статијата на Милован Ѓилас „Четири години на ослободителната војна во Југославија“; статијата на Никос Захаријадис „Така се создава ЕАМ и ги собира во своите редови широките народни маси“; Уставот и Правилникот на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација од 1905 година; Уставот и Правилникот на ВМРО од 1925 година; писма од Д. Груев, Н. Зографов, К. Салев и други до Андреј Љапчев во врска со обвинувањата упатени до Груев; писма за средбата на Гоце Делчев со Бозуков и за вооружувањето на Организацијата; за положбата на Македонците во грчка Македонија, биографски податоци и лични документи на македонските дејци од 1882 до 1947 година, и др.

39. 1895 -1938 г. Сигнатура: 4404
Снимки: 1750

Спомени на Никола Петров Русински за охридско-струшката револуционерна организација во 1901-1902 година; раскази и стихови за Македонија од Македонците: Ризов, Бродник, Болчев, Хаџиев и др.; решенија од Првиот македонски конгрес во 1895 година; писмо од ЗП на ВМРО за причините за кризата во Организацијата; писма од Георги Асенков до Г. Баждаров за состојбата во Македонија под српска и грчка власт, за односите меѓу државите на Балканот и во Европа; писма од Владимир К. Буљов до Г. Баждаров за дејноста на Карајовов, за одекот на убиството на Протогеров; шифрирани и дешифрирани писма на Петар

Попарсов; тетратка на Петар Попарсов со опис на Битола и нејзината околина, и др.

40. 1885 -1974 г. Сигнатура: 4405
Снимки: 1587

***ФОНД: 1932 - МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ***

Автобиографски белешки на серскиот и драмски војвода Георги Радев за неговата дејност во ослободителното движење во Македонија со податоци за Гоце Делчев и други дејци на движењето; спомени на Екатерина Т. Паница за времето пред Илинденското востание и за времето на неговото траење и за дејноста на Тодор Паница; разузнавачки информации, писма и др. за политиката на европските држави спрема македонското прашање, и др.

***ФОНД: 771 (1885 - 1974)***

Проглас од Тајниот револуционерен македонски комитет до народот во 1885 година; објаснување на Врховниот македонски комитет за неговата дејност; писма за неопходноста од формирање младински чети за поддршка на востаниците во Македонија; за жестокостите на Турците спрема христијанското население во Битолскиот вилает; за прашањето дали да се продолжи или да се прекине востанието; спомени на Петар Тасков Ангелов, Христо Ангелов, Анета Василева Ангелова и другите дејци; белешка од Христо Узунов за Организацијата во Охридско и Струшко од 1894 до 1903 година; дневник на Васил Чекаларов; фотографии на: Димитар Попгеоргиев, Г. Бошнаков, Георги Богданов, К. Кирков, Елена Стон и Катерина Ст. – Цилка, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

41. 1895 -1946 г. Сигнатура: 4406
Снимки: 1753

***ФОНД: 1932 - МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ***

Информации за: ликвидацијата на ренегатите и предавниците во Битола; обраќањето од македонската јавност до светското јавно мислење во врска со македонското прашање; состојбата во просветата во Македонија од 1891 до 1928 година; списоци и податоци за учителите-Македонци назначени и предложени за учители во Македонија од 1918 до 1926 година; назначувањето владици по припојувањето кон Бугарската егзархија; „Суштина на врховизмот и неговите појави“: придонес кон македонското ослободително движење од Хр. Ампов; два доверливи апели до македонско-одринските друштва за несогласувањата и за

обединувањето на врховните македонско-одрински комитети на Михајловски и Станишев, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

42. 1896 -1947 г. Сигнатура: 4407
Снимки: 1587

***ФОНД: 1932 - МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ***

Писма од Сојузот на македонските студентски друштва во Берлин, Грац, Софија, Лајпциг, Македонскиот женски сојуз, Илинденската организација и од Словенското друштво во Бугарија до Македонското студентско друштво во Виена во врска со формирањето на нови друштва во Нанси; извештаи за дејноста на Македонските студентски друштва во Грац, Лајпциг, Милано, Минхен, Нанси, Париз, С. Петербург; устав, правилник и материјали на Македонскиот научен институт од 1924 до 1947 година; документи и материјали на тајните македонски кружоци во Дупница, Ќустендил и кружокот „Работник“, и др.

***ФОНД: 85 - ИНЖ. СТАНИШЕВ ХРИСТО***

Белешки на Христо Станишев од 1879 до 1939 година за македонското прашање; дневник на Станишев за неговото апсење и интернирање во Габрово, за прогонувањето на дејците на ВМРО по нејзиното растурање во 1934 година; писма од Иван Михајлов до Христо Станишев во 1935-1936 година; писма од Христо Татарчев до Христо Станишев од 1919 до 1939 година; белешки за статијата „Како дојде до формирањето на Врховниот македонски комитет“; писма од Станишев до Исмет Инењу за петицијата на македонските емигранти; за политичката ситуација на Балканот, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, турски, француски*

***ФОНД: 1923 (1943)***

Размислувања на непознат автор за вистинскиот револуционер Борис Сарафов и за тројца квазиреволуционери Тодор Александров, Ванчо Михајлов и Перо Шанданов.

***ФОНД: 396 (1932)***

Доверливи материјали од седницата на ВМРО одржана во 1932 година; устав на ВМРО.

***ФОНД: 306 (1941)***

Записници од седниците на клоновите и месните комитети на Централниот македонски комитет, одржани од 13.04. до 29.05.1941 година.

***ФОНД: 403 (1921 -1924)***

Циркуларно писмо на Централниот комитет на Сојузот на македонските братства во Бугарија до претседателите на македонските братства во врска со склучувањето на мировниот договор меѓу Грција и Бугарија во Неј; табели за размена на населението според Нејскиот договор.

***ФОНД: 771 (1923 -1926)***

Циркуларно писмо на Сојузот на македонските емигрантски организации во врска со начинот на раселувањето на бегалците во Бугарија; циркуларни писма на раководното тело на Илинденската организација за одбележувањето на првата годишнина од смртта на Тодор Александров, за смртта на Протогеров, за решенијата усвоени на Осмиот конгрес на Илинденската организација, и др.

***ФОНД: 85 - ИНЖ. СТАНИШЕВ ХРИСТО***

Писмо од Христо Станишев до царот Борис Трети за неговото апсење и интернирање во Габрово и за прогонувањето на дејците на ВМРО по нејзиното растурање од владата на Кимон Георгиев; фотографија на Станишев како претседател на Големиот македонски собор, и др.

***ФОНД: 369 - ХРИСТО КАЛФОВ***

Писма на Тодор Александров до министрите Русев и Калфов за некои проблеми на ВМРО, за ослободувањето од должноста на бугарскиот ополномоштен министер во Прага, проф. Михалчев; за односот на британската влада спрема македонското прашање; писмо од Г. П. Радев за политичките погледи на Чаулев и З. Панчев; за борбите меѓу Протогеров и Александров; за односот на Советска Русија спрема Македонија и Албанија; за убиство на Р. Даскалов; за преминувањето на бугарските чети во Кралството на СХС; брошурата на Кирил Прличев „Задачи на македонската младина во странство“, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски*

43. 1894-1956 г. Сигнатура: 4408
Снимки: 999

***ФОНД: „ВЛАДИМИР РУМЕНОВ“ „ВАСИЛ ЧАКАЛАРОВ“ И ДРУГИ***

Преписка на В. Руменов со дејци на ВМРО во врска со приватни и организациски прашања: дејноста на Организацијата, ставовите за решавање на македонското прашање, подготовките за Илинденското востание; за формирањето фонд за изградба бугарска болница во Солун; за обраќањето на Комитетот „Обединение и напредок“ во Солун до Бугарскиот конституционен клуб; податоци за националниот состав на селата; извештај за дејноста на комисијата за помош на настраданите во Илинденското востание; за ставовите на Грците и Србите за македонското прашање; за истапувањата на Сандански и Чернопеев против десницата; за младотурското движење, прогласувањето на Уставот во Турција и реакциите во Македонија; писма на Даме Груев во врска со „Битолската случка“, пристигнувањето во Софија на претседателот и секретарот на Балканскиот комитет, за непријателствата меѓу водачите на револуционерното движење,и др.; дневник и писма на В. Чакаларов со податоци за неговата револуционерна дејност; писма на В. Мартиновски во врска со проблемите на емигрантите во Полска по поразот на Граѓанската војна во Грција; и др.

*Јазик:* ***бугарски****, турски*

44. 1897-1965 г. Сигнатура: 4409
Снимки: 178

***ФОНД: „МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКО ДВИЖЕЊЕ“***

Известувања, апели во врска со формирањето на бугарските ослободителни друштва и собирањето средства од членарината и нивната употреба за потребите на Врховниот комитет; реферати во врска со дејноста на Сојузот на македонските културно-просветни друштва и за 22 конгрес на КПСС; Устав на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија, записник од Општото собрание на Сојузот и список на делегатите и гостите.

45. 1918 -1944 г. Сигнатура: 4410
Снимки: 1587

***ФОНД: 173 (1918-1920)***

Информации за: предлог-законот од ѓумурџискиот народен претставник за ослободување на селаните од Ѓумурџискиот и Струмичкиот округ од плаќање данок на земја; предлогот за склучување договор за слобода на

емигрирање на малцинствата меѓу Бугарија и големите сили: САД, Британија, Франција, Италија, Јапонија и др.; мировниот договор во Неј; решение од 26 седница на Народното собрание за покренување постапка против поранешните министри на кабинетот на В. Радославов за кршење на Уставот во времето од 1914 до 1918 година; српската теза за македонското прашање; руска, грчка, српска, француска, турска, влашка и други статистики за Македонија; условите за стапување на Бугарија во Друштвото на народите, и др.

*Јазик: бугарски, француски*

***ФОНД: 194 (1941-1944)***

Информации за: доделувањето земја на новите стопани во Македонија од имотите на „поранешните Срби"; Крајовскиот договор; начинот на доделување земја во Македонија; извештај за состојбата во школството во Скопската училишна област во 1943 година; извештај на одделението за доделување земја и преселување во Македонија за 1941-1943 година, и др.

46. 1942 -1987 г. Сигнатура: 4411
Снимки: 617

***ФОНД: ЕДВАРД И ПЕПИЦА КАРДЕЉ***

Информации за одлуките на Извршниот комитет на СКЈ за проблемите на националните малцинства; Комунистичката партија на Бугарија во периодот од 1941 до 1948 година; Коминистичката партија на Грција во 1947 година; депеша од Иван Шубашиќ до Тито за средбата на шефовите на делегациите на големите држави и заклучоците усвоени во Јалта; депеши од Москва до Тито за сојузничката окупација на Корушка, Јулиската Краина и Трст; за политичката ситуација во Бугарија во 1945-1946 година; гарантирање од сојузниците за почитување на постојната народна власт; Бледскиот договор меѓу владите на ФНРЈ и НРБ; настаните во врска со резолуцијата на Информбирото; дискусиите од 21 седница на Претседателството на СКЈ во Караѓорѓево во 1971 година, и др.

*Јазик:* ***српскохрватски****, словенечки*

47. 1895 -1959 г. Сигнатура: 4412
Снимки: 1372

***ФОНД: 194 (1941-1943)***

Информации за: состојбата во образованието во Скопската училишна област; програмата за одбележување на 40 години од смртта на Гоце

Делчев во Сер и Серско; преписка во врска со учениците што беа исклучени за комунистичка дејност; активностите на учителите Крум Тошев, Љубен Лапе и др. во 1941-1943 година; левичарското движење на учениците во гимназиите во Кавадарци, Прилеп и др. во 1941-1943 година, и др.

***ФОНД: 177 (1943)***

Извештаи на обласниот училиштен инспектор во Скопје за состојбата во школството во Скопската област во 1941-1943 година; наредба на штабот на 1 баталјон „Страшо Пинџуров" до некои учители да ја напуштат службата во училиштата во рок од 10 дена зашто не може да се дозволи труење на децата преку бугарското фашистичко образование; извештаи за лојалноста на учителите во Македонија и во Стара Бугарија, и др.

***ФОНД: 417 - ЛАЗАР ТОМОВ КРАЈНОВ***

Список на македонските револуционери и на нивните псевдоними и на псевдонимите на местата; извештај од Лазар Томов за Скопскиот окружен конгрес одржан во 1906 година; писма од Ѓорче Петров до Лазар Томов од 1895 година; шифрирани и дешифрирани писма за состојбата во Организацијата, за врховистичките чети, предавниците на делото, итн.; фотографии на Лазар Томов Крајнов од 1902-1903 година.

***ФОНД: 1943 - ГЕОРГИ (ГОЦЕ) МАНОЛОВ***

Писмо од Јане Сандански до Георги Манолов за добивањето на пушки и куршуми.

***ФОНД: 122 (1919)***

Напис во весникот „Свобода" за статијата на Селјанов во списанието „Сила" (како извадок од неговата книга „Српско-бугарскиот спор и Русија").

***ФОНД: 614 (1958 - 1959)***

Реферат на Светозар Вукмановиќ-Темпо на заседанието на Сојузниот совет на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија за досегашните резултати во социјалистичката изградба на земјата и за политичката подготовка за изборите за сојузното и републичките народни собранија; Ѓорѓи Томалевски - „Сонце по бурата" (есеј); „За суштината на уметноста" и „Мајстор Стојан Везенков" (Повест за еден живот): Информации за: изгледите за ослободување на Македонија; личноста на Протогеров; формирањето на женско Македонско-одринско добротворно друштво; билтенот на весникот „Автономија"; апел од А. Раздолов до македонско-одринските револуционери; обраќање на А. Протогеров до сонародниците за потребата од давање помош на настраданите од турските злосторства; реферат на Е. Спространов на 7-

от редовен Македонски конгрес; говорот на Е. Спространов по повод 40-те дена од смртта на А. Протогеров; за убиството на претседателот на охридското братство Наум Белев; за убиството на А. Протогеров; преписка на Спространов, и др.

48. 1904-1943 г. Сигнатура: 4421
Снимки: 1307

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Договор меѓу Србија и Бугарија за зачувување статус-кво на Балканот и за примена на Мирцштегските реформи; телеграми за бомбашките атентати во Кочани и масакрот на населението; телеграми меѓу дипломатските претставништва на балканските земји и на Русија и Германија во врска со почетокот на Втората балканска војна; тајна конвенција меѓу Германија, Австро-Унгарија и Бугарија; документи во врска со односите меѓу сојузничките балкански држави и Турција за време на Балканските војни; текст на Букурешкиот договор за мир; записници од работата на комисиите за определување на новите граници меѓу балканските земји; документи во врска со спорните прашања меѓу Бугарија и Германија како сојузници за време на I светска војна; опис на грчко-бугарската граница воспоставена по Нејскиот договор; Устав на Друштвото на народите; записник за приклучувањето на Бугарија кон Тројниот пакт за време на II светска војна; преписка во врска со егзекуцијата на Г. Цунев, Б. Давчев и др.; податоци за бројот и составот на населението во разни делови на Македонија во 1941 год., и др.

*Јазик: **бугарски**, француски, италијански, германски, старотурски*

49. 1896-1940 г. Сигнатура: 4422
Снимки: 1465

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Преписка меѓу дипломатските претставници на сојузничките балкански држави и Турција во врска со окончувањето на I светска војна; документи од руската „Оранжева книга“ од 1912-13 год.; документи за дејноста на српските власти на окупираните територии во Македонија; документи за односите меѓу Бугарија и Грција спроти сојузничката војна; документи за дејствата на фронтовите во I светска војна; материјали од Мировната конференција во Париз од 1919 год.; дневник на Т. Кулишев со записи за настаните од 1930-31 год.; документи од дејноста на Македонските патриотски организации во Америка и Канада; написи, спомени за Г. Делчев и документи, потпишани од него; за формирањето и дејноста на Бугарското ослободително братство во Русе; за процесот во Скопје на македонските студенти обвинети за конспиративна дејност и односите

меѓу ВМРО и ТМРО во борбата за ослободување и обединување на Македонија, и др.

*Јазик:* ***бугарски****, француски, српски, руски, англиски*

## НАУЧЕН АРХИВ НА БАН - СОФИЈА
## НАУЧЕН АРХИВ НА БАН - СОФИЯ

*Број на микрофилмови: 1*

*Содржина:*

1. 1903-1930 г. Сигнатура: 4389
Снимки:195

***ФОНД: ЕФТИМ СПРОСТРАНОВ***

Информации за: изгледите за ослободување на Македонија; личноста на Протогеров; формирањето на женско Македонско-одринско добротворно друштво; билтенот на весникот „Автономија“; апел од А. Раздолов до македонско-одринските револуционери; обраќањето на А. Протогеров до сонародниците за потребата од давање помош на настраданите од турските злосторства; реферат на Е. Спространов на 7-от редовен Македонски конгрес; говорот на Е. Спространов по повод 40-те дена од смртта на А. Протогеров; за убиството на претседателот на охридското братство Наум Белев; за убиството на А. Протогеров; преписка на Спространов, и др.

## НАРОДНА БИБЛИОТЕКА “КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СОФИЈА
## НАРОДНА БИБЛИОТЕКА “КИРИЛ И МЕТОДИЙ” - СОФИЯ

*Број на микрофилмови: 2*

*Содржина:*

1. 1399-1868 г. Сигнатура: 4387
Снимки: 97

БРОЈ: 988 : Служба и житие на Гаврил Лесновски 1868 година;
БРОЈ: 1039: Пролог за месец септември-ноември од XIV век;

БРОЈ: 899: Миней за месец март и април од XV век.

*Јазик: старословенски*

2. 1944 -1946 г.

Сигнатура: 4540
Снимки: 135

***ИЗВАДОЦИ ОД ВЕСНИЦИ***

Весникот „Доброволец“ - орган на Сојузот на Македонско - одринските доброволечки друштва, излегува секој месец во Софија (1944 - 1946); Јане Сандански - „Възспоменателен лист“ (спомен-весник) по случај 30-годишнината од неговото убиство; Гоцев лист - издание на Националниот комитет на македонската емиграција во Бугарија заедно со Кукушкото братство; „Възпоменателен лист“ на тројца големи македонски револуционери - издава Националниот комитет на македонската емиграција во Бугарија.

*ЗАБЕЛЕШКА: Микрофилмуваната архивска граѓа е на бугарски јазик. Доколку на одредена микрофилмска лента, граѓата е на повеќе јазици, покрај бугарскиот јазик, наведени се и останатите јазици, при што посебно е нагласен јазикот кој преовладува.*

# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА
# GREAT BRITAIN

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА (ПАБЛИК РЕКОРД ОФФИС) - ЛОНДОН
## PUBLIC RECORD OFFICE - LONDON

*Број на микрофилмови: 45*

*Содржина:*

1. 1859-1864 г. Сигнатура: 1

***ФОНД: МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА - ФОРИН ОФИС FOREIGN OFFICE***

Воведување во централна управа; територијални промени; податоци за турската армија; околу разбојништвото во Македонија; Римо-католичка пропаганда; за положбата во земјоделието; за апсењето на Миладинов од Струга со негова кореcподенција; за апсењето на Глигор Прличев; незадоволството на христијаните од Пелагонија поради назначувањето на грчки митрополит.

2. 1869-1873 г. Сигнатура: 2

Разбојништво во Македонија; појава на сточни болести; за железничката линија Солун-Скопје; за ситуацијата во Солунскиот вилает; работата на митрополитот од Пелагонија и положбата на христијаните.

3. 1831-1878 г. Сигнатура: 13

Немири во Македонија; Кресненско-Разловечко востание; масакар на Турците врз христијаните; статистички информации за населението; околу спојувањето на Источна Румелија со Бугарија и ставот на големите сили околу Источното прашање; извештаи во врска со Берлинскиот конгрес; за реформите во Македонија; убиството на францускиот и германскиот конзул во Скопје.

4. 1831-1872 г. Сигнатура: 14

Британски еставришмен во турските провинции; трговски договор меѓу Велика Британија и Турција; граѓански судски спорови; за конзуларна служба во Битола; ситуацијата во Албанија; податоци за земјоделието и населението.

5. 1840-1849 г. Сигнатура: 15

Немири во Македонија; податоци за населението; проблеми со црквата и религијата; немири во Бугарија; ситуацијата во Србија; Британската трговска фирма „Браќа Ебат“.

6. 1844-1849 г. Сигнатура: 16

Собирање на данок - арач; работа на судовите; за грчката црква; состојбата во просветата; податоци за британската трговска фирма „Браќа Ебат“.

7. 1849-1857 г. Сигнатура: 17

Трговија со жито, брашно, тутун и друго; за бродовите пристигнати во Солунското пристаниште; разбојништвото во Македонија.

8. 1851-1878 г. Сигнатура: 19

За трговијата на жито, брашно и земјоделски производи, реформи во судството; за разбојничките банди; околу немирите во Велес и Дебар; екстра царинска такса за тутун; табеларен преглед за населението; во врска со границите на нова Бугарија.

9. 1835-1857 г. Сигнатура: 20

За тероризмот врз македонското население; сертификат и молба на христијаните од Охрид да им се дозволи вршење на верски обреди; настаните во Дебар; ситуацијата во Србија; британската трговија во Турција; ситуацијата во Скопскиот санџак; немирите во Албанија; трговијата со житото и другите земјоделски производи.

10. 1844-1857 г. Сигнатура: 21

За злосторствата во Скопје и Куманово; ситуацијата во Албанија; трговската конвенција меѓу Велика Британија и Турција; трговијата на жито и земјоделски производи.

11. 1854-1879 г. Сигнатура: 22

Австриски интереси за Македонија; востанието во Македонија /Малеш-Мелник/; публикување на хатихумајунот; разбојништвото во Македонија; трговија - извоз на жито и памук од Македонија; за реформите во Турција.

12. 1879-1895 г. Сигнатура: 23

Извадоци од весници; за позициите на Бугарија во Македонија; беснеењето на разбојничките банди; извештаи во врска со Источното прашање; Албанска лига; влијание на патријархијата и егзархијата; претпоставки за евентуално востание во Македонија; работата на Прекиот суд; околу границите на Бугарија според Берлинскиот договор; за извозот на тутунот од Македонија.

13. 1880-1885 г. Сигнатура: 24

Востаничкото движење во Македонија; записник од состанокот на Привременето национално собрание на Македонија /мај-јуни 1880 год./; за убиството на францускиот и германскиот конзул во Солун; разбојништвото во Македонија; Албанска лига; реагирање на одредбите на Берлинскиот договор; Основен статут за турските провинции; околу доделувањето берати на бугарската егзархија во Скопје и Охрид; Македонски комитет во Софија; улогата и значењето на македонското друштво во Софија; за работата на воените судови; руска пропаганда во Македонија.

14. 1880-1881 г. Сигнатура: 25

Немири во македонските градови /Солун,Скопје, Штип и др./ романската пропаганда во Македонија; работата на Албанската лига; подготовки за востание во Македонија; општата ситуација во Македонија.

15. 1880-1883 г. Сигнатура: 26

Пораст на разбојништвото во Македонија; работата на воените судови; извозот на памук; записници од состанокот на Привременото народно

собарание; подготовки за востание во Македонија; состојбата во Битолскиот вилает; немирите во Дебар; ситуацијата во Албанија; железничка линија Солун-Скопје-Митровица.

16. 1882-1884 г. Сигнатура: 27

Ситуацијата во македонските градови /Солун, Битола, Серес, Драма и др./ железничката линија Солун-Скопје-Митровица; јуруците во Македонија /за потеклото/; транзитната трговска линија Солун-Србија; извозот на жито и опиум од Македонија; британската трговија во Солун; за злосторствата на турските војници.

17. 1883-1884 г. Сигнатура: 28

За трговијата во Македонија, извозот на жито, опиум и земјоделските производи од Македонија.

18. 1880-1885 г. Сигнатура: 30

За пропагандите и аспирациите на соседните земји спрема Македонија; за разбојништвото во Македонија; за работата на воените судови; ситуацијата во Албанија и за Албанската лига.

19. 1854-1908 г. Сигнатура: 31

Разни документи: извадоци од извештаи за трговијата со разни земји во 1854 г.; разбојништвото во Македонија; ситуацијата во Северна Албанија; табеларен преглед за машкото население во Македонија; околу бератите на бугарскиот епископ во Скопје и Охрид; аферата на мајорот Паница; активности на македонските студенти во Белград; влијанието на грчката црква во Македонија; околу прашањето за Балканската конфедерација; Српското гледиште за македонското прашање; Албанското движење во Македонија; за настаните пред Илинден: активност на Македонскиот комитет во Софија; аферата Мис Стоун; конгресите на македонските друштва во Софија; формирањето на трите комисии
Административна, финансова и судска преписка за реформите во Македонија; улогата на Борис Сарафов во македонското движење; за немирите во Македонија по востанието; секции и групи во Внатрешната организација и нивните лидери; ставот на големите сили околу прашањето за Македонија; за злосторствата во Македонија /Загоричани, Битола и др./ цивилните агенти во Македонија; податоци за Јане Сандански; околу собирањето на даноците.

20. 1876-1894 г. Сигнатура: 155

Бугарски епископи во Скопје и Охрид; бугарски бенефиции на религиозен и образовен план во Македонија; административна организација и етничкиот состав во Македонија; состав на Комисијата за спроведување на чл.23 од Берлинскиот договор; за политичката ситуација и аспирациите на Србија кон Македонија; македонските студенти во Белград; идеата за Балканска конфедерација.

21. 1886-1902 г. Сигнатура: 156

Разбојништвото во Македонија; околу планот за поделбата на Македонија од балканските земји; за извозот на тутунот; известување за злосторствата во селото Брусник - Битолско; за бугарскиот епископ Теодосиус; за работата на воените судови.

22. 1912 г. Сигнатура: 2130

Став на големите сили за Македонија; околу независноста на Албанија; реформи во останатите области; интересите на балканските земји за Македонија.

23. 1912 г. Сигнатура: 2131

Војна на Балканот; работата на британскиот, норвешкиот, рускиот, и чешкиот Црвен Крст; став на големите сили околу Балканската војна; територијалното проширување на Балканските држави.

24.1912 г. Сигнатура: 2132

Дипломатска преписка во врска со: договорот склучен помеѓу Италија и Австрија за независност на Албанија; барањето на Србија пристаниште на Јадранско Море и несогласување со тоа на силите на Тројната алијанса; спорот помеѓу Грција и Бугарија за Солун; мобилизацијата на австриски трупи; германската поддршка на Австрија за албанското прашање; ако Скадар бил предаден, Црна Гора ќе се согласела со примирје; колера и стомачен тифус во Бугарија; предлогот за интернационализација на Цариград; за островите во Егејско Море; предлогот за независност на Албанија под меѓународна контрола; можноста Србија да добие од Австрија излез на Јадранско Море што ќе го користела за економски цели; одложување на преговорите за примирје и др.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

25.1912 г. Сигнатура: 2133

Дипломатска преписка во врска со: прашањето за добивање на Србија пристаниште на Јадранско Море; желбата на Австрија да не ги загуби поранешните пазари; подготовките за мобилизација на австроунгарски трупи и реквизиција на стока; барањето инструкции од Владата на турските делегати на Мировната конференција под кои услови би бил потпишан прелиминарен мир; британскиот предлог за начинот на управување на Србија со пристаниште на Јадранско Море; заминувањето на српските делегати за Чаталџа; средбата на турски, бугарски и грчки делегати за склучување примирје; одлуката на балканските сојузнички држави за барање репарација од Турција; дали Дарданелите ќе биле неутрализирани и интернационализирани; прашањето за Солун.

*Јазик:* ***англиски****, француски, јудеогермански*

26. 1912 г. Сигнатура: 2134

Дипломатска преписка во врска со: обидите на српски емисари за потстрекнување буни во Босна и Херцеговина; рускиот план за Албанија и за излез на Србија на Јадранско Море; Одрин - спорно прашање за Турција и Бугарија; барањето за заштита на интересите на британски компании што тргувале со македонски тутун; вознемиреноста поради австриската мобилизација; островите во Егејско Море; протестот на Словените во Њујорк поради австриското мешање во балканските работи; српскиот предлог до Бугарија за Солун како кондоминиум за сојузничките држави; потпишувањето на мировниот договор; за Отоманскиот државен долг; планот на Турција за зголемување на царинската такса за 4% и несогласувањето на големите сили; заштитата на интересите на Отоманската царска банка од воените власти во Србија, Црна Гора, Грција и Бугарија.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

27. 1913 г. Сигнатура: 2135

Дипломатска преписка во врска со: годишниот извештај за Бугарија за 1912 г.; одобрениот заем од австриски и унгарски банки за Владата на Бугарија; бугарско-романските односи; потребата за заштита на бугарските училишта на српска и грчка територија; рестрикциите на трговијата во Ксанти, наметнати од бугарските власти; руско-бугарските односи; добриот третман на муслиманите во Тракија; заштитата на граѓанските и верските слободи на малцинствата на Балканскиот Полуостров; лошиот третман на бугарските затвореници од грчките власти и др.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

28.1913 г. Сигнатура: 2136

Дипломатска преписка во врска со: прашањето за анектирањето на Крит кон Грција; вклучувањето на критската жандармерија во грчката; прашањето каков став да зазел британскиот генерален конзул во Солун спрема Капитулациите; финансиите на Грција за 1912 г. и 1913 г.; положбата на грчките затвореници во Бугарија; репатријацијата на бугарските заробеници; малтретирањето на Грци во Тракија извршено од Бугари; наредбата за формирање корпус на селска стража и за именување судии за аграрни спорови на Крит; укинувањето на Капитулациите во териториите анектирани од Грција; прашањето за вакафите; правата на Куцовласите во грчките ново стекнати територии.

*Јазик: **англиски**, француски*

29.1913 г. Сигнатура: 2137

Дипломатска преписка во врска со: извештајот за состојбата во Србија во 1912 г.; српско-австриските односи и прашањето за склучување трговски договор; заемот на Владата на Србија од Конзорциумот на француски банки; започнувањето на српско-турските преговори во Цариград; постигнатиот договор помеѓу Србија и Црна Гора за заедничка војска, царински сојуз и давање права на Србија во пристаништето Антивари; вознемиреноста кај населението во Крива Паланка и Струмица од напади на бугарски разбојнички чети; масакрите и грабежите извршени од српски разбојнички чети во Кичевско, Крушевско, Прилепско, Битолско и Охридско; корупцијата во српската администрација во Скопската област; намерата на Србија за укинување на Капитулациите.

*Јазик: **англиски**, француски*

30.1912-1913 г. Сигнатура: 2138

Дипломатска преписка во врска со: мобилизацијата во Австрија; грчкото барање британска поддршка за островите во Егејско Море и во спорот со Бугарија за Солун; романското барање за вклучување на територијата населена со Куцовласи во Албанија; барањето на жителите на Жеровница, Горен и Долен Дебар за приклучување кон Србија, а не кон Албанија; прашањето за отстапување на Одрин од Турција; албанското прашање; испраќањето колективна нота од големите сили до Турција ако не успеале мировните преговори; предлогот за поморска демонстрација на големите сили во Цариград; статусот на Света Гора; повлекувањето на српските трупи од Јадранот; масакрот на Албанци извршен во близина на Дебар од српски трупи; снабдувањето на Младотурскиот комитет со големи парични износи, прашањата за Албанија и Скадар да ги решава меѓународна комисија.

*Јазик: **англиски**, француски, германски*

31.1912-1913 г. Сигнатура: 2140

Дипломатска преписка во врска со: помошта од припадници на Британскиот црвен крст во Црна Гора, Солун и Атина; помошта од Британската црвена полумесечина за муслиманските бегалци во Македонија и Албанија; бројот и состојбата на муслиманските бегалци во Македонија; помошта за затворениците во Одрин, испратена од Британската црвена полумесечина за дистрибуција на помош за муслиманите во Битола, Дебар и Скадар преку британските вицеконзули во Битола и Скадар; забраната за сечење огревно дрво за муслиманите во Битолската конзуларна област; дадената дозвола за сечење огревно дрво на муслимани во Скопската конзуларна област; паричната помош од големите сили за бегалците во Албанија; помошта за бедните во Македонија, Тракија и Албанија.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

32.1913 г. Сигнатура: 2141

Дипломатска преписка во врска со: протестот на големите сили до Владата на Србија поради мешање во администрацијата на Отоманскиот државен долг во запоседнатите територии; состојбата на Отоманскиот државен долг во Битолската област; барањето за преземање чекори за заштита на правата на Отоманскиот државен долг во запоседнатите територии; прашањето за делот на Отоманскиот државен долг што морале да го преземат балканските држави; Адам Блок, претставник на Отоманскиот државен долг на Меѓународната финансиска комисија, барање на Меѓународната финансиска комисија; барање на Владата на Грција до администрацијата на Отоманскиот државен долг за надомест на штетата предизвикана од затворањето на рудниците за сол на Самос.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

33.1913 г. Сигнатура: 2142

Дипломатска преписка во врска со апелите за давање автономија на Албанија; можните решенија за албанската граница; српскиот став - Ипек, Ѓаковица, Призрен и Дебар да не биле вклучени во Албанија; британскиот предлог - меѓународна гранична комисија да го разгледала прашањето за границата на Албанија; различните ставови на Австрија и Русија за албанската граница; опасната фаза во романско-бугарските односи - барањето на Романија на линијата Силистра - Балчиќ; двата можни начини за решавање на албанската граница - изнаоѓање компромис помеѓу рускиот и австрискиот предлог или формирање меѓународна гранична комисија; австриското барање до Русија за распуштање на резервистите ако таа ги намалела трупите на границата на

Галиција; руските предлози за доделување трговски повластици на Албанците во Ѓаковица; прашањето за Скадар.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

34.1912-1913 г. Сигнатура: 2143

Дипломатска преписка во врска со спречувањето да функционира Отоманскиот тутунски монопол и барање на Владата на Србија нејзин монопол; забраната за увоз и продажба на каков било тутун освен српски во Битолската област; барањата за заштита на интересите на британски и италијански државјани и компании вклучени во тутунската индустрија во Македонија; наплатата српска царинска тарифа на стока при влезот во Гевгелија за која веќе била платена царина во Солун; заедничката претставка од дипломатските претставништва на В. Британија, Германија, Италија и Австрија до Владата на Србија поради неправилно наплаќање царинска такса на стока увезена од Солун; двојната наплата на царина на стока увезена од Солун; двојна наплата на царина на стока од Бугари во Кавала; наметнувањето такса за воена контрибуција од српските власти на стока испратена од Солун.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

35.1913 г. Сигнатура: 2144

Дипломатска преписка во врска со: царинските такси на териториите запоседнати од балканските сојузнички држави; колективните претставки на големите сили до балканските сојузнички држави за одржување на тогашниот царински режим до склучување мир и заштита на нивните трговски интереси; претставки од големите сили до Бугарија поради запленета хартија за цигари, наплата на трошарина и данок на алкохол; воведувањето на српска царинска тарифа во новостекнатите српски територии; некомпетентноста и корумпираноста на српските цариници во Битола; поплаките од британски компании поради двојна наплата на царинска такса во Солун и Скопје; немирите во Бејрут предизвикани поради затворање на Реформското друштво.

*Јазик:* ***англиски****, француски, германски, арапски*

36.1913 г. Сигнатура: 2145

Дипломатска преписка во врска со: злоделата извршени врз муслимани во Македонија, Албанија и Тракија; злоделата извршени од Албанци - муслимани во селата во Епир (уништени 188 села); присилното преобраќање на муслимани од Рупчос, Ксуфи, Неврокоп, Џумаја-и-Бала, Ксанти и Кавала во христијани; масакрот на христијани извршен од

турски трупи; масакрите извршени од Срби врз Албанци во Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Урошевац, Гњилане, Призрен, Приштина и Љума; обидот за преобраќање на муслимани од Пехчево во христијани; преобраќањето на католици во православни, извршено од Црногорци.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

37.1912-1913 г. Сигнатура: 2146

Дипломатска преписка во врска со: разијдувањето во политиката на силите на Тројната алијанса и Тројната антанта; уништувањето на имотот на жителите во Гевгелиско, извршено од српски и бугарски трупи; историјатот на Балканската лига; српско-бугарските односи во Македонија; преговорите помеѓу Србија и Бугарија за големината на делот од Македонија што требало да го добијат; судирите помеѓу балканските сојузнички држави; предлогот за одржување конференција на премиерите на балканските сојузнички држави во Санкт Петербург; спогодбата помеѓу Грција и Бугарија за одредување демаркациона линија без неутрална зона.

*Јазик:* ***англиски****, француски*

38. 1911-1912 г. Сигнатура: 1959

***ФОНД: ФОРИН ОФИС, ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА***
***FOREIGN OFFICE, DIPLOMATIC REPORTS ON THE HISTORY OF MACEDONIA***

Активноста на Македонската Внатрешна Организација; инцидент во Штип; злосторства, ограбувања и убиства во македонските вилаети; масакр во Штип; масакр во манастирот Богородица во Скопје; експлозија на бомба во Кичево; попис на извршени убиства во Македонија; реорганизација на жандармеријата во Македонија; Меморандум на Внатрешната македонска организација до генералните конзули на големите сили; за Тајниот сојуз на Србија и Бугарија; за тајниот состанок на врховистите; Манифест на Струмичката секција на македонската революционерна организација; експлозија на бомби во Дојран; ситуацијата во Албанија.

39. 1912 г. Сигнатура: 1960

Настаните во периодот јануари-август: за внатрешната ситуација во Грција /финансиски тешкотии поради долговите/; меѓу Македонската внатрешна организација и албанското движење нема спогодба за соработка; парламентарни избори во Битолскиот вилает; за лошото

однесување на жандармеријата; албанското движење; масакри во Македонија.

40. 1912 г. Сигнатура: 1961

Настани од август-октомври: податоци за Кочанскиот масакр /186 починати, 500 ранети/; експлозија на бомби во Скопје и Солун - 100 убиени, 186 ранети; приближување на балканските држави; ставот на големите сили.

41. 1912 г. Сигнатура: 1962

Подготовка за војна - мобилизација на балканските држави; став на големите сили; почеток на војната; внатрешната ситуација во Турција.

42. 1912 г. Сигнатура: 1963

Објава и тек на војната; за движењето на српските, бугарските, грчките и црногорските војски; распоред и состав на турските единици во Македонија; положбата на македонското население.

43. 1912 г. Сигнатура: 1964

Грчки воени операции; позиции на српската армија; судир на бугарската и српската со турската војска; напредување на сојузничката војска и заземање територија од Македонија; состојба со турската армија; став и однесување на големите сили; воспоставување на власт во ново-окупираните територии; опширен опис на Кумановската битка; положба на македонското население; таен српско-бугарски договор во врска со поделбата на турската територија.

44. 1912 г. Сигнатура: 1965

Величење на Бугарија за заслугите во војната; за настаните во Македонија; движење на српката армија во Македонија; за поделбата на балканските држави на Европска Турција; за капитулација на Солун и Турција; заземање на Битола; настани околу Солун.

45. 1912 г. Сигнатура: 1966

Услови за капитулацијата на Солун; експлозија во близината на Зејтинлк - дело на Сандански; ривалството околу Солун; окупација на Битола; опис на правците на движењето на српската војска; последици од војната;

воени акции кои довеле до заземање на Битола; назначување на воена управа во освоените територии; ситуацијата во Битола и Солун; за окупацијата на Скопје.

*Јазик: англиски*

*ЗАБЕЛЕШКА : Микрофилмуваната архивска граѓа е на англиски јазик. Доколку на одредена микрофилмска лента, граѓата е на повеќе јазици, покрај англискиот јазик, наведени се и останатите јазици, при што посебно е нагласен јазикот кој преовладува.*

# ГЕРМАНИЈА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА
# BUNDESREPUBLIK DEUTSCHLAND

## ПОЛИТИЧКИ АРХИВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - БОН
## POLITISCHES ARCHIV DES AUSWÄRTIGEN AMTESW

*Број на микрофилмови: 47*

*Содржина:*

1. 1903 г. Сигнатура: LXXXVII/1033

***ФОНД: ТУРЦИЈА 156; АКТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СИТУАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА***
***TÜRKEI 156; AKTEN BETREFFEND DER VERHÄLTNISSEN IN MAKEDONIEN***

Извештаи за Македонија кои се однесуваат на религијата, просветата и за активноста на комитите.

2. 1902-1903 г. Сигнатура: LXXXVII/1034

Извештаи и извадоци од весници за положбата на четите во Македонија; политиката на големите сили во однос на македонското прашање; информации за младотурското движење.

3. 1903 г. Сигнатура: LXXXVII/1036

Приликите во Македонија; судир со турските војски во областа на Источна Македонија.

4. 1903 г. Сигнатура: LXXXVII/1037

Извадоци од весници; за престојот на Борис Сарафов во Белград; „Македонско централно здружение“, списанија во Чикаго со податоци за Македонија.

5. 1903 г. Сигнатура: LXXXVII/1038

Приликите во Македонија; за реорганизацијата во Македонија.

6. 1903-1908 г. Сигнатура: LXXXVII/1039

За востанието во Македонија; за Сарафов кој со својот штаб е сместен во Смилево; формираниот суд за заробените востаници; за реформите во Македонија.

7. 1908 г. Сигнатура: LXXXVII/1040

Англо-руска спогодба за Македонија; податоци за младотурците; прокламирање на новиот Устав.

8. 1908 г. Сигнатура: LXXXVII/1041

Младотурската револуција и ставот спрема македонското прашање; податоци за Сандански и Паница.

9. 1908 г. Сигнатура: LXXXVII/1042

Прокламирање на Младотурците за подобрување на ситуацијата во Македонија.

10. 1908 г. Сигнатура: LXXXVII/1043

Соопштение од Внатрешната организација до Младотурскиот комитет; Програма на Младотурскиот комитет со 13 точки; Програма на Сандански со 14 точки; за изборите во Турција; Програма на Македонско-Одринска революционерна организација.

11. 1908-1909 г. Сигнатура: LXXXVII/1044

Разговори меѓу членовите на Внатрешната организација и Сандански како водач на неговата партија; Програма за вилаетите во Македонија; за буџетот во Македонија; национална нетрпеливост во Македонија.

12. 1909 г. Сигнатура: LXXXVIII/1045

Податоци за Сандански и Паница; за долговите и покачувањето на царината.

13. 1909-1910 г. Сигнатура: LXXXVIII/1046

Околу македонското прашање: за основање банка во Солун со филијали во Скопје и Битола; за политиката на Младотурците; информација дека Сандански преку Чернопеев разделил прокламации во Мелник.

14. 1910-1911 г. Сигнатура: LXXXVIII/1047

За состојбата во Македонија; Цариградски парламент - Нацрт-закон за Македонија; Бугарско-грчкиот спор за училиштата и црквите; информации за Сандански и неговите приврзаници; Лондонски балкански комитет.

15. 1911 г. Сигнатура: LXXXVIII/1048

Извадоци од весници; за режимот на Младотурците во Македонија; за атентатите во Македонија.

16. 1911-1912 г. Сигнатура: LXXXVIII/1049

За соработката на комитите со младотурците во Македонија; информации за Чернопеев; Комисија за испитување на злоделата во Македонија; за просветата; изборите во парламентот; податоци за Сандански; статистички податоци за населението во Македонија.

17. 1912 г. Сигнатура: LXXXVIII/1050

Парламентарни избори; за Младотурците и ситуацијата во Македонија.

18. 1913-1914 г. Сигнатура: LXXXVIII/1051

Војна за поделбата и околу поделбата на Македонија.

19. 1941-1941 г. Сигнатура: LXXXVIII/1053

Преговори и планови околу југословенските погранични прашања; за користење на рудните богатства во Македонија /хром-Љуботен/.

20. 1941-1942 г. Сигнатура: LXXXVIII/1054

За утврдување на демаркационата линија во Македонија; за рудниците во Македонија.

21. 1941 г. Сигнатура: LXXXVIII/1055

Бугарско-италијански разговори околу Македонија.

22. 1940-1941 г. Сигнатура: LXXXVIII/1056

За граничните спорови околу Македонија; бугарската окупација на Македонија.

23. 1940 г. Сигнатура: LXXXIX/1057

Историски материјали: 1. Прашање за приодот на Бугарија кон Егејското море; 2. Односот на Грција и Албанија.

24. 1921-1933 г. Сигнатура: 493

***ФОНД: АКТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СИТУАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА***
***TÜRKEI 156; AKTEN BETREFFEND DER VERHÄLTNISSEN IN MAKEDONIEN***

Македонски здруженија во Бугарија; политичката ситуација и политичките убиства во Бугарија; за работат на мешовитата бугарско-југословенска комисија за македонското прашање; македонски политички организации во САД и Канада; македонски академски здруженија; Декларацијата за македонското прашање пред Друштвото на народите; весникот „Балканска федерација" печатен во Виена; убиството на Т.Александров; македонски студентски здруженија во странство; за судењето на студентите во Софија за дело против Законот за заштита на државата; Мара Бунева и Здружението на жените од Македонија; убиството на Протуѓеров и генерал Ковачевиќ; Статутот на ВМРО Обединета, протокол и Резолуција; Декларација на ЦК на ВМРО во Македонија.

25. 1920-1936 г. Сигнатура: 494

***ФОНД: ПРАШАЊА ЗА НАЦИОНАЛНОСТА, ЖЕНЕВСКА КОНФЕРЕНЦИЈА***
***NATIONALITÄTENFRAGEN, GENFER KONFERENZ***

Приликите и печатот на СХС; политички партии и здруженија; изборна кампања во Југославија.

26. 1929-1934 г. Сигнатура: 495

***ФОНД: ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИ ОДНОСИ***
***JUGOSLAWISCHE-BULGARISCHE BEZIEHUNGEN***

Соработката меѓу припадниците на В. Михајлов и Хрватската НДХ; за посетата на Павелиќ во Софија; атентати меѓу приврзаниците на Михајлов и Протуѓеров; атентатот во Марсеј и ситуацијата во Македонија по атентатот.

27. 1941 г. Сигнатура: 496

***ФОНД: ПРИПОЈУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА КОН БУГАРИЈА ВО 1941ѓ.; ИЗВЕШТАЈ ОД ПАТУВАЊЕ НИЗ МАКЕДОНИЈА; ГЕРМАНСКИ КОНЗУЛАРЕН ПРЕСТАВНИК ВО ЈУГОСЛАВИЈА; ПОГРАНИЧНИ ПОДРАЧЈА - МАКЕДОНИЈА, СЕВЕРНА ГРЦИЈА И СОЛУН ВО 1941 ѓ.***
***ANGLIEDERUNG MAKEDONIENS ZU BULGARIEN 1941.; REISEBERICHT 1940.; DEUTSCHER KONSULARVERTRETER IN JUGOSLAWIEN; GRENZ GEBIETE - MAKEDONIENJ; NORDGRIECHENLAND UND SALONIK 1941.***

За отворање на германски конзулати во Скопје и нивното значење; статистички табели и текстуални податоци за Северна Грција и Солун; националност, бројност и вероисповед.

28. 1926-1927 г. Сигнатура: 497

***ФОНД: БОЛШЕВИЗАМ, БУГАРИЈА .***
***BOLSCHEWISMUS, BULGARIEN***

Конгрес на „Македонските комитети“ во Виена; револуционерно-комунистичка активност на Балканот по убиството на Александров.

29. 1936-1940 г. Сигнатура: XCV/1129

***ФОНД: ВНАТРЕШНА ПОЛИТИКА***
***INNERE POLITIK***

Ситуацијата во Вардарската бановина пред војната; протестни демонстрации во Скопје против Германија.

30. 1940-1944 г. Сигнатура: 498

***ФОНД: ЗАПИСИ 1941 ГОД; ИЗВЕШТАИ - БУГАРИЈА***
***ANMERKUNGEN 1941. JAHR; BERICHTE - BULGARIEN***

Податоци за Ванчо Михајлов; настани во Југославија пред војната; бугарска окупација на Македонија; бугарско-италијански спорови околу Македонија; за рудните богатства во Македонија.

31. 1925-1926 г. Сигнатура: 499

***ФОНД: ГРЧКО-БУГАРСКИ КОНФЛИКТ КАЈ ПЕТРИЧ***
***GRIECHISCHE-BULGARISCHER KONFLIKT BEI PETRITSCH***

Грчко-бугарски граничен спор и ставот на Југославија, работата на Друштвото на народите по овој спор.

32. 1914-1918 г. Сигнатура: 500

***ФОНД: СВЕТСКА ВОЈНА, ИДНИНА НА ОКУПИРАНИТЕ ТЕРИТОРИИ ВО МАКЕДОНИЈА***
***WELTKRIEG, ZUKUNFT DER DER BESETZTEN GEBIETEN MAKEDONIENS***

Состојбата во Бугарија и учеството во војната, воени планови за напад на Србија; информации за Протуѓеров и Александров; формирање на Македонски батаљон; за приликите на Македонија под српска власт, во врска со опремувањето на македонската армија.

33. 1888-1918 г. Сигнатура: 1300

***ФОНД: ДИПЛОМАТСКА ПРЕПИСКА***
***DIPLOMATISCHE KORRESPONDENZ***

Политиката и пропагандите на балканските држави спрема Македонија; ставот на амбасадорите на големите сили кон Македонија; податоци за Паница; С. Гопчевиќ - Одговор на офицерот К. Хрон на книгата „Народноста на македонските словени“; Околу доделување на бугарските берати во Македонија; црковни прилики во Македонија; за вооружување на четите.

34. 1922-1945 г. Сигнатура: 1301

С. Радев - македонски делегат во Друштвото на народите; навлегување на бугарски чети во Македонија; за атентатите во Македонија; убиството на

Александров; податоци за Мара Бунева; судски процес против убијците на генерал Ковачевиќ; посетата на Павелиќ во Софија; за ситуацијата по Марсејскиот атентат; ВМРО - В.Михајлов; ситуацијата во Македонија пред војната, под бугарска окупација и за време на повлекувањето на бугарските трупи.

35. 1876-1919 г. Сигнатура: 1302

Околу убиствата на германските и француските конзули во Солун; конгреси на социјалистите низ Европа /Брисел, Базел, Стокхолм и др./; II-ра Цимерманска конференција; Конгрес на жените во Копенхаген.

36. 1884-1888 г. Сигнатура: 1303

Приликите во Македонија; за весникот „Македонски глас"; митинзите во Софија и Белград, како и за ситуацијата во Македонија; за навлегувањето на четите во Македонија; за дипломатијата на големите сили; за македонската манифестација во Атина; статистички податоци за населението; искажувања на Паница во весникот „Берлински дневник".

37. 1877-1879 г. Сигнатура: 1304

Руско-турска војна - став и држење на големите сили; воени настани на Балканот; протоколи од седниците на бугарската делимитациона комисија; за утврдување на границите на Бугарија.

38. 1921-1938 г. Сигнатура: 1511

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Интервју на Александров; убиството на Александров; пресметки на Македонците во Бугарија; одговор на Чаулев на Протуѓеров и Александров; допис на Задграничното преставништво на ВМРО во Софија; српски терор во Македонија; во врска со Зборникот на песни од Миладиновци; В. Михајлов; македонски политички организации во САД и Канада.

39. 1922-1932 г. Сигнатура: 1512

Македонско движење во Бугарија; пресметка меѓу Михајловистите и Протуѓеровистите; убиството на Александров и Протуѓеров; атентати во Македонија; судски процеси против атентаторите; македонски политички организации во САД и Канада; основање Сојуз на македонски здруженија на Европа; убиството на генералот Ковачевиќ; Работата на друштвото на

народите; Мешовита југословенска-бугарска комисија; за отворање на македонски училишта и цркви во Албанија.

40. 19891-1933 г. Сигнатура: 1513

Студијата на австрискиот филолог д-р Облак од студиското патување по Македонија; афера Самарџиев; митинзи во Бугарија за подобрување на положбата во Македонија; Македонски конгрес /1895/; македонски здруженија во Бугарија; Дејноста на Македонскиот централен комитет во врска со востанието во Македонија 1895 г.; за уфрлувањето банди во Македонија; доделувањето на берати за Бугарија; основање на Македонски клуб во Белград; македонски политички организации во САД и Канада.

41. 1892-1894 г. Сигнатура: 1514

***ФОНД: ГРЧКО-СРПСКИ ДОГОВОРИ,***
***ВЕСНИЦИ „ПИРИНПЛАНИНА“,***
***„ГЛАС МАКЕДОНСКИ“,***
***„БУГАРСКИ ТРГОВСКИ ВЕСНИК“***
***GRIECHISCHE-SERBISCHE VERTRÄGE,***
***ZEITUNGEN „PIRIN PLANINA“ („PIRIN-GEBIRGE“),***
***„GLAS MAKEDONSKI“ („MAKEDONISCHE STIMME“),***
***„BULGARISCHER HANDELSBLATT“***

Новинарски натписи; бугарски митрополит Теодосије; австрискиот филолог д-р Облак.

42. 1921-1941 г. Сигнатура: 1613

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Слободна пристанишна зона во Солун; Конвенција Југославија-Грција; внатрешно-политичка ситуација во Југославија до почетокот на војната и пристапување кон Тројниот пакт; Мартовските настани во Белград; нов југословенски кабинет со наведени имиња за сите министри; заземање на Скопје и други градови во Македонија.

43. 1931-1941 г. Сигнатура: 1614

Односите Југославија-Бугарија; односот на В.Михајлов кон Германија; југословенски став кон силите на Оската; напад на Југославија; ставот на САД и Англија; бугарска окупација на Македонија; за поделбата на стара Југославија; акти за капитулација; мартовски настани во Белград.

44. 1940-1944 г. Сигнатура: 1830

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПЕРИОДОТ ОД ФАШИСТИЧКА ОКУПАЦИЈА***
***DOKUMENTE ÜBER DIE GESCHICHTE MAKEDONIENS FÜR DIE ZEITSPANNE DEFR FASCHISTISCHEN BESATZUNG***

Информации за Михајлов; движење „Ратници“; приликите во Бугарија и ставот кон Југославија и Грција; германско-бугарски договор за поделбата на Македонија; експлоатација на рудните богатства во Македонија.

45. 1886-1941 г. Сигнатура: 2169

***ФОНД: БЕРЛИНСКИ КОНГРЕС 1878;***
***ДОКУМЕНТИ ОД ГЕРМАНСКИОТ КОНЗУЛАТ ВО СОЛУН 1886-1912;***
***ДОКУМЕНТИ ОД ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 1937-1941;***
***BERLINERKONGRES 1878;***
***DOKUMENTE VON DEM DEUTSCHEN KONSULAT SALONIK 1886-1912;***
***DOKUMENTE AUS DER ZEITSPANNE DES ZWEITEN WELTKRIEGE 1937-1941;***

Обработен е првиот дел од микрофилмот кој се однесува на настаните пред и за време на одржувањето на Берлинскиот конгрес, и за ситуацијата во Македонија по конгресот.

46. 1878-1905 г. Сигнатура: 2568

***ФОНД: ПОЛИТИКАТА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ КОН МАКЕДОНИЈА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТСКАТА ВОЈНА***
***DIE POLITIK DER GROßMÄCHTE GEGENÜBER MAKEDONIEN IN DEM ERSTEN WELTKRIEG***

Материјали од Берлинскиот конгрес; за востанието во Македонија; географска карта на Балканот со текст за националностите кои живеат на Балканот; реформи во Македонија; Албанското движење; Меморандум „Бугарско-македонска лига“; „Слобода или смрт“ упатен до Берлин.

47. 1907-1914 г. Сигнатура: 2569

За реформите во Македонија; ситуацијата во турската војска; дејноста на Младотурскиот комитет; за однесувањето на Албанците во Македонија; за уривањето на Младотурците; Социјалистички клуб во Солун.

*Јазик: германски*

# ГЕРМАНИЈА ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА
# DEUTSCHE DEMOKRATISCHE FREPUBLIK

## ГЕНЕРАЛЕН ЦЕНТРАЛЕН АРХИВ - ПОТСДАМ
## ZENTRALES STAATSARCHIV - POTSDAM

*Број на микрофилмови: 16*

*Содржина:*

1. 1912-1913 г. Сигнатура: 1293

***ФОНД: ДИПЛОМАТСКА ПРЕПИСКА***
***DIPLOMATISCHE KORRESPONDENZ***

Српски обврски спрема пристаништето во Солун; српски воен данок во окупираните територии; слободна зона во пристаништето Солун; царинска служба во Солун; трговски односи на балканските држави по склучениот мир; Балканска финансиска конфедерација; српско-грчки мораториум.

2. 1908-1943 г. Сигнатура: 1294

Приликите во Турција; стопански врски на Германија со балканските земји; балкански војни и последици од војните; влегување на бугарската војска во Македонија; ситуацијата во Солун; градба на патишта во Македонија по војната; железничкиот сообраќај Солун-Скопје; околу царината во поделена Македонија; во врска со дејноста на Ванчо Михајлов.

3. 1909-1913 г. Сигнатура: 1295

Германска просветна пропаганда во Солун; за македонското рудно богатство.

4. 1887-1913 г. Сигнатура: 1296

За трговијата во Солун; за железничкиот сообраќај на релација Скопје-Тетово-Гостивар; градба на патиштата во Македонија; трамвај во Битола 1912 год.

5. 1905-1911 г. Сигнатура: 1297

Во врска со странските училишта во Солун.

6. 1885 г. Сигнатура: 1298

Трговијата во Солун; германски интереси за Солун.

7. 1904-1906 г. Сигнатура: 1299

Трговски извештаи за Солун; извештаи за пловидбата во Солунското пристаниште.

***ИЗВАДОЦИ ОД ВЕСНИЦИ:***

8. 1907-1944 г. Сигнатура: 4119

***ФОНД: „МАКЕДОНИЈА“, „КОМУНИЗАМ ВО ЈУГОСЛАВИЈА“, „ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИ ОДНОСИ“ „MAKEDONIEN“, „KOMUNISMUS IN JUGOSLAWIEN“, „JUGOSLAWISCH-BULGARISCHE BEZIEHUNGEN“***

9. 1908-1912 г. Сигнатура: 4120

***ФОНД: БАЛКАНСКО ПРАШАЊЕ BALKANFRAGE***

10. 1912-1935 г. Сигнатура: 4121-4124

***ФОНД: МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ BALKANFRAGE***

11. 1912-1935 г. Сигнатура: 4122

12. 1912-1935 г. Сигнатура: 4123

13. 1912-1935 г. Сигнатура: 4124

14. 1913-1941 г. Сигнатура: 4125

***ФОНД: БАЛКАНСКО ПРАШАЊЕ /1913-1941/***
***BALKANFRAGE /1913-1941/***

15. 1906-1944 г. Сигнатура: 4126

***ФОНД: БУГАРИЈА***
***BULGARIEN***

16. 1915-1642 г. Сигнатура: 4129

***ФОНД: СРБИЈА, ГРЦИЈА***
***SERBIEN, GRIECHENLAND***

*Јазик: германски*

ЗАБЕЛЕШКА: Микрофилмови со сигнатура од 4119-4129 со потекло од германскиот научен институт за странство, преставуваат новински исечоци со податоци за Македонија: Став и интереси на големите сили за Македонија; религиите во Македонија; податоци за комитите; реформите во Македонија; Мирцштетски реформи; Балканскиот комитет во Лондон; социјалистите во Брисел; убиството на Сарафов и Гарванов; балканските војни и последиците од нив; рудното богатство во Македонија; југословенската аграрна реформа за доделување на земја на колонистите во Јужна Србија; за изборите во Вардарска бановина; за Ванчо Михајлов и атентатите во Македонија.

# ИТАЛИЈА
# ITALIA

## ИСТОРИСКИ АРХИВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - РИМ
## ARCHIVIO STORICO DEL MINISTERO DEGLI AFFARI ESTERI - ROMA

Дипломатските извештаи за Македонија се однесуваат на политички гледишта на дипломатијата на Големите сили во врска со решавањето на македонското прашање. Во истите се отсликани и политичките гледишта на балканските земји кон македонското прашање. Извештаите и преписката се однесуваат на активностите на италијанските дипломатски претставници во Солун, Битола, Софија, Белград, Букурешт, Цариград, Виена, Петроград и други центри. Од нивните контакти со политичките претставници на другите земји сочувани се значајни извори за Македонија во најбурниот пред-илинденски период.

*Број на микрофилмови: 32*

*Содржина:*

1. 1895 г. Сигнатура: LIX / 703

***ФОНД: ИТАЛИЈАНСКО МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА МАКЕДОНИЈА „НАПОР“ - РЕВОЛУЦИОНЕРЕН МАКЕДОНСКИ ЛИСТ MINISTERO DEGLI AFFARI ESTERI - RAPPORTI DIPLOMATICI SULLA MACEDONIA, „NAPOR“***

Преписка од втората половина на 1895 година (август-декември); по решавањето на ерменското прашање Бугарија се залага за решавање на „македонското прашање“; пропагандите на соседните земји се засилуваат, Бугарија преку Егзархијата ја засилува пропагандата; Србија отвора училишта во Македонија; Грција се чувствува загрозена; сета дипломатска преписка укажува дека реформите во Македонија се неопходни, со цел да се избегнат вооружени судири.

2. 1895 г. Сигнатура: LIX / 704

Преписката се однесува на периодот јануари - јули 1895 година. Во Бугарија се засилува пропагандата преку засилени митинзи за решавање на македонското прашање во корист на „бугарското“ население, дури се

бара и автономија; Србите преземаат чекори да ја спречат бугарската пропаганда, во Белград е основан весникот „Македонија“; Бугарскиот Егзарх смета дека само со вооружена активност може да се присили Турција да го отвори прашањето за македонската автономија, а големите сили не се согласуваат со тоа; судски процес во Прилеп во врска со убиството на еден даночник.

3. 1896 г. Сигнатура: LIX / 705

Романскиот парламент јавно го поддржува раководителот на романските училишта во Македонија - водачот на влашкото лоби Маргарити. Власите се против бугарската и грчката пропаганда во Македонија; во Македонскиот револуционерен комитет во Бугарија доаѓа до поделба поради контактите на дел од активистите со бугарската Влада; дипломатските укажувања дека само реформите може да го спречат пролетното вооружено движење во Македонија; за претпоставката дека македонско - бугарските комитети се подготвуваат да испратат над 5000 вооружени лица во Македонија.

4. 1898 - 1900 г. Сигнатура: LIX / 706

Бугарија, преку три декрети на султанот, ја зајакнува својата позиција во Македонија (берати за Битола, Дебар и Струмица); Грција се чувствува загрозена и го повлекува Митрополитот од Пелагонија; Грците и Србите протестираат до султанот; генерална оценка е дека македонското население, без помош од надвор, не може да организира востание; доколку Бугарија се реши на вооружена агресија не би добила поддршка ниту од големите сили, ниту од населението во Македонија. Русија не би поддржала ничија вооружена интервенција во Македонија; Македонските комитети се против поделбата на Македонија; во првиот број на весникот „L' EFFORT“ - Женева, се пропагира за административна автономија на Македонија.

5. 1902 г. Сигнатура: LIX / 707

Бугарско - македонските комитети подготвуваат немири во Македонија; Турција бара посредување од Лондон, кој и препорачува контакти со Русија; навлегување на „бугарски чети“ во Македонија (Битола) под команда на генералот Јанков, четите во Скопскиот Вилает имаат помало влијание; Турција распоредува вооружени чети на границата со Бугарија; Турција инсистира судските и полициските органи во европскиот дел на Турција - посебно Македонија, да не ги толерираат сторителите на кривични дела; тешко се спроведуваат реформите поради неспособноста на државните службеници и целокупната администрација; вооружувањето во Македонија продолжува со помош на бугарско-македонските комитети.

6. 1901-1902 г. Сигнатура: LIX / 708

Подготовките за востание во Македонија се засилуваат; Сарафов бара помош за ослободување на христијаните во Македонија од италијанскиот крал; Бугарската Влада го затвора Сарафов, со цел да покаже дека не соработува со комитетите но, набрзо го ослободува; Бугарската Влада не го спровела ветувањето, да го спречи вооружувањето на населението и активноста на македонските комитети, дадено на Големите сили; рускиот и австрискиот амбасадор го убедиле султанот да изврши промени во судството и администрацијата во европскиот дел на Турција; Портата испратила техничка комисија да ја испита состојбата.

7. 1903 г. Сигнатура: LIX / 709

Оценки за политичката ситуација во Битолскиот Вилает - комисијата на Хилми паша ќе ја влоши ситуацијата со реформите; султанот ветил признавање на романската - влашка нација во Македонија; список на 114 изгорени села од страна на турските чети и башибозукот (нерегуларни воени единици); Судири на Пелистер по Илинденското востание, революционерните чети се повлекле, а Сарафов и Даме Груев отпатувале за Бугарија или Солун; Бугарија е незадоволна од предлогот за спроведување на реформите под раководство на Хилми паша, а цивилен администратор да биде Германец; Бугарија стравува од австро - рускиот договор за Мирцштетските реформи во Македонија при што ќе бидат загрозени интересите на „бугарското“ население во Македонија; српската власт е загрижена поради албанското „вриење“ во Новопазарскиот санџак; Македонските комитети бараат христијански гувернер - администратор, инаку востанието ќе продолжи - изјава на Сарафов за „Тајмс“.

8. 1903 г. Сигнатура: LX / 710

Преписка за периодот април - јули 1903 година. Востаничките активности се насочуваат во Битолскиот Вилает; Турција ангажира 40.000 војници за Македонија; затворени се сите учители во Солун - бугарскиот министер Донев реагира на засилените турски репресалии; преку турски извори се пренесува веста за убиството на Гоце Делчев; албанското - муслиманско население е против реформите во Македонија; султанот на бугарскиот министер Начовиќ му ветил толерантно однесување кон населението во Македонија, како и проширување на реформите.

9. 1903 г. Сигнатура: LX / 711

Преписка за периодот јануари - април 1903 година. Турција ги концентрирала војските кај Едрене, на што реагирала Бугарија, која ги продолжува подготовките за востание; Романија се залага за статус - кво состојба на Балканот; за руско - австриското предлог за реформи не се дадени никакви изјави; ако Турција го одбие предлогот за реформи,

Србија ќе биде на страна на Австрија -Виена. Турција го прифаќа спроведувањето на меморандумот, а Италија е заплашена дека реформите ќе се прошират во Албанија; Русија испраќа смирувачки тонови за Албанија; Хилми паша е испратен во Скопје да го надгледува албанското движење во Косово; извадоци од руски и романски весници за положбата во Македонија -посебно Битолскиот Вилает.

10. 1903 г. Сигнатура: LX / 712

Преписка за периодот јули - септември 1903 година. Известувања за акциите во Крушево; список на христијански села во Македонија (по вилаети, нахии и кази) кои во август 1903 г. се спалени, а селаните масакрирани; Бугарија преку своите дипломатски претставници бара да се спречат масакрите во Македонија; романската јавност бара заштита на Власите во Крушево; Берлин ја обвинува Бугарија за тешката состојба на Балканот; Бугарија ја прифаќа политичката програма на Русија и Австрија, но бара проширување на меморандумот - можност да се именува христијански гувернер; про - ерменскиот и про - македонскиот комитет за мир од Милано ги повикуваат сите европејци да вложат сили за смирување на состојбите во Македонија.

11. 1903 г. Сигнатура: LX / 713

Преписка за периодот 4 - 26 август 1903 година. Востаничките чети ги прекинале телеграфските и железничките врски во Битолскиот Вилает; размерите на Илинденското востание за што следи одмазда од турските вооружени сили; Турција извршила мобилизација поради востанието во Македонија и презела обврска да ги извести Големите сили; Турција бара италијанско посредништво да ја натера Бугарија да престане да ги помага востаниците; Бугарија ги отфрла обвинувањата, а неспроведувањето на реформите е предуслов на востанието; писмо од Татарчев и Матов (делегати на внатрешната организација) дека ќе се борат до постигнување на своите цели; востаничките активности се засилуваат; Портата презема засилени мерки за смирување на состојбата но, не е способна да изврши суштински реформи; Лондон е загрижен од присуството на руски бродови во Босфорот.

12. 1881 г. Сигнатура: LX/716

***ФОНД: БИЛТЕН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - ЗА ТРГОВИЈАТА И ИНДУСТРИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА***
***BOLLETINO DEL MINISTERO DEGLI AFFARI ESTERI SUL COMMERCIO E INDUSTRIA IN MACEDONIA***

Известување за трговскиот промет во град Солун во 1881 год.; извештаи за трговијата и индустријата во Македонија, со податоци за населението, прометот и увозот и извозот.

13. 1884 г. Сигнатура: LX/714

***ФОНД: КОНЗУЛСКИ БИЛТЕН - ПОДАТОЦИ ЗА СОЛУН***
***BOLLETINO CONSOLARE - SALONICCO***

Конзуларен билтен за Солун, подготвен од Италијански конзул, кој содржи опширни податоци за 1882 год. а се однесуваат на развојот на градот Солун, школите, населението, трговијата и индустријата и др.

14. 1885 г. Сигнатура: LX/715

Конзуларен билтен со податоци за увоз-извоз во Солун во 1884 год.

15. 1892-1898 г. Сигнатура: LX/717

***ФОНД: БИЛТЕН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ - ТУРЦИЈА, БИТОЛСКИ ВИЛАЕТ***
***BOLLETINO DEL MINISTERO DEGLI AFFARI ESTERI - TURCHIA - VILAYET DI MONASTIR***

Билтен на Министерството за надворешни работи „ТУРЦИЈА - БИТОЛСКИ ВИЛАЕТ“ во кој се дадени податоци за населението, сообраќајот, земјоделието, трговијата, политиката и судската организација на вилаетот.

16. 1864-1904 г. Сигнатура: 99

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ НА ИТАЛИЈАНСКИТЕ КОНЗУЛИ ОД БЕЛГРАД, АТИНА, СОЛУН И ЦАРИГРАД***
***RAPPORTI CONSOLARI DA BELGRADO, ATENE, SALONICCO E COSTANTINOPOLI***

Дипломатски извештаи за Македонија; за бугарската и српската пропаганда, во Белград е основан весникот „Македонија„; за црквите во Македонија; податоци за земјоделските приноси; статистички податоци за трговијата, населението, производството на памук, ориз и волна; за српската нумизматика /Верковиќ/ и за бербата на тутунот; дејноста на Лазаристите; правилник на Еврејскиот колеџ во Солун.

17. 1864-1903 г. Сигнатура: 100

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ НА ИТАЛИЈАНСКИ ПРЕСТАВНИШТВА: АТИНА, СКАДАР, СОФИЈА, БЕЛГРАД, ЦАРИГРАД И ДРУГИ***
***RAPPORTI DI RAPPRESENTANZE ITALIANE: ATENE. SCUTARI. SOFIA. BELGRADO. COSTANTINOPOLI ECC.***

Ситуацијата во Грција; извадоци од весници; движењето на Македонците во Бугарија; Комисија за разграничување на Источна Румелија; навлегување на бугарски чети во Македонија; податоци за движењето на Лазаристите; податоци за железничка пруга низ Македонија; револуционерното движење во Македонија; за ситуацијата во Кнежевството Бугарија; активност на Австро-Унгарија за хегемонија во Македонија; податоци за Паница.

18. 1891-1910 г. Сигнатура: 101

***ФОНД: МАКЕДОНСКИ АГИТАТОР БОРИС САРАФОВ И ДРУГИ ИЗЕШТАИ НА ИТАЛИЈАНСКИ КОНЗУЛИ ВО СОФИЈА***
***AGITATORE MACEDONE BORIS SARAFOV ED ALTRI RAPPORTI CONSOLARI DA SOFIA***

За посетите на Сарафов во странство; за изградбата на железничка линија во Македонија; за новите берати за Бугарија во Македонија; грчката и српската црковна политика во Македонија.

19. 1899-1902 г. Сигнатура: 102

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ НА ИТАЛИЈАНСКИ КОНЗУЛ ВО СОФИЈА***
***RAPPORTI CONSOLARI DA SOFIA***

Македонски конгрес на кој е избран нов Централен комитет и делегат на Меѓународната конференција во Хаг; податоци за грабнувањето на Мис Стон; за судскиот процес за Сарафов.

20. 1902-1907 г. Сигнатура: 126

***ФОНД: ДИПЛОМАТСКИ ДОКУМЕНТИ НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА МАКЕДОНИЈА - РИМ***
***DOCUMENTI DIPLOMATICI DEL PARLAMENTO ITALIANO SULLA MACEDONIA - ROMA***

За бројноста на четите во Битола; за македонскиот конгрес; немири пред востанието во Битола; „Гвадалкивир“; востаничкото движење во Битола; активности на Мешовитата комисија за реформите во Македонија; Мирцштетски договор; цивилни агенти; податоци за „Бандата на Сандански„; попис на населението.

21. 1903-1905 г. Сигнатура: 127

Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание како и за реформите во Македонија и предлозите на големите сили; за

реорганизацијата на жандармеријата, податоци за гемициите, спроведување ма Мирцштетскиот договор; цивилните агенти во Македонија; ставот на големите сили околу поделбата на Македонија;ставот на големите сили околу поделбата на Македонија; за борбите на странските пропаганди; за воените аташеа во Македонија; околу финасовиот правилник за Македонија; за засиленото револуционерно движење во Македонија; увозот и зголемувањето на царината.

22. 1859-1876 г. Сигнатура: 171

***ФОНД: РЕГИСТЕР НА КОПИИ ЗА ТЕЛЕГРАМИ ПРЕСТАВНИШТВО НА НЕГОВО ВИСОЧЕСТВО ВО ЦАРИГРАД АРХИВ НА КАБИНЕТОТ - ПРЕПИСКА НА КОНЗУЛОТ - ТРГОВСКА СЕРИЈА; ИЗВЕШТАИ КОИ ПРИСТИГНАЛЕ ОД ТУРЦИЈА***
***REGISTRO DELLE COPIE DI TELEGRAMMI - RAPPRESENTANZA DELLA S.M. A COSTANTINOPOLI - ARCHIVIO DEL GABINETTO - CORRISPONDENZA CONSOLARE - SERIE COMMERCIALE; RAPPORTI DALLA TURCHIA***

За ситуацијата во Србија и Босна и Херцеговина; за грчките аспирации кон Македонија; за немирите во Албанија; за административните граници на Македонија, податоци за населението и условите за живеење; создавање на Солунски санџак; примена на Хатихумајунот; укинување на вакуфите; за Лазаристите; дополнително објаснување на разни видови сопствентост /бакуфи, чифлици и др/; Закон за недвижен имот; Херцеговачкото востание; за даноците во Турција.

23. 1875-1877 г. Сигнатура: 172

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ КОИ ПРИСТИГНАЛЕ ОД ТУРЦИЈА***
***RAPPORTI DALLA TURCHIA***

Конзулски собир во Солун; убиство на двајца конзули во Солун; за турско-српската војна; за колонизацијата со Татари и Черкези; статистички податоци за Бугарија; податоци за состојбата во Прилепската каза; за потребата за реформи во Бугарија.

24. 1877-1878 г. Сигнатура: 173

Околу реформите во Бугарија; преписка околу безбедноста; податоци за етнографските и политичките услови во Македонија по региони; укинување на Битолскиот вилает; Кримската војна; политиката на конзулите во Македонија по Кримската војна со историјат на конзулите.

25. 18778-1879 г. Сигнатура: 174

За востанието во Македонија; статистички податоци за населението во Тракија и Македонија; за грчките школи; за новото бугарско движење според Руско-турскиот мировен договор; статистички податоци за населението во Кукуш; етнографска статистика на регионите во Македонија, спрема официјалната турска статистика /по санџаци/ за Серски санџак; податоци за други санџаци од С.Верковиќ; за судирот на турската војска со македонски чети; за Албанската лига; за Разловечкото и Кресненското востание.

26. 1879-1886 г. Сигнатура: 175

Ситуацијата во Косово; за востаничкото движење во Мариово и Прилеп; за четништвото во Серско; Програма за реформи во Македонија; Албанска лига; Лазаристи.

27. 1886-1897 г. Сигнатура: 176

Во врска со Балканска конфедерација; за Лазаристите; за железничката линија Белград- Солун; за Централниот македонски комитет во Софија; за бугарските и српските школи во Македонија; за подготовките на востание во Македонија; инцидентот во Скопје во Православна црква по повод Велигден и Божиќ; околу реформите во Македонија; албански друштва „Дрита“ и „Дешир“; за нередите во Скопје, Прилеп и Куманово; за српската и романската пропаганда.

28. 1897-1908 г. Сигнатура: 177

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАИ ОД ТУРЦИЈА***
***RAPPORTI POLITICI DALLA TURCHIA***

Политичката ситуација во Турција и на Балканот; во врска со албанското прашање; дејството на Албанската лига во Дебар; Албанскиот конгрес во Пеќ; Албанско-македонска лига; Призренска лига; Албанскиот конгрес во Битола за унифицирање на албанската азбука; за идните реформи во Македонија; за доделувањето на берати на Бугарија; за ситуацијата во Македонија; за грабнувањето и околу ослободувањето на Мис Стон; податоци за Борис Сарафов; за навлегувањето на чети во Македонија); Генерален конгрес на Младотурскиот комитет во Солун - „Обединување и напредок“.

29. 1868-1909 г. Сигнатура: 178

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ ОД ТУРЦИЈА, ГРЦИЈА И СРБИЈА***
***RAPPORTI DALLA TURCHIA ,GRECIA, SERBIA***

За младотурците: Основачкиот конгрес во Солун, и реакцијата против младотурците; печатот; политички статии; ситуацијата во Битолскиот вилает; за весникот во Солун чиј уредник е Сандански; за затворањето на Христо Татарчев и извадок од весник со негово интервју.

30. 1876-1906 г. Сигнатура: 179

***ФОНД: ИЗВЕШТАИ ОД СРБИЈА***
***ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАИ ОД БУГАРИЈА***
***БУГАРСКО-МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ***
***RAPPORTI DALLA SERBIA/RAPPORTI POLITICI DALLA BULGARIA QUESTIONE BULGARO-MACEDONE***

Опширен приказ за Охридската архиепископија; за создавањето на Балканската конфедерација; ситуацијата во Македонија; изградба на железничка линија; за востаниците во Македонија; околу Мирцштетските реформи; масакарот во Загоричани; втор конгрес на јужнословенски публицисти на автори и наставници; влошување на ситуацијата во Битолскиот вилает по востанието; палење на селото Баница 6 мај 1903 год.; експлозија на францускиот брод „Гвадалкивир“; судир на турска војска со македонските комити.

31. 1903-1904 г. Сигнатура: 180

***ФОНД: БУГАРСКО-МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ***
***QUESTIONE BULGARO-MACEDONE***

Цивилни агенти и воени аташеа на големите сили во Македонија; реформи во Македонија; странски офицери кои учествуваат во реорганизацијата на македонската жандармерија; записници од седници на Меѓународната комисија и за реорганизација на македонската жандармерија.

32. 1903 г. Сигнатура: 145

Овој микрофилм е втор дел од микрофилмот кој е заведен како „Друштво на народите“ - Женева.
Содржината на документите објавена од страна на италијанското Министерство за надворешни работи под наслов „Македонија“ 1903-1906, податоци за гемиџиите и ситуацијата по извршените атентати; за амнестијата на востаниците; за реформите во Македонија.

*Јазик: италијански*

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ИТАЛИЈА - РИМ
## MINISTERO DEGLI AFFARI ESTERI - ROMA

*Број на микрофилмови: 2*

*Содржина:*

1. 1932-1938 г. Сигнатура: М-3483/1-307

***ФОНД: ПОЛИТИЧКИ РАБОТИ - ЈУГОСЛАВИЈА***
***AFFARI POLITICI***

Списание „Македонија", гласило на ЦК на Македонските политички организации од САД и Канада со статии во полза на автономијата на Македонија; српската пропаганда меѓу македонските емигранти во САД; дејноста на студентската младина во Белград; посета на претставникот на лондонскиот „Балкански комитет" во Белград; бугарско-југословенски односи и Македонија; македонското движење во Виена; финансирање од југословенската страна на М. Томалевски за борбата против И. Михајлов; односите меѓу православните цркви (посетата на буг. патријарх во Охрид); дејноста на албанската емиграција во Југославија; броеви на гласилото на италијанската колонија во „Јужна Србија" (1938 год.) „Италијански глас" од Скопје - со статии за културните настани во Скопје и околината; трговска размена меѓу Италија и Југославија и др.

2. 1940-1942 г. Сигнатура: М-3542/1-365

Положбата во Македонија по „ослободувањето од српска власт"; телеграми на населението од Охридско со благодарноста до Мусолини; албанско-бугарските односи; барањето на Бугарија за доделување на Македонија; положбата на Власите; состојбата во Скопје; иселувањето од Тетово во Скопје; враќање на македонските заробеници во Македонија; аспирации на соседни земји за поделба на Македонија; посетата на кралот Борис на Италија; протоколот меѓу ВМРО (Протогеров) и Албанците (Хасан-бег Приштина) за границата меѓу Македонија и Албанија; македонското прашање од аспект на Софија; состојбата во Струга и Охрид; четничката дејност во Македонија; бомбардирањето на Битола од страна на Италијаните, барања за обештетување на жртвите и др.

*Јазик: италијански*

# РУСИЈА (СССР, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА)
# РОССИЯ (СССР, РУССКАЯ ФЕДЕРАЦИЯ)

## АРХИВ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РУСИЈА - МОСКВА
## (АРХИВ ВНЕШНЕЙ ПОЛИТИКИ РОССИИ - МОСКВА)

*Број на микрофилмови: 5*

*Содржина:*

1. 1857-1876 г. Сигнатура: 1046

***ФОНД: АМБАСАДАТА ВО ЦАРИГРАД***
***ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ***

Дипломатска преписка во врска со состојбата во Македонија: извештаи, соопштенија, информации за ширењето на странските пропаганди; за незадоволството на народот поради тешкиот живот; за отпорот против турските власти; за формирањето одреди за акции против Турците; за ширењето на разбојништвото на Албанците; за материјалната помош од Русија за словенските цркви и училишта во Македонија; за дејноста на етнологот Стефан Верковиќ; за обидите за ширење на католицизмот и унијатството; за изградбата на патишта, мостови и на железницата Солун-Скопје, и др.

***ФОНД: ГЛАВЕН АРХИВ У-А$_2$***
***ГЛАВНЫЙ АРХИВ У-А$_2$***

Извештаи на В. Максимов за верските борби во Македонија; за судирите на словенското население со грчките црковни власти; за борбите меѓу егзархистите и патријаршистите; за ширењето на унијатството, и др.

*Јазик:* ***руски****, француски, бугарски*

2. 1886-1891 г. Сигнатура: XCVI/1147

***ФОНД: АМБАСАДАТА ВО ЦАРИГРАД***
***ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ***

Дипломатски документи за историјата на Македонија: извештаи на дипломатски претставници во Македонија за економската положба во Битолскиот вилает; за состојбата во земјоделството и трговијата; за индустрискиот и трговскиот развиток - трговијата, занаетите и

печалбарството; за злоупотребите на турските судски и финансиски власти, особено при собирањето даноци, и др.

*Јазик:* ***руски***, *бугарски*

3. 1861-1875 г. Сигнатура: 1050

***ФОНД: АМБАСАДАТА ВО ЦАРИГРАД***
***ПОСОЛЬСТВО В КОНСТАНТИНОПОЛЕ***

Извештаи на руски дипломатски претставници во Македонија до руското Министерство за надворешни работи во врска со: состојбата во Македонија; грабежите, насилствата, убиствата во земјата; ширењето на општословенската идеја кај народот; ширењето на националните и верските пропаганди; почетокот на реализирањето на реформите; отворањето словенски училишта; индустријата и трговијата во Битолскиот санџак; реформите во администрацијата, судството, даночната политика, и др.

***ФОНД: ГЛАВЕН АРХИВ У-А₂***
***ГЛАВНЫЙ АРХИВ У-А₂***

Отворање на Рускиот конзулат во Битола; состојбата на словенските училишта; ширење на католичката и протестантската пропаганда; опис на црквите, манастирите, училиштата во Охридско и во Дебарско; податоци за дејноста на жителите на Битолски, Охридски и Костурски санџак; за вредноста на увезената и извезената стока, за резултатите од жетвата, за изградбата на железничката пруга Скопје-Солун, и др.

*Јазик:* ***руски***, *бугарски*

4. 1903-1912 г. Сигнатура: XCVI/1145

***ФОНД: КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СЛОВЕНСКИ РАБОТИ***
***СЛАВЯНСКИЙ СТОЛ***

Документи за животот и дејноста на К. П. Мисирков: барања до руското МНР да му се додели служба во Русија, да биде префрлен во Одеса; барање дозвола за печатење на списанието на македонски јазик „Вардар“ и трговско-индустрискиот весник на руски јазик „Блиски Исток“; извештај за престојот на Мисирков во Русија и неговата работа до 1911 год.; преглед на неговата публицистичка дејност од 1905 до 1912 год.; „По повод германските совети“ - статија на Мисирков за состојбата на Балканот, и др.

5. 1851-1882 г. Сигнатура: XCVI/1146

Дипломатски документи за историјата на Македонија: во врска со помошта на руските власти за отворање словенски училишта во Турската Империја - одредување редовна годишна сума за православните училишта; школување на млади кадри во Русија; податоци за потребите на училиштето во Охрид; податоци за бројот на училиштата, учениците и учителите во Кукуш, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски*

## ЦЕНТРАЛЕН ДРЖАВЕН ИСТОРИСКИ АРХИВ НА СССР - МОСКВА
## ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ГОСУДАРСТВЕННЫЙ ИСТОРИЧЕСКИЙ АРХИВ СССР - МОСКВА

*Број на микрофилмови: 2*

*Содржина:*

1. 1851-1915 г. Сигнатура: 319

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Документи за историјата на Македонија: за верските судири и дејствувањето на пропагандите во Македонија; за собирањето прилози во Русија за настраданото население по Илинденското востание; за формирањето на друштвото „Св. Кирил и Методиј“; за излегувањето на весникот „Македонски голос“ на Чуповски, барања за школување на Македонци во Русија; и др.

*Јазик:* ***руски****, француски*

2. 1858-1915 г. Сигнатура: 320

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Материјали за историјата на Македонија: за состојбата на словенските народи во Европска Турција; патеписни белешки за Македонија; податоци за Македонците што се школувале во Русија; за положбата на Македонија по Балканските војни; предлози и апели до сојузничките балкански држави и до големите сили за решавање на македонското прашање, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, француски, англиски*

# АРХИВ НА АКАДЕМИЈАТА НА НАУКИТЕ НА СССР - ФИЛИЈАЛА ЛЕНИНГРАД
# АРХИВ АКАДЕМИИ НАУК СССР - ЛЕНИНГРАДСКИЙ ФИЛИАЛ

*Број на микрофилмови: 8*

*Содржина:*

1. 1861-1892 г. Сигнатура: 559 (1044 А, Б, В и 1048)

***ФОНД: МАКЕДОНО-АЛБАНСКА ЛИГА***
***АРХИВ М.А.ХИТРОВО***

Преписка на М. А. Хитрово; Македоно-албанска лига: преписка на М. А. Хитрово со истакнати лица од тоа време; барање средства за училишта, цркви и манастири; барања за школување во Русија; барања да се дозволи богослужба на словенски јазик; податоци за составот на населението во Македонија; писма во врска со подготовките на револуционерното движење; барање да се преиспита 23-от член од Берлинскиот договор; известување за создавањето на Македоно-албанската лига; план на оваа Лига за заедничко востание во Македонија и во Албанија; и др.

*Јазик:* ***руски****, буīарски, француски*

2. 1910 г. Сигнатура: 1052

***ФОНД: КНИГИ И ПУБЛИКАЦИИ***

Книгата на П. Миљуков „Балканската криза и политиката на А. П. Извољски“ со прилог: 2 карти и текстот на турскиот устав изменет и дополнет во 1909 година.

3. 1865 -1899 г. Сигнатура: XCVI/1144

***ФОНД: ПАТЕПИСНИ БЕЛЕШКИ НИЗ МАКЕДОНИЈА***

Патеписни белешки низ Македонија и Балканот: Е. Тимаев, „Опис на патот од Битола до Белград“; Патување низ Македонија-географски, етнографски, статистички податоци; податоци за разни населени места на Балканот; за содржината на „Македонско-словенскиот етнографски зборник“, и др.

4. 1885 -1913 г. Сигнатура: XVIII/1169

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Написи во рускиот печат во врска со Македонија: осврти на историјата на Македонија и на развитокот на ослободителното движење; состојбата во Македонија пред Балканските војни и по Букурешкиот договор; за создавањето на Албанија и поделбата на Македонија; за решавањето на македонското прашање низ органите на рускиот печат; за состојбата во Македонија под власта на новите поробувачи, и др.

5. 1901-1905 г. Сигнатура: XVIII/1170

***ФОНД: ПРЕПИСКА НА ПРОФ. И.А. ДЕ КУРТЕНЕ***

Документи за Крсте Мисирков: преписка на Мисирков со Де Куртене во врска со изработката на неговата тема од лингвистиката; одредување на термини за консултации; барање материјал за првиот број на списанието „Вардар“.

*Јазик:* ***полски****, руски*

6. 1887-1912 г. Сигнатура: 1927

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Материјали за животот и дејноста на К. П. Мисирков и П. Д. Драганов: преписка на К. Мисирков во врска со печатењето на брошурата „За македонцките работи“, во врска со неговото префрлување во Одеса; преписка на П. Драганов во врска со некои лингвистички прашања и за подготовката на неговите трудови со барања за обезбедување материјални средства за таа намена, и др.

7. 1914-1915 г. Сигнатура: 2799

***ФОНД: КНИГИ И ПУБЛИКАЦИИ***

Енциклопедија на словенската филологија, изд. Одделение за руски јазик и литература при Императорската академија на науките под ред. на акад. И. В. Јагич.

8. 1885-1903 г. Сигнатура: 4375

***ФОНД: П. А. ЛАВРОВ И П. Д. ДРАГАНОВ***

Материјали од фондовите „Лавров П. А.“ и „Драганов П.Д.“: записи на неидентификуван Македонец за неговото семејство, за Воден и околината; писма на Драганов до В. И. Ламански за работата на трудот „Македонски зборник“ и начинот на собирање материјали, за неговите сфаќања за посебноста на македонските Словени; писма на Драганов до А. А. Шахматов за „Сеопштата Кирилометодиевска библиографија“ и др.

*Јазик:* ***руски****, македонски*

## ДРЖАВЕН ИСТОРИСКИ АРХИВ НА ЛЕНИНГРАДСКАТА ОБЛАСТ ГОСУДАРСТВЕННЫЙ ИСТОРИЧЕСКИЙ АРХИВ ЛЕНИНГРАДСКОЙ ОБЛАСТИ

*Број на микрофилмови: 1*

*Содржина:*

1. 1882-1915 г. Сигнатура: 1920

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Материјали за македонските студенти во Русија: документи во врска со регистрацијата на друштвото „Св. Кирил и Методиј“; документи во врска со школувањето и работата на Мисирков; документи во врска со школувањето и работата на П. Драганов; документи за школувањето на Ф. А. Николаевиќ, А. С. Ѓоловиќ, Н. Ничота, Р. Петковски, Г. Константиновиќ, Р. Русуленчиќ, И. Ношчев, Н. Антоновиќ и др.; писмо за животот и работата на браќата Чуповски; дозвола за излегување на в. „Македонскиј голос“; и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски*

# ДРЖАВНА БИБЛИОТЕКА НА СССР „В. И. ЛЕНИН“ - МОСКВА
# ГОСУДАРСТВЕННАЯ БИБЛИОТЕКА СССР ИМ. В. И. ЛЕНИНА - МОСКВА

*Број на микрофилмови: 16*

*Содржина:*

1. 1864-1874 г. Сигнатура: 505

***ФОНД: КНИГИ И ПУБЛИКАЦИИ***

Фотокопија на „Записите на грофот Н. П. Игнатјев“, печатени во весникот „Историски весник“ (*Исторический вестник),* Т. CXXXV и Т.CXXXVI во 1914 год.

*Јазик:* ***руски****, француски*

2. 1844-1888 г. Сигнатура: 1045

***ФОНД: ПОПОВ И ГРИГОРОВИЧ***

Фонд „Попов“: писма на истакнати современици до Н. А. Попов; писма на С. Верковиќ, негови записи на македонски песни и преданија, описи на носии, список на стари монети и др.; рачни преписи на Попов од грчки извори, и др.;
Фонд: „Григорович“: писма од и до В. И. Григорович; извадоци од грчки ракописи и книги; материјали кон „Описот на патувањето по Европска Турција“; и др.

*Јазик:* ***руски****, српски, бугарски, грчки*

3. 1886-1917 г. Сигнатура: 1056

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Извадоци од книги, списанија и написи од весникот „Словенски вести“ (*Славянские известия*): „Земја на раздорот“ - впечатоци од патувањето на А. Амфитеатров по Македонија; „На Балканот“ - статии, патни белешки на В. В. Водовозов; В. Ј. Теплов - „Турските реформи во врска со прашањето на Македонија и Стара Србија“; К. Мисирков „Економските причини за македонското движење“; П. Драганов „Етнографски преглед на словенскиот дел на Македонија“, „Општа

етнографска белешка за Македонската провинција“; Стремјага „За Македонија и Македонците“; А. Ф. Риттих „Македонија“; Н. Сурин „Автономии на Балканот“, и др.

4. 1939 г. Сигнатура: 1057

***ФОНД: КНИГИ И ПУБЛИКАЦИИ***

Фотокопија на книгата на Христо Константинов „Стариот“ (Јане Сандански), личност и дело, Софија 1939 год.

*Јазик: бугарски*

5. 1908 г. Сигнатура: 1058

Фотокопија на книгата на Антон Страшимиров „Вистината за положбата во Македонија“, изд. на „Одрински глас“, Софија 1908 год.

*Јазик: бугарски*

6. 1876-1934 г. Сигнатура: 1059

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Извадоци од книгата на А. Барби "Џелати"; статии од списанијата „Московски неделник“, „Весник на Европа“, „Руски весник“, „Комунистичка интернационала“ и „Болшевик“: А. Барби „Белиот терор на Балканот“; Scardiacus „Македонското прашање“; Ф. Духовецки „Писма од Цариград“; Д. Влахов „Емиграцијата во Америка и македонското ослободително движење“; С. Војданов „Доста заблуди, доста измами“; И. Кашинцев „Криза во македонското ослободително движење“; А. С. Шофман „Од историјата на националноослободителното движење во Македонија...“; В. Теплов „Македонски немири“ и др.; В. И. Зуев „Гоце Делчев - истакнат деец на македонското ослободително движење“; С. Н. Сапунов „Балканска комунистичка федерација“, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, англиски*

7. 1894-1905 г. Сигнатура: 1060

Извадоци од книги, зборници и весници; дипломатска преписка: „Македонско-словенски зборник“ од П. Драганов; „Од историјата на меѓусловенските врски“ од В.Н.Кондратева; „Солунската трагедија и новиот курс на Бугарија“ од В. Теплов; дипломатска преписка за реформите во Македонија - преписка на рускиот и на австрискиот конзул

во Цариград за предложените реформи; тешкотии при спроведувањето на реформите и први резултати; незадоволство на македонските револуционери од реформите и барање автономија, и др.

*Јазик:* ***руски****, француски*

8. 1903 -1912 г. Сигнатура: 1061

***ФОНД: ПУБЛИКАЦИИ И ПЕЧАТ***

Документи за историјата на Македонија: Меѓународните односи во времето на империјализмот (преписка на руски дипломатски претставници во врска со ситуацијата во Европа и на Балканот); Х. Г. Инсаров, „Турција и Македонија“ - во врска со реформите во Македонија, бројот и составот на населението во Македонија, за револуционерното движење како и за ширењето пропагандите, и др.

9. 1899 -1910 г. Сигнатура: 1062

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Документи за историјата на Македонија (извадоци од списанија): *„Руско богатство“ (Русское богатство*), И. К. „Македонија и македонското прашање“; Е. Рекли - „Земјата и луѓето“ - „Македонија и македонското прашање“; *„Живот“ (Жизнь),* Д. Григорјев - „Претенденти на Македонија“; *„Весник на Европа“ (Вестник Европы):* Х. Г. Инсаров - „Турција и Македонија“; П. Миљуков - „Од патувањето во Македонија“; Белорусов - „Еволуција на политичките идеи во современа Турција“ *„Руска мисла“ (Русская мысль):* В. Богучарски - „По 'обновената' Турција“.

10. 1877 - 1913 г. Сигнатура: 1063

Документи за историјата на Македонија (извадоци од списанија и книги): А. Ц. Шофман - „В. И. Ленин и некои прашања на националноослободителното движење на балканските народи“ и „Од историјата на руските патувања во Македонија“; Зборникот на Панајот Гиновски; В. В. Водовозов - „Балканските војни и државите на Балканскиот Полуостров“; В. Викторов - Топоров - „Аграрното прашање во Македонија“; А. Попов - „Првата балканска војна“; В. Коларов - „Националното прашање на Балканот“; Решенијата на XI конференција на БКФ за националното прашање; Г. Димитров - „Положбата на Балканот и задачите на БКФ“; В. Теплов - „Сегашната фаза на македонското прашање“; П. Миљуков - „Балканската криза и политиката

на Извољски“; В. Мајков - „Турската револуција 1908-1909 г.“; Хр. Кабакчиев - „Балканската политика на Антантата“; и др.

11. 1915 г. Сигнатура: 1064

Документи за историјата на Македонија (написи од сп. „*Словенски вести*“ *(Славянские известия):* К. Мисирков - „Македонија и Словенството“; Порака на Словенското друштво до бугарскиот народ.

12. 1844 -1846 г. Сигнатура: ХС дбл 1073

***ФОНД: В. И. ГРИГОРОВИЧ***

В. И. ГРИГОРОВИЧ: Преписка на Григорович со разни лица; извештаи до рускиот конзул Мустоксиди за неговите патувања; писмо на С. Верковиќ до непознато лице.

*Јазик:* ***француски****, грчки, бугарски, руски*

13. 1903 -1913 г. Сигнатура: XCVIII/1165

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Статии и написи од руски весници и списанија: статија на И. К. Б. „Словенски елементи во новогрчкиот јазик“; сепарат од в. „*Деец*“ *(Деятель*) - „Императорот Александар II, Јужните Словени и Македонија“; написи од сп. „Словенски југ“ (*Славянский юг)* за состојбата на Балканот и во Македонија; П. Драганов - „За македонизмите во југословенските ракописи од XVII век“ и список на печатените трудови на П. Драганов за Македонија; „*Словенски вести*“ *(Славянские известия):* К. Мисирков - „Македонија и Словенството“ и написи за состојбите на Балканот.

14. 1870 г. Сигнатура: XCVIII/1172

***ФОНД: ПЕЧАТ - ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА***

„*Весник на Европа*“ *(Вестник Европы):* М. Карлова - „Турската провинција и нејзиниот селски и градски живот. Патување по Македонија и Албанија“: опис на патувањето на авторот со податоци за населените места, бројот и составот на населението, бројот на цркви, училишта и др.; опис на турска свадба во Скопје.

15. 1912-1915 г. Сигнатура: 1253

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Статии од списанија и весници: К. Пељски - „Борба за автономија“ - за борбата на македонскиот народ од Илинденското востание до Балканските војни; М. Красножен - „Судбината на Македонија“ - преглед на историјата на Македонија од античко време до појавувањето на бугарската и српската пропаганда во 19 в.; В. Везенков - „Македонија и причината за Балканската војна“ - за македонското прашање како дел на источното прашање, за турското владеење во Македонија и борбата на ВМРО за ослободување, и др.

16. 1840 -1891 г. Сигнатура: 2800

***ФОНД: МАТЕРИЈАЛИ ОД ФОНДОВИТЕ „НИЛ ПОПОВ“ И „В. ГРИГОРОВИЧ“***

Преписка во врска со историјата на Македонија: писма на Рајко Жинзифов со препораки за лица што доаѓаат да студираат во Русија; согласност да се отпечатат негови статии во руски списанија; писма на Мусевиќ до Н. Попов; писма на С. Верковиќ, и др.

*Јазик:* ***руски****, грчки*

## ДРЖАВНА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА „ ШЧЕДРИН“ - ЛЕНИНГРАД (ГОСУДАРСТВЕННАЯ ПУБЛИЧНАЯ БИБЛИОТЕКА ИМ. ЩЕДРИНА - ЛЕНИНГРАД)

*Број на микрофилмови: 3*

*Содржина:*

1. 1711-1905 г. Сигнатура: 1049

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД РАЗНИ ФОНДОВИ***

Материјали за историјата на Македонија: описи на населени места во Македонија; грамоти на руски цареви; барање од Русија помош за ослободување од турското ропство; извештај од 1881 за составот на турската армија, за немирите од албанските банди, за елинизирањето на македонското и влашкото население, за потурчувањето на Словените; ширењето на руското влијание; положбата на Балканот во 1910 г.:

економската положба; подготовките пред Балканските војни; преписка на С. Верковиќ во врска со неговата дејност, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, француски*

2. 1895 -1898; 1901 - 1903 г. Сигнатура: 1053

***ФОНД: ПЕЧАТ***

Фотокопии од весниците „*Глас македонски*" (1895-1898) и „*Право*" (1901-1903): за состојбите во Македонија: тешката положба на населението; теророт на турските власти; ширењето на разбојништвото; дејствувањето на странските пропаганди; за воведувањето на реформите; активностите на четите во Македонија; улогата и задачите на македонските друштва во Софија; за пишувањето на странскиот печат во врска со проблемите во Македонија; за појавата и дејствувањето на партијата „Млада Турција"; за состојбата во Македонската револуционерна организација - несогласувања и поделби; реакции во врска со Илинденското востание; за состојбата во затворите и бројот на затворениците, и др.

*Јазик: бугарски*

3. 1895 -1913 г. Сигнатура: 1055

Брошури и статии во врска со положбата во Македонија: Н. Миљуков - „Српско-бугарските односи во врска со македонското прашање"; спор меѓу српски и бугарски научници за присвојување на Македонија; Г. Петров - „Македонското ослободително дело на бугарска почва"; Д. Х. Димов - „Македонското ослободително дело", „Македонското прашање"; „Македонското прашање и учителот"; статии за состојбата на Балканот; за македонското движење, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, француски*

## ИНСТИТУТ ЗА МАРКСИЗАМ-ЛЕНИНИЗАМ ПРИ ЦК КПСС - ЦЕНТРАЛЕН ПАРТИСКИ АРХИВ
## (ИНСТИТУТ МАРКСИЗМА-ЛЕНИНИЗМА ПРИ ЦК КПСС - ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ПАРТИЙНЫЙ АРХИВ)

*Број на микрофилмови: 1*

*Содржина:*

1. 1928 -1936 г. Сигнатура: 2059

***ФОНД: ПУБЛИКАЦИИ И ПЕЧАТ***

Документи на Коминтерната за историјата на КПЈ: резолуции за подготовката на конгресот на Југословенската комунистичка партија, за работата на синдикатите во Македонија, за положбата и задачите на КПЈ, за југословенското прашање; за тактиката на КПЈ на општинските избори; за дејствувањето на КПЈ на село; податоци за партиски активисти; за ситуацијата во Шпанија и нејзината борба против фашистичкиот режим; и др.

## РУСКИ ЦЕНТАР ЗА ЧУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА - МОСКВА
## (РОССИЙСКИЙ ЦЕНТР ХРАНЕНИЯ И ИЗУЧЕНИЯ ДОКУМЕНТОВ НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ - МОСКВА)

*Број на микрофилмови: 5*

*Содржина:*

1. 1926-1939 г. Сигнатура: 4439

***ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА***

Состојбата на Балканот низ документацијата на Комунистичката интернационала и Балканската комунистичка федерација: односот на КИ спрема македонското револуционерно движење; состојбата во националнореволуционерните организации на Балканот; состојбите во балканските комунистички партии, судирот на разни струи во нив;

записници од седниците на разни тела на КИ и БКФ; ставот на Коминтерната за националното прашање, и др.

*Јазик: **руски**, германски, француски, бугарски*

2. 1924-1942 г. Сигнатура: 4440

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: состојбата во Бугарската комунистичка партија; податоци за бројот, составот, социјалниот состав и политичката дејност на БКП; борбата против левите и десните отклонувања; грешките на Партијата и нивна критика; за состојбата во Југославија и во КПЈ; Јануарскиот преврат и воено-фашистичката диктатура; забрана на синдикалните организации; формирање културно-просветни и спортски организации; организирање на штрајкови; борбата и задачите на КПЈ во услови на фашистичка диктатура; партискиот печат, и др.

*Јазик: **руски**, бугарски, германски, српски, француски*

3. 1927-1933 г. Сигнатура: 4441

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: записници од седниците на Балканскиот лендерсекретаријат на ИККИ за: положбата во Југославија; белиот терор во Бугарија; националното прашање во Грчката комунистичка партија; заедничкото дејствување на балканските комунистички партии; превратот во Југославија и борбата против теророт; за синдикалното движење, појавата на фашизмот; решавањето на националното прашање; правото на нациите на самоопределување до отцепување; македонското револуционерно движење и националното прашање, и др.

4. 1931 г. Сигнатура: 4442

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: реферати од седниците на XI пленум на ИККИ: за состојбата во Југославија по воведувањето на воено-фашистичката криза; реферати и дискусии од советувањето во врска со националното прашање во Југославија; за правото на Македонците за независна и обединета Македонија; за идејата за балканска федерација, и др.

5. 1924-1956 г. Сигнатура: 4451

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: информации за македонското и тракиското прашање; за аграрното прашање во

капиталистичка Грција; за социјалните немири и активностите на синдикатите; за фашистичкиот терор и жртвите на револуционерното работничко движење во предвоена Југославија; за поставувањето на Ј.Б.Тито на функцијата секретар на КПЈ; за состојбата во Југославија во времето на Информбирото; за одразот на Резолуцијата на Информбирото меѓу членовите на КПЈ и масите; за положбата во Грција за време на Граѓанската војна и одразот на Резолуцијата врз текот на борбите во Грција; информации за положбата на грчките политички емигранти во социјалистичките земји; за политичката борба меѓу водачите на КПГ Никос Захаријадис и Маркос Вафијадис; и др.

*Јазик:* ***руски****, српскохрватски, грчки*

## ИНСТИТУТ ЗА МАРКСИЗАМ-ЛЕНИНИЗАМ ПРИ ЦК НА КПСС - ЦЕНТРАЛЕН ПАРТИСКИ АРХИВ (ИНСТИТУТ МАРКСИЗМА-ЛЕНИНИЗМА ПРИ ЦК КПСС - ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ПАТИЙНЫЙ АРХИВ)

*Број на микрофилмови: 7*

*Содржина:*

1. 1923-1929 г. Сигнатура: 4443

***ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА***

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: резолуција од II конференција на БКФ за: резултатите од империјалистичката војна; победата на револуцијата во Русија; создавањето и задачите на БКФ; резолуција на IV конференција на БКФ во врска со положбата на Балканот: економската и финансиската криза; задачите на балканските комунистички партии; извештај од V балканска комунистичка конференција за положбата на Балканот; писма и написи на Т. Александров во врска со проблемите во ВМРО во контекст на современите настани; активноста на МПО и др. македонски емигрантски организации; записници, извештаи и резолуции од седници на БКФ; материјали за обединувањето на македонското револуционерно движење; извештај за создавањето, целта и задачите на ВМРО(Об.); записници од седниците на ВМРО(Об.); и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, германски, француски и др.*

2. 1929-1934 г. Сигнатура: 4444

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: за состојбата на националнореволуционерните организации на Балканот; записници од седниците на Конференцијата на ВМРО (Об.); резолуции за организацијата, задачите на ВМРО (Об.) и за привлекување на прогресивните сили во движењето; преписка на партиските дејци на ВМРО (Об.); расцеп во организацијата на В. Михајлов; македонското емигрантско движење во САД и во Канада; записници од седници на ЦК на ВМРО (Об.); за расцепот во ВМРО и обединувањето на прогресивните струи во движењето; преписка на Герџиков во врска со актуелните состојби во македонското революционерно движење; извештаи до Балканскиот револуционерен центар за состојбата во Македонија; преписка во врска со меѓусебните убиства на врховистите и другите струи во движењето; за дејствувањето на ВМРО (Об.) во трите дела на Македонија, и др.

*Јазик:* ***руски****, бугарски, германски, француски*

3. 1921-1936 г. Сигнатура: 4445

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: извештаи за состојбата во Југославија и напорите за обединување на работничкото синдикално движење; платформа на КПЈ за синдикалната политика на Партијата; состојбата и работата на илегалното синдикално движење во Југославија; пасивноста на Партијата и синдикатите за време на Шестојануарската диктатура во Југославија; активирање на работничкото синдикално движење и соработка со Синдикалната интернационала; апел на Селанската интернационала за создавање единствен блок на селаните и работниците; селанското и синдикалното движење во Македонија; активности за помош на жртвите на белиот терор и заштита на политичките затвореници, и др.

*Јазик:* ***руски****, српскохрватски, германски*

4. 1923-1939 г. Сигнатура: 4446

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: за состојбата во југословенските затвори за време на воено-фашистичката диктатура; акциите на Црвената помош на Југославија за амнестија на политичките затвореници; основањето фонд за помош на политичките затвореници; марсејското убиство и крвавиот терор на воено-фашистичката диктатура во Југославија; прогласот на ЦПЈ за создавање единствен фронт на работниците, селаните и др. противници на фашизмот; податоци за резултатите на движењето за иселување од Југославија; политички процеси според Законот за заштита на државата; преписка на партиските активисти во врска со организациски проблеми; извештаи за судења на членови на комунистички групи; податоци за затворениците и нивните

најблиски поради одредување помош; списанието „Против Главњача“ - гласило на движењето на иселениците од Југославија; задачите на МОПР како меѓународна организација за солидарност и помош на жртвите на белиот терор; извештај за синдикалното движење во Југославија, и др.

*Јазик:* ***руски**, српскохрватски, словенечки, германски, француски*

5. 1920-1941 г. Сигнатура: 4447

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: дискусии од советувањето во врска со нацоналното прашање на Балканот; извештаи за револуционерните организации на Балканот; општата ситуација во Југославија; бројната состојба на партиското членство; работата на партиската организација во Македонија; работата на пленумот на ИККИ; за работата на Третиот конгрес на КПЈ; состојбата во затворите во Југославија; записници од седници на разни тела на ИККИ; резолуции за политичката состојба и задачите на КПЈ; за македонското прашање и ВМРО (Об.); во врска со работата на БКФ; декларација за формирање балкански пакт; преписка меѓу партиски активисти за актуелните проблеми; програма за дејствување на КПЈ во селото; за аграрното прашање и аграрната реформа во Југославија; ставот на ЦК на КПЈ за македонското прашање; спроведување на решенијата на КИ во врска со македонското прашање, и др.

*Јазик:* ***руски**, бугарски, српскохрватски, германски, француски*

6. 1923-1935 г. Сигнатура: 4448

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: информации за политичката состојба во Југославија; за прогоните, апсењата и пресудите на комунистите; за состојбата во југословенските затвори со податоци за бројот и составот на политичките затвореници; за формирањето и работата на Црвениот крст; за работата на МОПР; извештаи за политички процеси; за акциите на ЦК против теророт на режимот; за штрајковите со глад во затворите; списоци на починати и отепани комунисти во затворите и на осудените според Законот за заштита на државата; извадоци од разни списанија-органи на работниците и селаните, на студентите, југословенската емиграција, СКОЈ и др.

*Јазик:* ***руски**, германски, француски, бугарски, српски*

7. 1908-1936 г. Сигнатура: 4449

Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ: записници од настапи и дискусии на членови на Бугарската комунистичка партија за состојбата во Партијата; написи од Билтенот на ЦК на БКП и од др.

списанија за партиските активности и современите случувања; написи од „Македонско знаме“ - орган на македонските прогресивни емигранти за пресметките на михајловистите со напредните македонски дејци; за протестите на македонските емигранти; за историјата на грчкото работничко и комунистичко движење; написи од Билтенот на ЦК на КПГ и „Ризоспастис“ за политичката состојба во Грција, за организацијата и задачите на КПГ, како и за обединувањето на антифашистичката акција; за развојот на грчката социјалдемократија; за фашистичкиот преврат и задачите на антифашистите, и др.

*Јазик:* ***бугарски***, *грчки*

*ЗАБЕЛЕШКА : Микрофилмуваната архивска граѓа е на руски јазик. Доколку на одредена микрофилмска лента, граѓата е на повеќе јазици, покрај рускиот јазик, наведени се и останатите јазици, при што посебно е нагласен јазикот кој преовладува.*

# СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ
# THE UNITED STATES OF AMERICA

## НАЦИОНАЛЕН АРХИВ - ВАШИНГТОН
## THE NATIONAL ARCHIVES - WASHINGTON

*Број на микрофилмови: 81*

*Содржина:*

1. 1940-1944 г. Сигнатура: 1095

***ФОНД: ДРЖАВНО СТОПАНСТВО НА ГЕРМАНИЈА***
***THE STATE ECONOMY OF GERMANY***

Општата, политичката и стопанската состојба во Југославија и балканските замји: воена, финансова и стопанска коресподенција на Германија која се однесува на Македонија.

2. 1930-1944 г. Сигнатура: 1096

Студијата во која се даваат подетални податоци за странскиот капитал вложен во Кралството Југославија за 1937 год.: интересите за рудните богатства и земјоделските производи; за политичката ситуација во Кралството Југославија.

3. 1941-1944 г. Сигнатура: 1099

Вложувањето на странски капитал во Југославија; податоци за земјоделството, мелиорацијата, текстилната и прехрамбената индустрија во Југославија.

4. 1943-1944 г. Сигнатура: 1117

***ФОНД: ВРХОВНА КОМАНДА НА ОДБРАНАТА***
***THE SUPREME COMMAND OF THE DEFENCE***

Документи на германската врховна команда; коресподенција, на дипломатски, воени и полициски органи за југо-исток, вклучувајќи ја и Југославија; документите претежно се од политичка природа, а се однесуваат на растежот на комунизмот; за воено политичката

ситуација во НДХ и Србија; за состојбата во Македонија и Косово; истапување на Бугарија од војната; разоружување на бугарската окупаторска војска; за борбата против партизаните во Македонија;за поделба на интересните сфери меѓу сојузниците на Балканот; погледна распоредот на бугарските окупаторски единици во Србија и Македонија; дејствувањето на комунистичките банди во Западна Македонија; Албанско-бугарски односи и околу поделбата на Македонија; за македонски бригади во Западна Македонија.

5. 1943-1944 г. Сигнатура: 1134

***ФОНД: ВРХОВНА КОМАНДА НА ВОЈСКАТА***
***THE SUPREME COMMAND OF THE ARMY***

Борби за Дебар; напад на пругата Струга-Дебар воздушно снабдување на востаниците во Македонија; извештаи за транспортни подвижни единици во Македонија; за англиската поддршка на востаниците на Балканот.

6. 1941 г. Сигнатура: 1135

Напад на Југославија; отпор на планинското тромеѓе Југославија-Бугарија-Грција; борби кај Страцин, Царево село; заземање на Скопје, Велес; за правецот на движењето на германските единици.

7. 1943-1944 г. Сигнатура: 1136

Извештаи за завршните операции за ослободувањето на Македонија; за дејноста и акциите на партизаните /I, II, III и IV Македонска бригада/; за загубите на партизаните.

8. 1940-1944 г. Сигнатура: 1138

Карти со распоред и локација на непријателските единици.

9. 1936-1944 г. Сигнатура: 1137

Извештаи за правците на движењето на единиците во Македонија; оперативни извештаи за нападот на Југославија и Грција и успесите во борбата; заземање на Скопје.

10. 1925-1936 г. Сигнатура: 1177

***ФОНД: АРХИВ НА НАЦИСТИЧКИ КУЛТУРЕН И ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР***
***THE ARCHIVES OF THE NAZI CULTURAL AND RESEARCH CENTRE***

Приказ на работата на германската Академија во странство; списание „Гласови од југо-исток“ во кое има податоци за Скопје.

11. 1940-1944 г. Сигнатура: 1623

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКАТА ВРХОВНА КОМАНДА; ВРХОВНА КОМАНДА НА ОДБРАНАТА; ОДДЕЛ ЗА ПРОПАГАНДА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN SUPREME COMMAND; THE SUPREME COMMAND OF THE DEFENCE ; THE DEPARTMENT FOR PROPAGANDA***

За состојбата на рудниците во Македонија; податоци за рудниците Валандово - Хром, Прилеп - Лискун, Злетово - Радуша за висината на производството на рудниците; активноста на партизаните околу Прилеп; воздушен напад на англо-американската авијација на Скопје и некои рудници во Македонија; за демаркационата линија меѓу Италија и Бугарија во Македонија.

12. 1939-1941 г. Сигнатура: 1625

Информации кои се однесуваат за Југославија пред почетокот на војната; за локација на единиците и правец на движење на истите; пропаганда на големите сили; за велико- бугарската пропаганда.

13. 1941-1944 г. Сигнатура: 1627

***ФОНД: ОДДЕЛ ЗА ВОЕНА ЕКОНОМИЈА И ВООРУЖУВАЊЕ***
***THE DEPARTMENT FOR WAR ECONOMY AND ARMAMENT***

Рудните богатства во Македонија и користа која ја имаат Германците; транспортирање тутун и опиум од Македонија за Германија; поделбата на Македонија меѓу Италија и Бугарија.

14. 1943-1945 г. Сигнатура: 1628

Експлоатација на шумите и рудните богатства во Македонија; лиферување на хром, олово и цинк /Радуша Злетово/; уништување на рудниците од партизаните.

15. 1943-1945 г. Сигнатура: 1626-а

Мерки за обезбедување на рудниците во Македонија; акции на партизаните во Прилеп, Куманово и Дебар.

16. 1943-1944 г. Сигнатура: 1629

Податоци за експлоатацијата на рудните богатства во Македонија, транспортирање на хром /Радуша/ во Германија, за испитувањата на пронаоѓалиште на нафта во Битола; околу рудниците за олово и цинк Злетово и Пробиштип; воено стопанска ситуација во Западна Македонија; напад на партизаните на рудникот Злетово.

17. 1943-1944 г. Сигнатура: 1630

Во врска со стопанските прашања во Македонија; активноста на единиците во НОВ во Македонија; напади на стопански објекти.

18. 1941-1944 г. Сигнатура: 1633

***ФОНД: ВРХОВНА КОМАНДА НА ОДБРАНАТА, СЛУЖБА ЗА ЕКОНОМИЈА И ОПРЕМА; РУДАРСТВО***
***THE SUPREME COMMAND OF THE DEFENCE - ECONOMY AND EQUIPMENT SERVICE; MINIING***

Месечни извештаи за рударството во Македонија, табеларни прегледи за вадење руда; производство, извоз и резерви за 1942-1944 год.

19. 1942-1944 г. Сигнатура: 1634

Експлоатација на лиферување на хром /Радуша и Љуботен/, табеларен преглед на рудниците во Македонија со количина и квалитет на хром; поделба на рудниците во Македонија кои работат за Германците; хром во Валандово и во областа на Охридското езеро.

20. 1942-1944 г. Сигнатура: 1635

Месечни извештаи за работата на рудниците во Македонија со производство на рудата.

21. 1941-1944 г. Сигнатура: 1635а

Извоз на тутун; извештаи за состојбата во рударството и индустријата во Македонија; за вложените инвестиции на рудниците во Македонија; статистички податоци за вработените во рудниците; напад на партизаните на рудникот во Злетово.

22. 1942-1944 г. Сигнатура: 1636

За рудниците на хром во Македонија; табеларни прегледи за производството и квалитетот на хромовата руда, транспортирање на хромот во Германија; околу финансирањето на рудникот во Злетово; ситуацијата во рудниците по повлекувањето на непријателот; датиран распоред на заземањето на рудниците од страна на партизаните.

23. 1943 г. Сигнатура: 1637

***ФОНД: АРХИВ НА ГЕРМАНСКАТА ПОЛСКА КОМАНДА, АРМИСКА ГРУПА „Е“***
***THE ARCHIVES OF THE GERMAN FIELD COMMAND, THE ARMY GROUP „E“***

За единиците на армиската група „Е“ кои се наоѓаат во Македонија; за штетите од воздушниот напад на Скопје; за значењето на железничката пруга што минува низ Македонија.

24. 1943-1944 г. Сигнатура: 1638

Околу снабдувањето на групата „Е“ во Македонија; саботажи на железничката пруга Скопје-Гевгелија; за полетувањето на авионите од Скопје; снабдување на партизаните од сојузничката авијација.

25. 1943-1944 г. Сигнатура: 1639

Ситуацијата во Македонија; за дејствувањето на Бугарските единици во борба против партизаните; за непријателските снаги во Западна Македонија Дебар и Кичево; за воздушното снабдување на партизаните од сојузничката авијација.

26. 1943-1944 г. Сигнатура: 1640

Извештаи за правецот на движењето и дејствијата на партизаните во Македонија; за повлекувањето на германските единици низ Македонија.

27. 1944 г. Сигнатура: 1641

За обезбедувањето на железничкиот сообраќај во Македонија поради повлекувањето на Германците од Грција; за значењето на македонскиот простор за армијата „Е“; саботажи на железничката пруга Гевгелија - Скопје; воени операции во реонот Битола-Прилеп и Источна Македонија.

28. 1944 г. Сигнатура: 1642

Оперативната документација на командата на групата „Е“; карта на академијата со технички карактеристики на железничките пруги; за снабдувањето на армијата „Е“; извештаи за борбите во Македонија; податоци за загубите на партизаните и непријателите; околу разоружувањето на бугарските единици во Македонија.

29. 1944 г. Сигнатура: 1643

За неутралноста на Бугарија; за малцинствата во Грција; за партизаните во III-тата оперативна зона; значење на пругата Скопје-Гевгелија; разоружување на бугарските единици во Македонија; за борбените операции.

30. 1944 г. Сигнатура: 1644

Значењето на македонската територија за армијата „Е“; датиран распоред на армијата „Е“ во Македонија; активноста на бугарската авијација; акции на партизаните.

31. 1944 г. Сигнатура: 1645

Дневни извештаи за настаните во Македонија; состојбата на бугарските единици во Македонија; за влегувањето на партизаните во Скопје и борби за ослободување на други градови во Македонија.

32. 1944 г. Сигнатура: 1646

Повлекување на армијата „Е“ низ Македонија /зелен, црвен и плав пат/ со правци на движење на партизаните; за значењето на железничката пруга Скопје-Солун.

33. 1944 г. Сигнатура: 1647

Околу повлекувањето на армијата „Е“ низ Македонија; за воените дејствија во Македонија; воените операции на I -та и II -та Македонска бригада.

34. 1944 г. Сигнатура: 1648

***ФОНД : АРХИВА НА ГЕРМАНСКАТА ВРХОВНА КОМАНДА***
***АРМИСКА ГРУПА „Е“***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN SUPREME COMMAND,***
***THE ARMY GROUP „E“***

За повлекувањето на германските снаги преку Македонија; Албанско - бугарскиот спор околу границата во Македонија.

35. 1943-1944 г. Сигнатура: 1649

Ситуацијата во бугарските воени единици, злосторствата што се правени во Тетовската област; состојбата во срезовите: Тетово, Гостиват, Дебар, Кичево и Струга.

36. 1943-1944 г. Сигнатура: 1650

Извештај за бугарската авијација; анализа за состојбата во Македонија; дејствувањето на партизанските единици во Дебарско-Струшкиот регион: податоци за партизанските сили во Македонија/, единици, распоред и др. /; распоред на бугарските единици.

37. 1944 г. Сигнатура: 1651

Број на саботажи и авио-напади на комуникациите во Македонија; за армијата „Е“ /бројна состојба, локација и снабдување/; за санитетски единици со податоци за бројот на ранетите; доаѓањето на сојузниците на Балканот.

38. 1944 г. Сигнатура: 1652

Воздушна ситуација /летови, напади, извидувања/; саботажи на железнички пруги во Македонија; борби во Западна Македонија /Дебар-Гостивар/; распоред на партизанските единици и нивните акции; преговори со офицерите на ЕЛАС за заедничко дејство.

39. 1944 г. Сигнатура: 1653

Воено-политичката ситуација во Македонија; за акциите на бугарските единици; поединечни податоци за воените операции на македонските бригади; состојбата на патната мрежа во долината на реката Вардар; за руските единици во Македонија.

40. 1943 г. Сигнатура: 1654

Извештај за железничкиот промет и податоци за прекините на железничкиот сообраќај во Македонија; планови за изградба на нова железничка пруга; табеларен преглед за разурнатите пруги; воено-политичка ситуација во Западна Македонија.

41. 1941 г. Сигнатура: 1655

***ФОНД: ВРХОВНА КОМАНДА НА XII АРМИЈА***
***THE SUPREME COMMAND OF THE 12$^{th}$ ARMY***

Почеток на војната; поделба на Македонија меѓу Бугарија и Италија; борби во Македонија.

42. 1941 г. Сигнатура: 1656

Правец на движењето на германските единици низ Македонија кон Грција со распоред на единиците по градовите во Македонија; бугарското влегување во Охрид; за заробените југословенски војници кај Дебар; информација за заробената југословенска војска, лоцирана во Македонија.

43. 1940-1941 г. Сигнатура: 1657

Околу распоредот на интендантската служба и за организацијата на магацините во Скопје, Штип и Битола со податоци во магацините /бензин, нафта и др./; извештај за воениот плен, со посебен осврт на возилата, во реонот Скопје, Велес и Куманово.

44. 1941 г. Сигнатура: 1659

Евакуација од Солун преку Скопје за Белград на германски единици и за нивниот престој во македонските градови; за лоцираните бугарските единици.

45. 1940-1941 г. Сигнатура: 1658

Состојба на железнички комуникации во Македонија и однесувањето на железничарите по доаѓањето на Бугарите; за распоредот на војските кои се наоѓаат во Македонија; заземањето на Скопје и продорот на германските војски кон Грција; околу демаркациската линија меѓу Италија и Бугарија.

46. 1940-1942 г. Сигнатура: 1660

Податоци за напредувањето на германските единици и нивното снабдување со воени и други потребштини и за претрпените загуби при заштитата на рудниците во Македонија; состојбата во железницата.

47. 1940-1941 г. Сигнатура: 1661

Планот за нападот на Југославија единиците што треба да учествуваат во тој напад; распоред на бившата југословенска војска во Македонија; за навлегувањето на непријателските единици во Македонија.

48. 1941 г. Сигнатура: 1662

Вести пред војната: за поместувањето и разместувањето на југословенската војска во Македонија, за состојбата во единиците, за југословенското воздухопловство во Македонија; за напредувањето на германските единици и бројот на заробените; за состојбата на патиштата.

49. 1941 г. Сигнатура: 1663

Диверзии на железничките пруги; откривање на градска комунистичка партија во Скопје при што се уапсени 45 лица.

50. 1941 г. Сигнатура: 1664

Податоци за кадровски промена и прераспределба на работниците во железницата.

51. 1942 г. Сигнатура: 1665

Извештај за ситуацијата во Македонија; за нова управна поделба; за демаркационата линија; за расположението на народот.

52. 1941 г. Сигнатура: 1666

Карта на Балканот со распоред на снагите, со назначени единици кои се лоцирани во Македонија; за движење на германските единици низ Македонија во правец на Грција.

53. 1941 г. Сигнатура: 1667

Диверзии на железничките пруги во Македонија и нивно обезбедување.

54. 1941 г. Сигнатура: 1668

Бугарската окупација на Македонија; демаркациона линија на Италија и Германија; карта на Македонија и поделба меѓу Германија, Италија и Бугарија; акции на партизаните во Скопје и Прилеп; диверзии на железнички пруги.

55. 1941 г. Сигнатура: 1669

За локација и снабдување на германските единици во Македонија; за железничкиот капацитет во Македонија.

56. 1941 г. Сигнатура: 1670

Железнички транспорт Солун-Скопје-Белград.

57. 1941 г. Сигнатура: 1671

Изградба на железничката пруга Гевгелија-Демир Капија; демаркационата линија меѓу Италија, Германија и Бугарија.

58. 1941-1942 г. Сигнатура: 1672

Настани пред војната: воени и политички проблеми во земјата; за цивилната одбрана во Македонија, за мобилизацијата и локацијата на единиците во Македонија; расположение на жителите на Прилеп; за Југословенската армија во Западна Македонија; за заробените и доброволците.

59. 1941-1942 г. Сигнатура: 1673

За значење на железничкиот сообраќај во Македонија; транспорт на германските единици од Скопје за Солун.

60. 1942 г. Сигнатура: 1674

Општата политичка ситуација во Македонија; за непријателската пропаганда.

61. 1942 г. Сигнатура: 1675

Податоци за воената, политичката и економската ситуација на Балканот; правци на движење на возовите и проблеми при превозот на единиците во Македонија.

62. 1940-1944 г. Сигнатура: 1676

Статистички преглед на Балканот - поход на XII армија: од Скопје преку Вардарската долина за Грција; за нивните борби со југословенските единици; бројни податоци за заробените војници; информации за Западна Македонија.

63. 1940-1944 г. Сигнатура: 1677

Околу мобилизацијата во Југославија /за македонските места и имињата на единиците/ за Одбрана од нападот; опис на структурата на организацијата на КПЈ со посебен осврт на СКОЈ.

64. 1940-1941 г. Сигнатура: 1678

За соработка меѓу Германија и Бугарија; за германскиот интерес за рудниците во Македонија; список на југословенските војници /бугарско потекло/ кои погинале во војната, починале во германските болници и заробенички логори; за демаркационата линија во Македонија.

65. 1940-1941 г. Сигнатура: 1679

Локации на армиски и корпуски единици во текот на подготовките за нападот на Југославија; за правецот на движење на XII - армија низ Македонија.

66. 1940-1941 г. Сигнатура: 1680

***ФОНД: ВРХОВНА КОМАНДА НА II-ТА АРМИЈА***
***THE SUPREME COMMAND OF THE 2nd ARMY***

Распоред на југословенската и германската војска пред почетокот на војната; навлегување на бугарски трупи во Македонија.

67. 1943 г. Сигнатура: 1681

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКО - ПОЛСКА ОКЛОПНА АРМИЈА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD ARMOURED ARMY***

За разоружување на италијанската војска во Струга; налети на непријателската авијација во Скопје; дејствијата на партизаните во реонот Битола.

68. 1943 г. Сигнатура: 1682

Диверзии на железничката пруга кај Скопје; дејствувањето на партизаните во реонот Охрид, Струга, Куманово; заедничките напади на Германците со албанските националисти во реонот Дебар, Тетово и Гостивар.

69. 1943 г. Сигнатура: 1683

Акции на партизаните во реонот Кичево, Дебар, Гостивар; напад на железничката станица во Скопје; диверзии на железничката пруга Скопје-Велес; напад на непријателската авијација на Скопје, Струга и Дебар; за англиската авијација во Струга.

70. 1943 г. Сигнатура: 1684

Борби во Западна Македонија /Дебар, Кичево/ со податоци за загубите; диверзии на железничката пруга во Куманово; дејство на партизаните во Струга; податоци за партизанските снаги во реонот Кичево како и дејство на албанските националисти во Западна Македонија со податоци за нивната бројна состојба.

71. 1943 г. Сигнатура: 1685

За активноста и борбите на партизаните во Западна Македонија /Дебар, Кичево, Струга/ против албанските националисти; за снабдувањето на партизаните во реоните Скопје и Битола.

72. 1945 г. Сигнатура: 1686

За ситуацијата во Западна Македонија; заземањето на Дебар од страна на партизаните; активност на партизаните во Скопје и Прилеп; поделба на Западна Македонија на оперативни зони.

73. 1940-1941 г. Сигнатура: 1691

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКА ПОЛСКА КОМАНДА - II -РА ОКЛОПНА ДИВИЗИЈА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 2nd ARMOURED DIVISION***

Воени дневници: за повлекувањето на германските единици од Грција и за снабдувањето во Македонија /гориво, муниција и др./; за значењето на долината на реката Вардар и за распоредот на германските единици.

74. 1940-1941 г. Сигнатура: 1692

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКА ПОЛСКА КОМАНДА - V -ТА ОКЛОПНА ДИВИЗИЈА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 5th ARMOURED DIVISION***

За повлекување на германските единици од Грција преку Македонија; магацини со храна во Скопје, Штип и Битола.

75. 1941 г. Сигнатура: 1693

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКА ПОЛСКА КОМАНДА - VI -ТА БРДСКА ДИВИЗИЈА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 6th MOUNTAIN DIVISION***

Воен дневник: предвоени настани; околу пристапувањето кон Тројниот пакт; за лоцирање на единиците на границите на Југославија, при што се водело сметка, најдобрите единици да бидат сместени во реонот Скопје, Штип и Прилеп; околу организацијата за нападот на Југославија; податоци за воени судири со наведени формации, бројна состојба, загуби и др.

76. 1941 г. Сигнатура: 1694

За ситуацијата пред војната; распоред на југословенската војска; политичка ситуација и национална нетрпеливост; навлегувањето на германската војска во правец Струмица - Дојран и правецот кон Грција.

77. 1941 г. Сигнатура: 1696

План, распоред и дејство на германските единици во Македонија; за движењето кон Грција.

78. 1940-1941 г. Сигнатура: 1697

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКА ПОЛСКА КОМАНДА - VI - ОКЛОПНА ДИВИЗИЈА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 6th ARMOURED DIVISION***

За правецот на движење на германските единици преку Македонија.

79. 1941 г. Сигнатура: 1698

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКО - ПОЛСКА КОМАНДА - IX-ТА ОКЛОПНА ЕДИНИЦА***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 9th ARMOURED UNIT***

За навлегувањето на германските единици во Македонија, за заробената југословенска војска; за воените магацини во Скопје; за заробеничкиот логор во Скопје; за пронајденото на оружје во селата околу Скопје /Стајковци; Сингелиќ, Арачиново/.

80. 1940-1941 г. Сигнатура: 1699

***ФОНД: АРХИВА НА ГЕРМАНСКО - ПОЛСКА КОМАНДА - 46- ТА ПЕШАДИСКА ДИВИЗИЈА /1940-1941/***
***THE ARCHIVE OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 46th INFANTRY DIVISION /1940-1941/***

Воен дневник на 46-тата пешадиска дивизија во Македонија со податоци за единиците.

81. 1941 г. Сигнатура: 1700

***ФОНД: АРХИВ НА ГЕРМАНСКО - ПОЛСКА КОМАНДА - 73-ТИ ПЕШАДИСКИ ДИВИЗИИ***
***THE ARCHIVES OF THE GERMAN FIELD COMMAND - THE 73rd INFANTRY DIVISION***

Воен дневник: за нападот на Југославија; ситуацијата во Македонија: за заземањето на македонски градови од страна на германските војници, како и за заробениците и состојбата на патиштата во Македонија.

*Јазик: англиски*

# ФРАНЦИЈА (ФРАНЦУСКА РЕПУБЛИКА)
# FRANCE (REPUBLIQUE FRANCAISE)

## НАЦИОНАЛЕН АРХИВ НА ФРАНЦИЈА
## ARCHIVES NATIONALES DE FRANCE

Од Националниот архив на Франција се микрофилмувани архивски документи, печатени студии и публикации што се однесуваат на историјата на Македонија од 17-тиот и 18-тиот век, како и неколку кратки публикации од 19-тиот век. Најчесто станува збор за политички, трговски и воени извештаи од француските дипломатски претставништва или од француските воени мисии во Ориентот, создадени до средината на 18-тиот век, кога целокупната архивска граѓа од француската администрација се чувала во Националниот архив на Франција. Денес постојат две архивски служби, кои работат независно од Националниот архив на Франција. Станува збор за Министерството за надворешни работи и за Министерството за одбрана на Франција, од чии архивски служби исто така е донесена микрофилмувана архивска граѓа во Државниот архив на Македонија.

*Број на микрофилмови: 10*

*Содржина:*

1. 1885-1888 г. Сигнатура: 80/95

Извадок од публикациите „Трговски карти за Европска Турција - провинција Македонија“ од инженер-географот Ф. Бјанчони, издадени во 1885 и 1888 година: географски опис на Македонија составена од „целокупниот Солунски вилает, најголемиот дел од Битолскиот вилает и јужниот дел од Косовскиот вилает“; статистички податоци за населението, за производството и трговијата, царинските услови за увоз и извоз на производи, податоци за развојот на образовниот и здравствениот систем преку солунското пристаниште; податоци за трговијата со Франција и за улогата на Францускиот конзулат во Солун во зголемувањето на француското трговско влијание во Македонија.
Извадок од публикација, од истиот автор, посветена на Албанија и на Епир (1885 г.).

2. 1858 г. Сигнатура: 95/1137

Писма од контраадмиралот на француската флота стационирана во Јадранско Море до министерот на француската морнарица во врска со внатрешната состојба во Отоманската Империја: за нејзината воена моќ

и за состојбата на нејзината морнарица, за статусот на теснецот Босфор и Дарданели и за турската надворешна политика; извештаи за состојбите во Европска Турција: насилства, грабежи и убиства извршени врз христијанското население во Босна и во други делови од Европска Турција.

*Јазик:* ***француски****, грчки, српски*

3. 1623-1788 г. Сигнатура: 234

Министерството за надворешни работи на Франција - Серија Б1. Студија од 1699 година за француското трговско присуство во Левант, со посебен осврт на трговските односи со Турција и значењето на солунското пристаниште за француските трговци; студии и статистички податоци за производството и трговијата на Отоманската Империја; извештаи за значењето на отоманската војска и нејзината морнарица; копија од трговскиот договор меѓу Руската Империја и Високата Порта (1783 г.).

4. 1788-1890 г. Сигнатура: 153

Министерството за надворешни работи на Франција - серија Турција и серија Ф12. Студија од 1788 година посветена на трговското значење на Франција во Турција споредено со другите европски земји; извештаи за турската администрација и за странското дипломатско присуство во Константинопол; извадоци од турски закони и правилници со тарифи на турската царина; статистички податоци за увозот и извозот на производи од Турција.

5. 1874-1911 г. Сигнатура: 154

Министерството за надворешни работи на Франција - серија Турција и серија Ф12. Студии и статистички податоци за поморската трговија на Отоманската Империја со посебен осврт на трговијата што транзитирала преку пристаништата во Солун и во Кавала во периодот 1974-1877 година; британска дипломатска преписка за степенот на почитувањето на одлуките на Берлинскиот договор по прашањето на ориенталните железници; статистички податоци за трговската размена меѓу Турција и Франција; извештаи од францускиот конзул во Скопје за развојот на индустријата и на земјоделското производство во Македонија во почетокот на 20-тиот век; извештаи за производството на опиум во Косовскиот вилает во 1911 година; извештај за земјоделското производство и за индустријата во Скопската каза.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

6. 1656-1737 г. Сигнатура: 79

Серија Б1 - Солун. Извештаи од францускиот конзул во Солун и трговци од Левант за степенот на трговското присуство на Франција во Левант, за француските интереси во тој дел од светот и за можностите за зголемување на француското трговското и политичко влијание во Отоманската Империја; административна преписка на Францускиот конзулат во Солун со Министерството за надворешни работи на Франција како и за финансиски, персонални и други прашања поврзани со работата на конзулатот.

7. 1738-1754 г. Сигнатура: 80

Серија Б1 - Надворешни работи - Солун. Извештаи од францускиот конзул во Солун за трговското присуство на Франција во Отоманската Империја, за француските интереси во тој дел од светот и за можностите за зголемување на француското трговско и политичко влијание во Отоманската Империја; административна преписка на Францускиот конзулат во Солун со Министерството за надворешни работи на Франција за финансиски, персонални и други прашања поврзани со работата на конзулатот.

8. 1755-1778 г. Сигнатура: 81

Серија Б1 - Надворешни работи - Солун. Извештаи од францускиот конзул во Солун за трговското и политичкото влијание на Франција во Отоманската Империја и посебно во провинциите на Европска Турција, за француските интереси во Левант и за можностите за зголемување на француското трговско и политичко влијание во Отоманската Империја.

9. 1706-1818 г. Сигнатура: 82

Серија Б1 и Б3 - Надворешни работи. Административна преписка на Францускиот конзулат во Солун со Министерството за надворешни работи на Франција за финансиски, персонални и други прашања поврзани со работата на конзулатот; извадок од студија посветена на трговијата во Скадарскиот пашалак; студии и извештаи од францускиот конзул во Солун за трговската размена на Франција со Отоманската Империја, студија за трговијата во Левант со детални податоци за француските трговски фирми што работеле во тој дел од светот; споредбен табеларен приказ на увозот и извозот на производи на Франција со земјите од Левант за периодот 1789-1820; студија за трговскиот подем на турските пристаништа и за трговската размена со големите европски земји; извештај за трговијата со робови во Ориентот; табеларен приказ на трговската размена меѓу Турција и Франција преку пристаништата Солун и Марсеј.

10. 1756-1783 г. Сигнатура: 83

Серија Б7 - француска морнарица. Извештаи за поморската трговска размена на Франција со Отоманската Империја преку пристаништето во Марсеј, студии за француското трговско присуство во Левант; извештаи за трговската размена меѓу Турција и Франција преку пристаништата Солун и Марсеј.

## АРХИВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ФРАНЦИЈА (ARCHIVES DU MINISTERE FRANCAIS DES AFFAIRES ETRANGERES)

Министерството за надворешни работи на Франција поседува голем број фондови што содржат документи значајни за историјата на Македонија. Овие фондови се наоѓаат во две архивски служби, и тоа, во Париз, каде што е сместен Архивот на централните служби на Министерството за надворешни работи на Франција и во Нант, каде што е сместен Архивот на француските дипломатски претставништва во светот.

Микрофилмуваните документи, мемоари, карти, текстови на мировни договори, печатени и ракописни студии и други архивски материјали што се донесени во Државниот архив на Република Македонија потекнуваат од различни фондови на ова Министерство, од кои се микрофилмувани само оние досиеја, предмети и студии што се однесуваат на историјата на Македонија. Микрофилмуваната архивска граѓа се однесува на периодот 1686-1969 година.

Овие микрофилмувани архивски документи потекнуваат во најголем дел од фондовите на: Централната администрација на Министерството за надворешни работи на Франција - Париз, а посебно од сериите на документи посветени на Бугарија, Грција и Југославија, Француската амбасада во Константинопол (Истанбул), Францускиот конзулат во Битола, Француската амбасада во Белград, Француската амбасада во Виена, Француската амбасада во Атина, Француската амбасада во Софија, Францускиот конзулат во Солун, Францускиот конзулат во Скопје, како и од други фондови и серии на документи што се наведени во аналитичките инвентари изработени за секој микрофилм посебно.

*Број на микрофилмови: 55*

*Содржина:*

1. 1918-1929 г. Сигнатура: 1921

Серија - Европа 1918-1929, досиеја Југославија и Бугарија. Дипломатска преписка, извештаи, писма и студии на француските дипломатски претставници во балканските земји, како и документи произлезени од Друштвото на народите, посветени на состојбата во трите делови на Македонија меѓу двете светски војни и на односите меѓу балканските земји: за политичката и економската состојба во Вардарска Македонија по Првата светска војна; за идеите за формирање балканска федерација; за активностите на комитските чети; за активностите на македонските организации во Бугарија; за присилното иселување на словенското население од Грција во Бугарија; за економските и политичките односи меѓу балканските земји; за малцинските прашања во балканските земји, итн.

2. 1918-1929 г. Сигнатура: 1922

Серија - Европа 1918-1929, досие Бугарија. Дипломатска преписка за состојбите на Балканот: петиции од жители на Вардарска Македонија за суровоста на српските власти; барање од македонските емигранти во Бугарија до Мировната конференција во Версај Македонија да биде приклучена кон Бугарија; извештаи и студии во врска со состојбите во Македонија пред Мировната конференција во Версај, во кои се предвидува каква ќе биде иднината на Балканот доколку Македонија стане самостојна држава; извештаи од работата на комисиите за утврдување на границата меѓу Бугарија и Србија; извештаи за активностите на комитските чети по Првата светска војна; извештај во кој се пренесуваат американските ставови за решавањето на македонското прашање; извештаи од работата на мешовитата комисија за емигрантите меѓу Бугарија и Грција; извештаи за убиствата на Тодор Паница и на војводата Панчо Михајлов; опширна студија посветена на историјата на Бугарија, на внатрешната политичка состојба пред и за време на Балканските војни, за нејзиното сојузништво со Германија, за земјоделското движење и владеењето на Стамболиски, за развојот на Комунистичката партија на Бугарија, како и за македонските организации во Бугарија и за недоразбирањата меѓу нив.

3. 1918-1929 г. Сигнатура: 1923

Серија - Европа 1918-1929, досие Бугарија. Дипломатска преписка, извештаи, писма и студии на француските дипломатски претставници во балканските земји, како и документи произлезени од Друштвото на народите, а се однесуваат на состојбата во трите делови на Македонија меѓу двете светски војни и односите меѓу балканските земји; извештаи за

активностите на македонските организации во балканските земји и во земјите на Западна Европа; извештаи за размената на население меѓу Грција и Бугарија, за економските и политичките односи меѓу балканските земји и за проблемите во врска со прашањата на малцинствата.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

4. 1918-1929 г. Сигнатура: 1924

Серија - Европа 1918-1929, досиеја Бугарија и Грција. Дипломатска преписка, извештаи, писма и студии на француските дипломатски претставници во балканските земји, како и документи произлезени од Друштвото на народите за состојбата во трите делови на Македонија меѓу двете светски војни и односите меѓу балканските земји, со информации за размената на населението меѓу Бугарија и Грција, за несогласувањата меѓу балканските земји во врска со прашањето за малцинствата, како и со статистички податоци за бројот на бегалците во балканските земји; извештаи за активностите на македонските организации во Бугарија како и за дејствувањето на комитските чети во Македонија.

5. 1918-1929 г. Сигнатура: 2171

Серија - Европа 1918-1929, досиеја Југославија и Бугарија. Дипломатска преписка, извештаи, писма и студии на француските дипломатски претставници во балканските и во други европски земји, како и документи произлезени од Друштвото на народите за состојбата во трите делови на Македонија меѓу двете светски војни и за односите меѓу балканските земји; извештаи за активностите на балканските дипломатии пред одржувањето на Париската мировна конференција; извештаи за активностите на македонските друштва во Швајцарија; податоци за колонизацијата на Вардарска Македонија; извештаи за економските и политичките односи меѓу балканските земји како и за нерешените прашања за малцинствата; извештаи за активностите на комитските чети и Македонската внатрешна организација.

6. 1921-1938 г. Сигнатура: 2565

Серија - Друштво на народите; досиеја - Бугарија и Југославија (прашањето за Македонија). Дипломатска преписка и документи произлезени од Друштвото на народите, за состојбата во трите делови на Македонија меѓу двете светски војни и односите меѓу балканските земји со податоци за активностите на комитските чети и на македонските организации во балканските земји и во земјите на Западна Европа, како и за нерешените прашања за малцинствата во балканските земји.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

7. 1809-1895 г. Сигнатура: 54/640

Досиеја: Трговски извештаи од Солун, Политичка преписка од Битола и од Јанина. Дипломатска преписка и извештаи на француските конзули во Солун, во Битола и во Јанина за состојбите во доменот на трговијата во Македонија во текот на 19-тиот век, за даночната политика на Високата Порта, како и за насилствата извршени врз христијанското население од страна на власта и разни арамиски банди.

8. 1905-1906 г. Сигнатура: 312

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија по Илинденското востание: барања на големите сили до Високата Порта за неодложно спроведување на административните реформи во Македонија; за одвивањето на реформите во судскиот сектор; подготовки на големите сили да испратат воени бродови во Егејско Море доколку не се спроведат административните реформи во Европска Турција; за односите меѓу балканските земји и нивните интереси во Македонија.

9. 1907 г. Сигнатура: 313

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија по Илинденското востание: барања на големите сили до Високата Порта за неодложно спроведување на административните реформи во Македонија; статистички податоци за убиства и насилства меѓу населението во Македонија предизвикани од пропагандите на соседните земји; извештаи за штетите предизвикани од поплавите во Скопската котлина; извештаи за дејствувањето на банди во Македонија испратени од Србија, Бугарија и од Грција; извештаи за судири на комитски чети со турската војска во Прилепска и Тиквешка каза; извештаи за одвивањето на реформите во судскиот сектор; извештаи за интересите на големите сили во Македонија, како и за односите меѓу балканските земји и нивните интереси во Македонија.

10. 1906-1907 г. Сигнатура: 314

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Извадок од написот „Решение за македонското прашање - сфери на влијание“ од ревијата „Хеленизам“, во кој се бранат грчките интереси во Македонија; извадок од книгата на Мартин Вилс посветена на неговото заробеништво во една комитска чета; промемории од граѓани за убиствата и насилствата извршени во Македонија од страна на банди помогнати од Србија, Бугарија и Грција; извештај за објавувањето на „Сината книга“ на британското Министерство за надворешни работи за состојбите во Македонија по Илинденското востание; извештај за објавувањето на нова

„Жолта книга“ на француското Министерство за надворешни работи за состојбите во Македонија; извештај за прогласувањето независност на Бугарија.

*Јазик:* ***француски****, англиски, германски, српски*

11. 1896-1899 г. Сигнатура: 181

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Дипломатска преписка за состојбите на Балканот кон крајот на 19-тиот век: извештаи за состојбата на населението во Македонија и за пропагандите и влијанијата на соседните балкански земји во севкупниот живот во Македонија; извештаи за различните интереси на големите сили на Балканот и за нивната политика кон Македонија; студии за етничкиот состав и верската определеност на населението во Македонија.

12. 1901-1902 г. Сигнатура: 182

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Дипломатска преписка за состојбите на Балканот во почетокот на 20-тиот век: за состојбата на населението во Македонија и за пропагандите и влијанијата на соседните балкански земји во севкупниот живот во Македонија; за претензиите на балканските земји во Европска Турција; за активностите на револуционерните комитети и чети во Македонија и во Бугарија; за влијанието на Револуционерната организација во Македонија и подготовките за кревање општо востание во Македонија.

13. 1902-1903 г. Сигнатура: 183

Турција - Внатрешна политика - Македонија. Дипломатска преписка за состојбите на Балканот во почетокот на 20-тиот век: за активностите на Револуционерната организација во Македонија; за дејствувањето на револуционерни чети во повеќе места во Македонија; за тешката состојба на населението во Македонија и за подготовките за кревање востание; за претензиите на соседните балкански земји во Македонија; за објавувањето на „Жолтата книга“ на Министерството за надворешни работи на Франција посветена на состојбите во Македонија.

14. 1897-1907 г. Сигнатура: 235

Турција - внатрешна и надворешна политика. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век: информации за активностите на младотурците и нивното влијание во политичкиот живот во Отоманската Империја; за состојбата на населението во Македонија и за пропагандите и влијанијата на соседните

балкански земји во Македонија; за различните интереси на големите сили на Балканот и нивната политика кон Македонија; извештаи за етничкиот состав и верската определеност на населението во Македонија

15. 1898-1914 г. Сигнатура: 236

Турција - внатрешна и надворешна политика; Бугарија - внатрешна и надворешна политика. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век: за насилствата врз христијанското население во Македонија; за интересите на балканските земји во Македонија; за дипломатските притисоци од големите сили врз Високата Порта за неодложно спроведување на административните реформи во Македонија; за различните интереси на големите сили на Балканот и нивната политика кон Македонија; за етничкиот состав и верската определеност на населението во Македонија; за тешката состојба во Македонија по Балканските војни.

16. 1859-1894 г. Сигнатура: 237

Досие: Политичка преписка - Бугарија. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во втората половина на 19-тиот век: за влијанието на грчката црква врз словенското население во Македонија; за етничкиот состав и верската определеност на населението во Македонија; за насилствата врз христијанското население во Македонија; за интересите на балканските земји во Македонија; за различните интереси на големите сили на Балканот и нивната политика кон Македонија; за состојбите во Македонија по Берлинскиот конгрес.

17. 1903 г. Сигнатура: 238

Турција - внатрешна политика - Македонија.
Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во 1903 година: за бугарската надворешна политика и нејзините интереси во Македонија; за ривалството меѓу Егзархијата и Патријаршијата во Македонија; извештаи за насилствата и масакрите направени од банди под влијание на бугарската или грчката пропаганда; кражби, уцени и убиства на арнаутски разбојнички банди во Македонија; извештаи за внатрешната безбедност во Битолскиот вилает.

18. 1903 г. Сигнатура: 239

Турција - внатрешна политика - Македонија.
Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во 1903 година: извештаи за дипломатски притисоци на големите сили до Високата Порта за неодложно спроведување на реформите во Македонија; детални

извештаи за текот на Илинденското востание; извештаи за бројот на настраданото население и за уништените села во текот на Илинденското востание; студии со анализа на спротивставените ставови на големите сили во врска со целите на Илинденското востание и барањата на востаниците Македонија да добие автономија.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

19. 1903-1904 г. Сигнатура: 240

Турција - политички извештаи за Македонија.
Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во 1903 и 1904 година: извештаи за надворешната политика на балканските земји и нивните пропаганди во Македонија; извештаи за соперништвото меѓу Егзархијата и Патријаршијата во Македонија; извештаи за насилствата и масакрите во Македонија, направени од банди под влијание на бугарската, српската или грчката пропаганда; извештаи со анализа на различните ставови на големите сили за начинот на решавање на македонското прашање.

20. 1904-1905 г. Сигнатура: 241

Турција - политички извештаи за Македонија.
Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во 1904 и 1905 година: извештаи за надворешната политика на Грција и за критиките упатени од големите сили кон неа поради агресивната пропаганда во Македонија; извештаи за насилства и масакри во Македонија направени од грчки банди; извештај за предлозите на Австро-Унгарија и Русија, како и за начинот на спроведувањето на административните реформи во Македонија; извадоци од европскиот печат за тешката состојба на населението во Македонија; извештаи за царинската политика на Турција; превод на француски јазик на правилникот за јавните приходи и давачки на Турција; извадок од написи во весникот „Македонија" што излегувал во Париз (1905 г.); извештај на Меѓународното биро за мир од Париз за состојбите во Македонија со предлози за решавање на македонското и на ерменското прашање.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

21. 1905 г. Сигнатура: 242

Турција - политички извештаи за Македонија.
Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во 1905 година: за надворешната политика на балканските земји и нивните пропаганди во Македонија; за антагонизмот меѓу Егзархијата и Патријаршијата во Македонија; за насилствата и масакрите во Македонија направени од разни банди под влијание на бугарската, српската или грчката

пропаганда; за различните ставови на големите сили во однос на решавањето на македонското прашање; барања на големите сили за неодложно спроведување на реформите во Македонија.

22. 1878-1914 г. Сигнатура: 243

Досие: Србија - надворешна политика (1897-1914).
Извештаи од француските дипломатски претставници во европските земји за развојот на српската држава, за нејзините односи со големите сили, за нејзините претензии на Балканот и за пропагандата што ја вршела во Македонија на образовен и верски план; за нејзините односи со Русија и панславистичкото движење на Балканот.
Досие: Турција 1878-1880. Дипломатска преписка посветена на состојбите на Балканот по Берлинскиот конгрес: за статусот на балканските земји по Руско-турската војна и по Берлинскиот конгрес; протести и петиции од грчкото население и од грчкиот Силогос против одлуките од Санстефанскиот мировен договор; немири и бунтови во повеќе региони во Македонија; извештаи за насилства врз христијанското население во Битолскиот вилает; детална студија за воената моќ на Отоманската Империја; извештаи за австриските интереси во Босна и Херцеговина.

23. 1889-1896 г. Сигнатура: 244

Досие: Бугарија.
Дипломатска преписка за развојот на бугарското кнежевство по Берлинскиот конгрес: извештаи за одобрението од Високата Порта на Бугарската егзархиска црква, самостојно да дејствува во Европска Турција и за испраќањето на бугарски свештеници во повеќе епархии во Македонија; извештаи за проблемите на повеќе егзархиски училишта во Македонија; за реформите во Македонија по Берлинскиот конгрес; извештаи за активностите на комитските чети и за подготовките за кревање востание во Македонија; критики на големите сили за бугарската политика кон Македонија; извадок од весникот „Македонски глас“ (1896), во кој се пренесува текстот од Манифестот на Македонскиот централен комитет посветен на реформите во Македонија.

24. 1897-1903 г. Сигнатура: 1255

Досие: Политички циркулари. Циркуларни писма испратени од Политичката дирекција при Министерството за надворешни работи на Франција до француските дипломатски претставништва во светот, посветени на француската надворешна политика и на состојбите во разни делови на светот, кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век. Повеќе циркуларни писма се однесуваат на состојбата на Балканот и во Македонија.

25. 1906-1910 г. Сигнатура: 403

Досие: Политички циркулари. Циркуларни писма испратени од Политичката дирекција при Министерството за надворешни работи на Франција до француските дипломатски претставништва во светот посветени на француската надворешна политика и состојбите во разни делови на светот, во почетокот на 20-тиот век. Повеќе циркуларни писма, кои се однесуваат на состојбата на Балканот и во Македонија.

26. 1718-1853 г. Сигнатура: 1570

Серија - Мемоари и документи. Опширни студии и извештаи за состојбите во Отоманската Империја во текот на 18-тиот и 19-тиот век: географски опис на турските провинции; податоци за етничкиот состав и верската припадност на населението, статистички податоци и студии за развојот на трговијата, земјоделството, занаетчиството и индустријата во Турција; извештаи за функционирањето на турската војска; посебни студии за секоја етничка заедница во Отоманската Империја.

27. 1821-1895 г. Сигнатура: 1572

Серија на документи - Турција. Опширни студии и извештаи за состојбите во Отоманската Империја во текот на 19-тиот век: извештаи за етничкиот состав и верската определеност на населението во Македонија; извадоци од книгата на Ами Буе посветена на животот во Отоманската Империја; студија за француските интереси во Турција; студија за животот во Битолскиот пашалак во 1856 г; извештаи за административните реформи во Турција во првата половина на 19-тиот век; извештаи за состојбата во Европска Турција по Берлинскиот конгрес; за пропагандите на балканските земји во Македонија; за различните интереси на големите сили на Балканот и нивната политика кон Македонија.

28. 1912-1913 г. Сигнатура: 378

Серија на документи - Турција. Дипломатска преписка за состојбите на Балканот за време на Балканските војни: за страдањата на населението и хуманитарните активности на разни религиозни мисии во Македонија; за несогласувањата на балканските земји околу поделбата на Македонија.

29. 1686-1880 г. Сигнатура: 1571

Серија на документи - Турција. Опширни студии и извештаи за состојбите во Отоманската Империја во текот на 19-тиот век (со исклучок на еден документ од 1686 г.): студии и извештаи за повеќе турски провинции (Македонија, Албанија, Тракија, Бугарија...) со географски опис на

провинциите и податоци за етничкиот состав и верската определеност на населението, трговскиот потенцијал и други особености на вилаетите; извештаи за воениот потенцијал на Отоманската Империја; извештаи за административните реформи во Турција и за статусот на немуслиманското население; извештаи за Власите во Отоманската Империја; извештаи на Европската комисија за Источна Румелија за спроведување на административните реформи во Европска Турција предвидени со Берлинскиот конгрес.

30. 1793-1809 г. Сигнатура: 84

Досие: Трговска и конзуларна преписка - Француски конзулат во Солун (Том 15б). Административна кореспонденција за работата на Францускиот конзулат во Солун; извештаи за француското трговско присуство во Солун; опширни извештаи и студии за трговијата во Солун и за значењето на солунското пристаниште; трговски и политички билтени за Солун.

31. 1812-1822 г. Сигнатура: 85

Досие: Трговска и конзуларна преписка - Француски конзулат во Солун (Том 17 и 18). Трговски билтен за Босна; извештаи и студии посветени на трговските активности во Босна; политички билтен за Босна; трговски билтен за Јанина; студии и извештаи за состојбите во Европска Турција: буџет на провинциите, финансиска состојба, економски потенцијали, статистички податоци за цени на производи, за увоз и извоз на стоки преку пристаништата во Европска Турција со посебен осврт на солунското пристаниште.

32. 1822-1834 г. Сигнатура: 86

Досие: Трговска и конзуларна преписка - Француски конзулат во Солун. Административна кореспонденција за работата на Францускиот конзулат во Солун: регистри за евиденција на француски граѓани и отомански поданици под заштита на Францускиот конзулат во Солун; извештаи за француското трговско присуство во Солун; опширни извештаи и студии за трговијата во Солун и за значењето на солунското пристаниште; статистички податоци за количествата на стока пренесена преку солунското пристаниште; трговски и политички билтени за Солун.

33. 1834-1846 г. Сигнатура: 87

Досие: Француски конзулат во Солун (волумен 21). Административна кореспонденција на Францускиот конзулат во Солун: архитектонски планови на зградата на конзулатот, периодични финансиски извештаи,

буџет на конзулатот; извештаи за француската заедница во Солун: регистри за евиденција на француските граѓани и отоманските поданици под заштита на Францускиот конзулат во Солун; извештаи за политичката и економската состојба во Македонија.

34. 1846-1860 г. Сигнатура: 88

Досие: Француски конзулат во Солун. Извештаи за заштитата што им ја давал конзулатот на француските граѓани и на отоманските поданици под заштита на францускиот конзулат во Солун пред судовите на Империјата за трговски и други спорови; опширни извештаи и студии за трговијата во Македонија со посебен осврт за трговијата во Солун: статистички податоци за увоз и извоз на производи преку солунското пристаниште, цени на најзначајните трговски производи; административна кореспонденција за функционирањето на конзулатот.

35. 1861-1868 г. Сигнатура: 89

Досие: Француски конзулат во Солун - трговска и конзуларна преписка. Извештаи за состојбата во Солунскиот пашалак; податоци за трговските движења во поголемите градови во Македонија; опширни извештаи и студии за трговијата во Солун и за значењето на солунското пристаниште: статистички податоци за количествата и видовите на производи пренесени преку солунското пристаниште; политички извештаи за состојбата во Европска Турција: политика на Високата Порта за населување на муслимански семејства во Македонија, Тесалија и Епир со цел да се зголеми бројот на муслиманите во однос на христијаните во тие провинции.

36. 1841-1872 г. Сигнатура: 90

Досие: Француски конзулат во Солун - трговска и конзуларна преписка. Извештаи за немири и бунтови во повеќе турски провинции; извештаи за состојбите во Бугарија, Македонија и Албанија: опис на населението, политички превирања, односи со властите; трговски извештаи со статистички податоци за цените на увоз и извоз на разни видови производи преку солунското пристаниште; извештаи за бројноста на турската војска во Македонија; студија за влијанието на Грција во Европска Турција.

37. 1872-1895 г. Сигнатура: 91

Досие: Француски конзулат во Солун - трговска кореспонденција. Трговски извештаи со статистички податоци за увозот и извозот на разни видови производи преку солунското пристаниште; извештаи за состојбата

со земјоделството во Европска Турција; извадоци од печатени извештаи на Британскиот конзулат во Солун за трговијата во Македонија; извадоци од печатени студии на Францускиот конзулат во Солун за извозот и увозот на производи преку солунското пристаниште и за неговото значење за трговијата во Европска Турција.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

38. 1854-1896 г. Сигнатура: 92

Серија на документи - Турција. Извештаи од францускиот конзул во Битола за состојбите во Битолскиот вилает, за француската заедница во Битола и за влијанието на Мисијата на Лазаристите на верски и образовен план во битолскиот регион; административна кореспонденција за функционирањето на Францускиот конзулат во Битола; извештаи за политичките превирања во турската администрација; извештаи за тешката состојба на христијанското население во Битолскиот вилает; извештаи за спроведувањето на административните реформи во Европска Турција; податоци за образовниот систем во Македонија; извештаи за македонското движење во Европска Турција.

39. 1871-1875 г. Сигнатура: 93

Серија на документи - Турција- Француски конзулат во Солун. Извештаи за состојбата на анархија и бунтови во Босна и во Херцеговина; извештаи за нестабилната внатрешна состојба во Македонија; петиции од христијанското население во Прилеп испратени до францускиот конзул во Солун за нивната тешка состојба; информации за образованието на христијанското население во Македонија; извештаи и студии за Солунскиот вилает на етнички, верски и економски план.

40. 1876-1879 г. Сигнатура: 94

Серија на документи - Француски конзулат во Солун:. Извештаи за започнувањето на реформите во администрацијата на Отоманската Империја; извештај за донесувањето на Органскиот закон за вилаетите во Европска Турција; извештаи за верските прашања во Македонија; студија за војската на Отоманската Империја; извештај за состојбите во Епир.

41. 1880-1884 г. Сигнатура: 95

Серија на документи - Турција - Политичка кореспонденција на Францускиот конзулат во Солун. Извештаи за политичката состојба во Македонија; за панславистичкото движење во Македонија; за

активностите на Мисијата на Лазаристите во Солун; за влијанието на соседните балкански земји врз политичкиот живот во Македонија; податоци за воените потенцијали на Отоманската Империја и за разместеноста на војската во Македонија; за административните реформи во Европска Турција; за односите меѓу етничките заедници во Европска Турција; за востаничките движења во Македонија, Тесалија и Епир.

42. 1885-1886 г. Сигнатура: 96

Серија на документи -Турција - Француски конзулат во Солун. Извештаи за политичката состојба во Македонија и за пропагандите водени од соседните балкански земји; за постоењето одметнички групи кои вршеле грабежи и насилства во Македонија; за односите меѓу етничките заедници во Европска Турција; за ривалските односи меѓу патријаршиската и егзархиската црква во Македонија.

43. 1887-1889 г. Сигнатура: 97

Серија на документи - Турција- Францускиот конзулат во Солун. Извештаи за постоењето на одметнички групи кои вршеле грабежи и насилства во Македонија; извештаи за влијанието на големите сили врз политичките настани во Европска Турција; за отворањето на италијански училишта во Солун; за постоењето проекти за изградба на железнички линии за поврзување на повеќе градови во Македонија, меѓу кои и железничката линија Солун-Битола; за активностите на Мисијата на Лазаристите во Солун; за внатрешната состојба во Македонија.

44. 1890-1896 г. Сигнатура: 98

Серија на документи - Турција- политичка кореспонденција на Францускиот конзулат во Солун (Том 9). Извештаи за постоењето на одметнички групи кои вршеле грабежи и насилства во Македонија; информации за егзархиските училишта во Македонија; за отворањето италијанска болница во Солун; за навлегувањето на руски и британски воени бродови во солунското пристаниште; информации за македонското движење; студија за состојбите во Македонија на образовен и верски план - статистички податоци.

45. 1878-1880 г. Сигнатура: 340

Дипломатска преписка посветена на подготовките и одржувањето на Берлинскиот конгрес: петиции од различни етнички заедници од Европска Турција за најавите за можни решенија со Берлинскиот договор; студии и анализи за можните граници на новите држави на Балканот предвидени да бидат признаени на Берлинскиот конгрес.

46. 1892-1893 г. Сигнатура: 355

Серија на документи - Турција. Дипломатска преписка за состојбите во Европска Турција: преговори меѓу Ватикан и Високата Порта за подобрување на статусот на католиците во Отоманската Империја; за активностите на Мисијата на Лазаристите во Солун и за отворањето болница во нивната религиозна мисија; извештаи за работата на француските училишта во Солун; за работата на Царската отоманска банка.

47. 1814-1826 г. Сигнатура: 358

Серија на документи - Турција. Дипломатска преписка за состојбите во повеќе провинции на Европска Турција: за внатрешната состојба во Романија; за немирите во повеќе провинции во Европска Турција како последица на постојаните насилства врз христијаните; извештаи за трговијата во Северна Африка; извештаи за цената на робовите и на работната рака во Левант.

48. 1839-1843 г. Сигнатура: 1041

Серија на документи - Турција. Извештаи од францускиот амбасадор во Константинопол за состојбите во повеќе провинции на Европска Турција: за внатрешната состојба во Србија; за религиозните заедници во турските провинции и политиката на грчката црква кон христијанското население; за тешката состојба на христијаните и притисоците на големите сили до Високата Порта да се подобри статусот на ова население; дипломатски активности на големите сили за решавање на прашањето со теснеците Босфор и Дарданели; за немирите во Сирија и Египет; за ставовите на европската дипломатија дека треба да се сочува рамнотежата во Европа со тоа што нема да се менуваат границите на Отоманската Империја.

49. 1833-1839 г. Сигнатура: 1042

Серија на документи - Турција - политичка кореспонденција: Нота од амбасадорите на големите сили до Високата Порта со која се бара Турција да не донесува одлуки за прашањето на Дарданелите без нивна согласност; извештаи за внатрешната нестабилна состојба во турските провинции во Северна Африка; извештаи за спорот меѓу Грција и Отоманската Империја за статусот на имотите на муслиманите што ја напуштиле Грција по прогласувањето на нејзината независност; административна кореспонденција за работата на Француската амбасада во Константинопол; копија од трговскиот договор меѓу Франција и Отоманската Империја; студии и анализи за последиците од евентуалното распаѓање на Отоманската Империја.

50. 1843-1878 г. Сигнатура: 1043

Мемоари и документи - Турција. Извештаи за внатрешната состоба во турските провинции во Северна Африка; за односите меѓу Грција и Турција; за внатрешната состојба во Србија и Бугарија; студии и анализи за словенското и грчкото население на Балканскиот Полуостров, за нивната распространетост и нивниот меѓусебен однос; анализи и предвидувања за иднината на новите држави произлезени од Берлинскиот договор.

51. 1910 г. Сигнатура: 1036

Серија на документи - Турција - надворешна политика; балкански прашања - Македонија. Извештаи за работата на меѓународната комисија за ревизија на турско-црногорската граница; превод на француски јазик на внатрешниот правилник на Македонско-одринската револуционерна организација; извештаи за претензиите на балканските земји во Македонија и за нивните меѓусебни односи; за воените подготовки на Бугарија; за обидите на новите турски власти да обезбедат помирување меѓу етничките и верските заедници во Турција; податоци за бројот на убиства и насилства врз христијаните од страна на турски банди; за поставени бомби на железничката линија Скопје-Солун; опширен извештај за политичката состојба во Македонија по Младотурската револуција и за настанатите промени во образованието, во политичкиот живот итн.

*Јазик:* ***француски****, англиски*

52. 1908-1910 г. Сигнатура: 1037

Серија на документи - Турција - надворешна политика - Балкан. Извештаи за внатрешната состојба во Европска Турција по Младотурската револуција; за формирањето на локалните комитети на партијата „Унија и прогрес“; за финансиската состојба на Отоманската Империја; за формирањето демократски клубови на различни етнички групи по прогласувањето на турскиот устав; програма на Националната федеративна партија; за односите меѓу Егзархијата и Патријаршијата во новиот турски режим; хронолошки приказ на клучните настани во односите меѓу Австрија, Србија и Турција по прашањето на Босна и Херцеговина; хронолошки приказ на клучните настани во односите меѓу Бугарија, Турција и Србија по прашањето на Македонија; за убиствата и грабежите во христијанските села од страна на турските и албанските банди.

53. 1908-1911 г. Сигнатура: 1038

Серија на документи - Турција - внатрешна политика- македонското прашање. Извештаи за реформите во администрацијата, судството и војската во Македонија; за статусот на балканските железници; за различните интереси и политиката на големите сили во Македонија; за несигурната внатрешна состојба во Македонија и за дејствувањето на разни банди под влијание на српската, бугарската и грчката пропаганда; за проектите за железничко поврзување на повеќе градови во Македонија; за реорганизацијата на турската армија; за активностите на влашките друштва во Македонија; за бројот на католиците во Македонија; за односите меѓу бугарската, српската и грчката црква во Македонија.

*Јазик:* ***француски***, *англиски*

54. 1915-1918 г. Сигнатура: 1262

Фонд - Прва светска војна 1914-1918, досие - стратегиски операции против Бугарија. Дипломатска преписка за состојбите во Македонија во текот на Првата светска војна: за проблемите на Србија да го користи солунското пристаниште; извештаи за стационирањето на сојузничката војска во Солун и за нејзините дејства на фронтот; планови за операции на сојузничката војска против Бугарија; за учеството на Русија и на Италија во војната; за користењето на Драч како излез на море за српската војска; детални извештаи за борбените дејства на солунскиот фронт; карти со приказ на позициите на противничките војски; извештаи за загубите на сојузничката војска, за бројот на убиени, исчезнати и ранети војници.

55. 1914-1916 г. Сигнатура: 1263

Фонд - Прва светска војна 1914-1918 - Балкан. Француска и британска дипломатска преписка за состојбите во Македонија во текот на Првата светска војна: за активностите на комитските чети во Македонија; за подготвеноста на Русија, Франција и Англија да им дадат воена поддршка на Грција и на Србија доколку Турција и Бугарија склучат воен пакт со Германија; студии и анализи од 1916 година за иднината на Балканот и за значењето на Македонија како стратешка раскрсница меѓу Европа и Азија; студија за иднината на Македонија во која се предвидува нејзина самостојност со приложена карта на границите на самостојна Македонија.

*Јазик:* ***француски***, *англиски*

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА ФРАНЦИЈА
# MINISTERE FRANCAIS DE LA DEFENSE

Министерството за одбрана на Франција има посебни архивски служби кои функционираат независно од Националниот архив на Франција. Архивот на ова министерство е поделен на повеќе служби, меѓу кои посебно значајни се Архивот на Француската морнарица и Историската служба на француската копнена армија од каде потекнуваат микрофилмуваните документи од ова министерство донесени во Државниот архив на Македонија. Овие архивски документи, студии и мемоари се однесуваат на периодот 1799-1927 година.

*Број на микрофилмови: 8*

*Содржина:*

## АРХИВ НА ФРАНЦУСКАТА МОРНАРИЦА
## ARCHIVES DE LA MARINE FRANCAISE

1. 1858 г. Сигнатура: 1039

Досие ББ1 759. Извештаи за присуството на француската морнарица во Левант и за нејзините односи со руската, британската и автстриската морнарица присутни во водите на Левант; извештаи за внатрешната состојба во Европска Турција; извештаи за насилства врз христијанското население во повеќе провинции во Европска Турција; студија за значењето на Рагуза (Дубровник) за трговијата во Левант; извештаи за работата на комисијата задолжена за утврдување на границата меѓу Црна Гора и Отоманската Империја.

## ИСТОРИСКА СЛУЖБА НА ФРАНЦУСКАТА КОПНЕНА АРМИЈА
## SERVICE HISTORIQUE DE L'ARMEE DE TERRE

2. 1799-1887 г. Сигнатура: 230

Фонд - Историски мемоари и студии - досие 1625. Детална студија за Отоманската Империја со описи на трговските патишта од Константинопол до главните трговски центри во Европска Турција, со посебен осврт на патната мрежа во Македонија; табеларен приказ на растојанијата меѓу поголемите градови во Горна Македонија и на трговските патишта со излез на море; детална студија за турската армија со податоци за нејзината бројност, за армиските родови, за нејзината морнарица, за буџетот на армијата и сл.

3. 1875-1908 г. Сигнатура: 231

Серија на документи - Турција - извештаи од воениот аташе во Константинопол. Извештаи од патувањата на воениот аташе во Француската амбасада во Константинопол во повеќе градови во Македонија во периодот 1875-1878: податоци за бројот и распореденоста на турската војска во Македонија, описи на жителите на Македонија, на нивната етничка припадност и нивните обичаи, со статистички податоци за нивната бројност; студија од 1900 година за бројот на населението во трите вилаети на Македонија, со статистички податоци по етничка припадност; извештаи за безбедносната состојба во Македонија во 1903 година и за одвивањето на Илинденското востание; студија за населението во Европска Турција во 1904 година; извештаи за настаните во врска со Младотурската револуција и за реформите во армијата и во жандармеријата во Македонија.

4. 1845-1919 г. Сигнатура: 232

Фонд: Прва светска војна 1914-1918. Извештаи од патувањата на воени аташеа од Француската амбасада во Константинопол во повеќе градови во Европска Турција во втората половина на 19-тиот век; опширна студија за внатрешната состојба во Македонија во 1901 година: географски опис, податоци за населението, информации за активностите и за значењето на ВМРО; извештај од 1906 година во врска со безбедносната состојба во Македонија; детални извештаи за текот на Балканските војни со приложени карти за распоредувањето на противничките војски и битките што се воделе меѓу нив; детални извештаи за текот на Првата светска војна и операциите на македонскиот фронт; извештаи за пишувањето на печатот во балканските земји за текот на војната, за нивните интереси и претензии по завршувањето на војната.

5. 1890-1927 г. Сигнатура: 233

Серија - Грција 1890-1919; Кабинет Клемансо 1924-1927. Извештаи за политичкото влијание на Грција во Македонија во почетокот на 20-тиот век; извештаи за внатрешната состојба во Македонија и за немири предизвикани од пропагандите на соседните земји; извештаи од грчки извори, со статистички податоци за насилства врз грчкото население во Македонија во периодот 1897-1903; извештаи за текот на Балканските војни; студија за Солун и за неговото стратешко значење за балканските земји; извештаи за текот на Првата светска војна на македонскиот фронт; студија потпишана од генералот на Француската армија на Ориентот посветена на историјата на Македонија, составот на нејзиното население, претензиите на соседните земји и нивната пропаганда во Македонија, за текот на Балканските и на Првата светска војна во Македонија, за навиките и традициите на Македонците и за степенот на индустриската

развиеност на земјата (1918 г.); извештаи за грчко-бугарските односи по Првата светска војна.

6. 1875-1906 г. Сигнатура: 2040

Серија 7Н-1624 и 7Н1630. Извештаи од патувањата на воените аташеа од Француската амбасада во Константинопол во повеќе градови во Европска Турција во втората половина на 19-тиот век; опширна студија за железничката мрежа во Европска Турција, за стратешкиот железнички правец и нивното користење за потребите на трговијата и сл; студија за турската армија, за нејзината распореденост и бројност во Европска Турција, со посебен осврт на војската стационирана во Битола како стратешки воен центар во Европска Турција; извештаи за населението во Битолскиот вилает со проложени етнографски карти и табели за бројноста на населението по етничка и верска припадност; извештај од 1902 година за внатрешната состојба во Македонија и за подготовките за кревање општо востание; извештај за населението во Солунскиот вилает; извештај од 1906 година за реформите во војската и жандармеријата во трите вилаети на турската провинција Македонија.

7. 1901-1919 г. Сигнатура: 2100

Извештаи на француски воени аташеа на Балканот. Детална студија за внатрешната состојба во Македонија во 1901 година со податоци за активностите на револуционерните чети, пропагандите на соседните земји и предвидувања за иднината на Македонија; извештаи за безбедносната состојба во Македонија во 1903 година и за подготовките за кревање општо востание против турските власти; извештаи за барањата на големите сили за неодложно спроведување на административните реформи во Македонија; извештаи за борбите на комитските чети со турската војска во околината на Петрич (1905 г.); извештаи на француските претставници што ги надгледувале реформите во турската жандармерија (1906 г.); извештаи за текот на Балканските војни; детални извештаи за борбените дејства на македонскиот фронт во текот на Првата светска војна; дипломатска преписка и анализи посветени на иднината на Балканот и на Македонија; извештаи од главниот штаб на француската војска во Македонија за расположението на населението пред одржувањето на Версајската мировна конференција и за барањата на населението Македонија да добие независност под заштита на некоја од големите сили.

*Јазик:* ***француски****, бугарски*

8. 1915-1916 г. Сигнатура: 2564

Воени и разузнавачки извештаи за воените операции на македонскиот фронт во Првата светска војна; детални извештаи за борбите на теренот со приложени карти за распоредот на непријателските војски; статистички податоци за бројот на ранети, убиени или исчезнати војници; извештаи за поставеноста на француската војска на теренот и за освоените места; список на фотографии од населени места и од жители на Македонија што ги направила француската војска за време на Првата светска војна.

## НАЦИОНАЛНА БИБЛИОТЕКА - ПАРИЗ
## BIBLIOTHEQUE NATIONALE - PARIS

Во националната библиотека на Франција во Париз постојат поголем број историски материјали во печатена форма, и тоа студии, извадоци од дипломатска преписка, мемоари, книги и др, посветени на состојбите во Македонија во разни историски периоди. Материјалите што се микрофилмувани и донесени во Државниот архив на Република Македонија го опфаќаат периодот 1787 - 1926 година.

*Број на микрофилмови: 9*

*Содржина:*

1. 1829 г. Сигнатура: 57/675

Извадоци од книгата „Воено патување во Отоманската Империја“ од баронот Феликс де Божур, издадена во 1829 година: опис на провинциите во Европска Турција, со податоци за географските карактеристики на населените места, патиштата, воените потенцијали, етничкиот состав на населението и др. Голем дел од книгата е посветен на Македонија. Во заклучокот на студијата, авторот дава предлог за подготвување воена стратегија за освојување на Европска Турција од страна на големите сили.

2. 1878 г. Сигнатура: 57/678

Британска дипломатска преписка за работата на Меѓународната комисија за Родопите за време на Руско-турската војна: извештаи за состојбата на бегалците; формирање на турско-европска комисија за решавање на проблемот со бегалците; подготовки за Берлинскиот конгрес; извештаи за намерите на Австро-Унгарија да изврши анексија на Босна и Херцеговина; извештаи за состојбите во повеќе турски провинции.

*Јазик:* ***англиски****, француски, германски*

3. 1878 г. Сигнатура: 57/679

Британска дипломатска преписка за работата на Меѓународната комисија за Родопите и за состојбите на Балканот во 1878 година: извештаи за состојбата на Балканот по потпишувањето на Берлинскиот договор; извештаи за последиците од Руско-турската војна; незадоволство на населението во Босна и Херцеговина од анексијата од страна на Австро-Унгарија; извештаи за состојбите во Македонија по Берлинскиот договор.

*Јазик:* ***анѓлиски****, француски*

4. 1878 г. Сигнатура: 57/680

Британска дипломатска преписка за работата на Меѓународната комисија за Родопите за време на Руско-турската војна и за состојбите на Балканот во 1878 година: извештаи за состојбата во Европска Турција по Берлинскиот договор; петиции против одредени одлуки на Берлинскиот договор; масакри врз христијанското население по повлекувањето на руската војска; испраќање на дополнителни турски трупи во Македонија; обиди за организирање на движење за ослободување на Македонија; оружени бунтови организирани од христијанското население во повеќе места во Македонија.

*Јазик:* ***анѓлиски****, француски*

5. 1787-1797 г. Сигнатура: 57/681

Извадок од книгата „Преглед на трговијата со Грција“ од баронот Феликс де Божур: опис на економските потенцијали на Македонија, со посебен осврт на производството на памук, тутун и на волна.

6. 1787-1797 г. Сигнатура: 57/682

Извадок од книгата „Преглед на трговијата со Грција“ од баронот Феликс де Божур: производство на маслиново масло и на грозје во Грција; трговија со восок на Халкидики; трговија со зајачки кожи произведени во Албанија, Македонија и во Тесалија; трговија со опиум и килими , и др.

7. 1787-1797 г. Сигнатура: 57/683

Извадок од книгата „Преглед на трговијата со Грција“ од баронот Феликс де Божур: податоци за увозот и извозот на производи преку солунското пристаниште; податоци за трговијата со памук и други производи од

Македонија; информации за трговското присуство на Германија, Италија, Холандија, Русија и други европски земји во Турција.

8. 1787-1797 г. Сигнатура: 57/684

Извадок од книгата „Преглед на трговијата со Грција" од баронот Феликс де Божур: анализа на степенот на трговското присуство на Франција во Европска Турција и предлози за подобрување на француското трговско и економско влијание во овој дел од Отоманската Империја.

9. 1925-1926 г. Сигнатура: 1913

Копии од повеќе изданија (1925 и 1926 година) на весникот „Македонско сознание" - орган на Македонската федеративна организација: написи за тешката состојба во трите делови на Македонија и за асимилационата и насилна политика на бугарските, српските и грчките власти кон македонското население; написи посветени на споровите меѓу македонските организации и меѓусебните убиства на членовите на овие организации.

*Јазик: **бугарски**, француски, германски, албански, полски*

*ЗАБЕЛЕШКА : Микрофилмуваната архивска граѓа е на француски јазик. Доколку на одредена микрофилмска лента, граѓата е на повеќе јазици, покрај францускиот јазик, наведени се и останатите јазици, при што посебно е нагласен јазикот кој преовладува.*

# ШВАЈЦАРИЈА
# SUISSE

## КАНТОНСКА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА - ЛОЗАНА
## BIBLIOTHEQUE CANTONALE ET UNIVERSITAIRE - LAUSANNE

*Број на микрофилмови: 7*

*Содржина:*

1. 1918-1919 г. Сигнатура: 138

***ФОНД: ДОКУМЕНТИ ОД МАКЕДОНСКИТЕ ДРУШТВА ВО ШВАЈЦАРИЈА***
***DOCUMENTS DES SOCIETES MACEDONIENNES EN SUISSE***

Материјали на македонските друштва („Македонија на Македонците", „Вардар") во кои се бара - апелира до цивилизираниот свет независност на Македонија; потпишување на апел; слика за ситуацијата во Македонија; се бара помош во борба за независност; активност на друштвата во швајцарскиот печат; преписка во врска со списанието „Независна Македонија".

2. 1918-1919 г. Сигнатура: 139

Материјали на уредништвото на списанието „Независна Македонија"; исечоци од весници со статии кои се однесуваат на Македонија; чл. 51 на Сен-жерменската спогодба, која се однесува на правата на малцинствата; интереси за Македонците - ранети и заробени; Мировна конференција во Париз; апел „Про Македонија".

3. 1919 г. Сигнатура: 140

Барање до Мировната конференција во Париз за решавање на македонското прашање; проблеми во Генералното собрание; Статут на македонското друштво „Вардар"; Статут на Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија; Статут и правилник на политичкото друштво „Македонија на Македонците"; преписка на Генералниот совет со претседателот на САД и барање делегација да присуствува на Париската мировна конференција; протест против регрутирањето на Македонците во српска и грчка војска.

4. 1918-1919 г. Сигнатура: 141

Преписка на македонските друштва во Швајцарија; информации околу „Независна Македонија“; меѓународната активност на друштвата; Статут и правилник на „Македонското друштво за независност на Македонија“; предлог за одржување на вонредно собрание на друштвата и конфликт на членовите; одлуки од редовното собрание на друштвото „Македонија“ - Лозана; податоци за друштвото „Македонија на Македонците“ - Цирих.

5. 1919 г. Сигнатура: 142

Преписка на македонските друштва; генерално собрание на Советот; односот и конфликтот на македонските друштва со Советот; исклучување на друштвото „Македонија на Македонците“; конфликт на друштвото „Македонија“ - Лозана и исклучување на Советот; преписка со претседателот на македонските братства во Софија.

6. 1919 г. Сигнатура: 143

Апел до цивилизираниот свет „Про Македонија“; меѓународна активност на друштвата; список на членовите на Генералниот совет.

7. 1918-1919 г. Сигнатура: 144

Записник на генералното собрание на трите македонски друштва - конституирање на Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија, за избраното претседателство и определени целите на Советот; записници на Генералното собрание од бр.1-18; Друштвото на народите во Женева; Мешовита бугарско - грчка комисија за иселување.

*Јазик: француски*

## УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА - ЖЕНЕВА
## BIBLIOTHEQUE UNIVERSITAIRE - GENEVE

*Број на микрофилмови: 2*

*Содржина:*

1. 1900-1906 г. Сигнатура: 146

***ФОНД: ВЕСНИЦИ „LA MACEDOINE“ бр.1-46, „L ` EFFORT“ бр.1-23***
***PUBLICATIONS „LA MACEDOINE“ No 1-46, „L’EFFORT“ No 1-23***

Весник „Ла Мацедоине“ - Париз /1905-1906/ бр.1-46 - орган на легитимните побарувања за сите Македонци; статии, настани во Македонија, животот во Македонија, турските свирепости во Македонија; за пропагандите на соседните земји; за даноците; за македонската емиграција.
Весник „Л ` ефорт“ - Женева /1900-1901/ бр.1-23 - статии кои се однесуваат на Македонија.

2. 1899 г. Сигнатура: 149

***ФОНД: ВЕСНИК „LA MACEDOINE“ бр.4 - 5***
***PUBLICATION „LA MACEDOINE“ No 4-5***

Бр. 4 - известување дека весникот ќе се издава во Женева; Македонски конгрес во Женева.
Бр. 5 - различни статии; задачи на Македонскиот конгрес во Женева; писма од Македонија.

*Јазик: француски*

## БИБЛИОТЕКА И АРХИВ НА ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ - ЖЕНЕВА
## BIBLIOTHEQUE ET ARCHIVES DE LA SOCIETE DES NATIONS - GENEVE

*Број на микрофилмови: 29*

*Содржина:*

1. 1906-1933 г. Сигнатура: 145

***ФОНД: ДРУШТВО НА НАРОДИТЕ***
***SOCIETE DES NATIONS***

Закон за конзервација, склучен меѓу Кралството СХС и Кралството Грција, текст од Законот и протоколите за српска слободна зона во Солун; податоци за румунските школи во Србија и за црквите во Македонија; петиција на македонските студенти; за српско - бугарските односи; спогодба Југославија - Бугарија, 1930 год., за одржување на редот на границата; петиција на „Балкански комитет“ - Лондон; верско прашање во Јужна Србија; белешки во врска со атентатот на Иван Михајлов.

2. 1920-1928 г. Сигнатура: 1918

***ФОНД: МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ВО ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ***
***LA QUESTION MACEDONIENNE ENTRE LES DEUX GUERRES MONDIALES DANS LA SOCIETE DES NATIONS***

Материјали на Друштвото на народите, петиции и резолуции во врска со положбата на бегалците и иселениците; ропството на Македонците во Грција, барање помош од Друштвото на народите; положбата на македонските бегалци во Бугарија, Грција и Македонците под српска власт; резолуција на Друштвото на македонските жени во Бугарија - основачки конгрес; конгрес на Сојузот на здруженијата на македонските емигранти во Бугарија, конгрес на организацијата „Илинден“; Декларација на македонските политички организации во САД и Канада; Здружение на македонски студенти во странство; Меморандум на ВМРО.

3. 1919-1930 г. Сигнатура: 1919

Материјали на одделот за малцинства на Друштвото на народите; во врска со положбата на населението од Македонија под српска и грчка власт; преписка во врска со Меморандумот на ЦК на ВМРО; интервенции на странските делегации да се смири положбата во Јужна Србија; „Лига на Битолчани“; Закон за школство во Грција; преписка во врска со „АБЕЦЕДАРОТ“.

4. 1919 - 1930 г. Сигнатура: 1925

***ФОНД: МЕШОВИТА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУСЕБНА ГРЧКО - БУГАРСКА ЕМИГРАЦИЈА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ***
***COMMISSION MIXTE POUR L’EMIGRATION RECIPROQUE GRECO-BULGARE DU SECRETARIAT DE LA SOCIETE DES NATIONS***

Преписка во врска со работата на Мешовитата комисија; бугарско - грчкиот договор за иселување; наименување на членовите на Комисијата; формулари за иселениците; записници од седниците; чл.14 од Договорот за малцинства; доверлива преписка во врска со наименување на претседател на подкомисии.

5. 1925-1931 г. Сигнатура: 1926

Преписка на членовите на Друштвото на народите - Одделот за малцинства; работата на Мешовитата комисија; список и податоци за селата во Македонија; записници од седниците на Мешовитата комисија; грчко - бугарски договор за иселување /за имотот на иселените/.

6. 1920-1921 г. Сигнатура: 2112

Седници на Мешовита комисија од бр.1-63.

7. 1920-1923 г. Сигнатура: 2113

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.63-139.

8. 1923-1924 г. Сигнатура: 2114

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.139-197.

9. 1924-1926 г. Сигнатура: 2115

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.198-270.

10. 1926-1927 г. Сигнатура: 2116

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.271-328.

11. 1927 г. Сигнатура: 2117

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.328-354.

12. 1927 г. Сигнатура: 2118

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.354-382.

13. 1927-1928 г. Сигнатура: 2119

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.382-413.

14. 1928 г. Сигнатура: 2120

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.413-441.

15. 1928-1929 г. Сигнатура: 2121

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.440-470.

16. 1929 г. Сигнатура: 2122

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.471-494.

17. 1929 г. Сигнатура: 2123

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.494-514.

18. 1929-1930 г. Сигнатура: 2124

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.515-540.

19. 1930 г. Сигнатура: 2125

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.541-566.

20. 1930-1931 г. Сигнатура: 2126

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.567-595.

21. 1927-1928; 1931-1932 г. Сигнатура: 2127

Записници од седници на Мешовитата комисија од бр.596-625.

22. 1926-1928 г. Сигнатура: 2128

Седници на Финансовиот одбор и смтеководствениот Одбор на Мешовитата комисија.

23. 1922-1931 г. Сигнатура: 2129

Материјали - преписка на Мешовитата комисија за иселување: во врска со пензиите на иселениците; исплата на воените штети; ревизија на ликвидирани досиеја; данок на иселениците; долгови.

24. 1882-1931 г. Сигнатура: 2244

Верски заедници, цркви, манастири во Македонија, Бугарија и Грција; проценки, список на имоти, скици на земјишта; разгледување на проблемите на верските заедници на Советот на

Друштвото на народите; Хашки суд; записници од состаноци на подкомисиите.

25. 1927-1930 г. Сигнатура: 2245

Работа на Мешовитата комисија - проценки на извештаите за добрата, со скици; верски заедници - поврзани со работата на Хашкиот суд; записници на грчката подкомисија; прегледи со разни податоци распределени по околии; разни барања на македонски иселеници.

26. 1920-1930 г. Сигнатура: 2246

Мешовита комисија - проблеми на верските заедници; верски заедници во Македонија, Тракија, Грција и Бугарија; преглед на добрата на заедниците; барање за ликвидација на заедниците; податоци, досиеја на заедниците; записници од работата на бугарската подкомисија.

27. 1923-1931 г. Сигнатура: 2247

Работа на Мешовитата комисија во врска со верските заедници; записници; во врска со Хашкиот меѓународен суд; преглед на досиеја.

28. 1892-1930 г. Сигнатура: 2248

Преписка во врска со верските заедници; преглед на досиеја за ликвидација по градови и села; образложение и заклучоци во врска со заедниците на Хашкиот суд.

29. 1891-1930 г. Сигнатура: 2249

Работа на Мешовитата комисија; записници; досиеја; ликвидација на имотот на иселениците; документи за основање на Света Гора со список на манастирите; извод од Законот за образование на Бугарија; за грчко-бугарскиот договор за иселување; Хашки суд.

*Јазик: француски*